КП 669

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# М А Г И С Т Е Р С К И   Т Р У Д

## ТЕМА: „БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ И НИВНИТЕ ЕВРО – АТЛАНСКИ ИНТЕГРАЦИИ“

**Ментор:**

**Проф д-р Борче Илиевски**

**Кандидат:**

**Оливер Илијев**

**Скопје, 2017**

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

# ВОВЕД

Обединета Европа некогаш претставуваше идеја за која што сонуваа филозофите и визионерите. Виктор Иго[1] (наречен барон на писателите) во средината на XIX век бил инспириран од хуманистичките идеали и замислуваше мирни „Обединети држави на Европа''. Неговиот сон го разбија две светски војни кои што беснееја на континентот каде што голем број на човечки животи беа изгубени, а многумина останаа без своите родни живеалишта[2].

Но, од урнатините и пепелта од Втората светска војна се роди надеж дека лошто минато ќе се заборави. Луѓето кои што за време на Втората светска војна му се спротивставуваа на тоталитаризмот, беа одлучни да стават крај на омразата и ривалството во Европа, со цел да изградат траен мир меѓу поранешните непријатели. Но, повторно Европа беше поделена. По три месеци од завршувањето на Втората светска војна, на конференцијата одржана во Потсдам, Советите ги прекршиле демократските права во државите кои што потпаднале под нивна свера на влијание и наметнале своја форма и уредување. Советскиот лидер Сталин бил против тоа некој да се меша во уредувањето на државите од Источна Европа, каде што била извршена советизација, а со тоа Советите станале хегемон држава во Европа. Соединетите Американски Држави биле единствената држава која што можела да ја сопре советската хегемонија, која што започнала рапидно да се шири насекаде низ Европа, а имала за цел да ја наметне својата форма на власт (социјализмот) во државите од Западна Европа, особено во Италија и Франција каде што зајакнало социјалистичкото движење. За да го наметнат своето влијание Соединетите Американски Држави врз поголемиот дел од државите во Европа, се стремеле да ја зајакнат нивната економија, која што доживеала крах по Втората светска војна, и го спровела „Маршаловиот план'', со што Соединетите Американски Држави одвоиле 16.4 милијарди долари од кои што 3.2 милијарди завршиле во возобновувањето на индустријализацијата во

[1] Француски писател од XIX век,

[2] Џ. М. Робертс, Европа 1880 – 1950, Београд, Clio, 2002, 111, 124,

Западна Германија. Како реплика на Маршаловиот план Советите го спроведуваат „Молотов план"[3], за помош на пропаднатото стопанство на државите на народната демократија т.е. сателити на Советскиот Сојуз и го формираат СЕВ (совет на взаемна економска помош)[4].

Гледајќи ја опасноста од големите империјалистички сили, во периодот од 1945 до 1950 година неколку храбри државници од Западна Европа, со цел да го тргнат советското и американското влијание, меѓу кои што се Конрад Аденауер, Винстон Черчил[5], Андре де Гаспиери и Роберт Шуман започнаа да ги убедуваат своите граѓани да зачекорат во нова ера. Тие зборуваа за еден нов поредок во Западна Европа, систем кој што би се темелел врз заедничките интереси на западноевропските народи и би се засновал врз договори со кои што гарантирало владеењето на правото и еднаквоста меѓу сите држави[6].

Роберт Шуман, француски министер за надворешни работи, се зафати да ја истапува идејата која што беше првично зачната од Жане Моне и во 50 - тите години на XX век предложи создавање на Европска заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ). Државите кои што некогаш ги имаа вперено пушките меѓу себе станаа пријателски и имаа за цел да го здружат производството на јаглен и челик под капата на еден заеднички „Висок управен орган". На еден практичен и многу симболичен начин, суровините на Втората светска војна се претворија во инструмент на помирување и постигнување на траен мир[7].

Овој смел и благодарен подвиг постигна голем успех. Тој претставуваше почеток на мирна соработка меѓу државите на Европската заедница во последниот век. Договорот од Мастрих ги зајакна во целост институциите на Европската заедница доделувајќи им пошироки надлежности, со цел да се создаде Европската Унија (ЕУ) како таква. Европската заедница напорно работеше, најнапред да ѝ помогне на Германија да се обедини, по падот на Берлинскиот ѕид (9. X. 1989 година). Кога на 31. XII. 1991 година се расападна СССР, државите од Централна и Источна Европа кои што минаа многу децении под власт на Варшавскиот Пакт, полека зачекорија кон ново

[3] Вјачеслав Молотов (1890 – 1986), министер за надворешни работи на СССР (1939 – 1949),
[4] Исто, 125 – 131,
[5] Винстон Черчил (1874 – 1965), премиер на Велика Британија (1940 – 1945), (1951 – 1955), добитник на нобелова награда за литература (1953),
[6] Исто, 133,
[7] Исто, 135,

општествено – капиталистичко уредување, кое што придонесе за исчезнување на железната завеса која што го одделуваше истокот и западот. Поранешните држави на народната демократија сосема природно одлучија нивната иднина да лежи во приклучокот кон заедницата[8].

Од Втората светска војна Европа излегла разурната, а од друга страна Соединетите Американски Држави излегле економски зајакнати, со јака индустрија и како најмоќна воена сила се поставиле како најмоќен меѓународен фактор. За разлика од нив Франција и Велика Британија (иако биле победнички во Втората светска војна) биле економски значително ослабени. Особено била разнишана нивната колонијална состојба. Во новата консталација на силите тие можеле да играат второстепена улога. Велика Британија иако била водечка сила на Антихилеровата коалиција, економски била исцрпена и загубила 30% од нејзиното национално богатство[9]. Нејзината економска моќ уште повеќе била ослабната со започнувањето на уште еден бран на антиколонијални движења на народите кои што биле под британска власт во Азија и Африка[10].

Франција од Втората светска војна излегла со уште потешка економска состојба од Првата светска војна. По отворањето на Вториот фронт во Европа, завршните операции кои што биле водени на нејзинината територија, со што настрадале повеќе градови и индустриски центри. Нејзиното индустриско производство во 1946 година било намалено за 46% во однос на 1940 година[11]. Користењето на економските потенцијали во колониите опаднало, па Франција се нашла во незавидна економска положба во колониите, бидејќи имала повеќе приходи од расходи. По Втората светска војна владата во Франција била принудена да испраќа големи воени сили во колониите кои што покажале тенденција за ослободување од француската власт. Поради зајакнатото социјалистичко движење во Франција (и со цел да не потпадне под советско влијание), француските власти ги промениле ставовите и започнале да соработуваат со Соединетите Американски Држави и Велика Британија, особено на стопански и воен политички план[12].

---

[8] Исто, 136,

[9] John Barnet, Savremeni svet, Beograd, Sloboda, 1983, 26 – 31,

[10] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна, Скопје, Менора, 1999, 12 – 44;

[11] Лакер Волтер, Историја Европе: 1945 – 1992, Београд, CLIO,1999, 53 – 69,

[12] Pol Kenedi, Uspon i pad velikih sila, Podgorica, CID, 1999, 33; Боби митревски, op. cit., 19,

СССР за време на Втората светска војна доживеал големи материјални и човечки загуби, но сепак излегол како јака воена сила, со најмногу копнени сили, кои што располагале со 11 милиони војници, па неговото присуство се чувствувало во поствоена Европа и целиот свет[13]. Уште на почетокот на Втората светска војна СССР бил ангажиран во остварувањето на третата петолетка[14], која што требало да изврши растеж во сите сфери на стопанскиот, општествениот и културниот живот. Во текот на војната во источниот дел на СССР биле изградени 6000 нови индустриски објекти, кои што заедно со природните богатства станале основа за нормално снабдување со оружје на вооружените сили во текот на Втората светска војна[15].

Во потешка состојба се нашле победените држави Германија и Италија. Германија, по потпишувањето на капитулацијата на 9. V. 1945 година престанала да постои како јака воено – економски – индустриска сила[16]. Нејзината територија се нашла под целосна окупација. На Потздамската конференција бил формиран совет на министри за надворешни работи каде што влегле министрите на СССР, Франција, Велика Британија и Соединетите Американски Држави. По недоразбирањето кое што настанало на Потздамската конференција, Германија била поделена на четири окупациони зони. Пролетта 1947 година во Москва се одржал состанок на министрите за надворешни работи на шетирите држави кои што биле заинтересирани за иднината на Германија. Советскиот министер за надворешни работи ги обвинил западните сојузници дека се стремат кон милитаризација на Германија и дека нивна цел била обединување[17]. Откако пропаднала идејата за создавање на единствена управа на 1. V. 1947 година од американскиот, француskиот и британскиот дел била создадена Тризонија. Година - дена подоцна на состанокот во Лондон било донесено решение трите сојузнички дела да се обединат. Тоа бил првиот чекор во создавањето на германската влада, по што било решено во тој дел да се спроведат реформи и да дојде до промена на валутата. Од трите зони била создадена една економска целина и било запрено демонтирањето на индустријата. Германските индустријалци биле пуштени на слобода, им биле вратени фабриките и подоцна почнувале да се вложуваат сретства за реконструкција. Така што до 1951 година биле вложени 4 милијарди долари (од кои

---

[13] Светозар Прибичевиќ, Социјализам како светски процес, Скопје, Култура, 1974, 12 – 47,

[14] Економски – општествен систем воведен во СССР од страна на Ленин,

[15] Charles Bohlen, Svjedok povjesti, Zagreb, Kultura, 1976, 44 – 46;

[16] Anthony Padgen, The idea of Europe, From Antiquity to the European Union, Cambridge, Cambridge University Press, 2002, 24,

[17] John Barnet, op. cit., 43 – 54,

Соединетите Американски Држави дале 3.2 милијарди, Велика Британија 680 милиони, а Франција 15.7 милиони). На 17. VI. 1948 година била извршена и промена на валутата. Од трите окупирани војни била создадена врховна сојузничка влада, а на 21. IX. 1949 година била прогласена Сојузна Република Германија, а за нејзин државник бил поставен Конрад Аденауер[18].

На оваа политика на западните сојузници, СССР одговорил со тоа што го напуштил сојузничкиот контролен совет кој што се распаднал на 20. III. 1948 година. Во советската зона на 7. X. 1949 година бил создаден Парламент. Сепак Советите повеќе ја наметнале власта над германските административни органи, при што на 7. X. 1949 година била создадена Германска Демократска Република, а за нејзин претседател бил избран Вилхелм Пик[19].

Во Европа биле создадени две германски држави со различни општествени уредувања. На териториите на Германија се судриле интересите на двете спротивставени страни, Западот и Истокот[20].

---

[18] Маргарита Пешевска, op. cit., 34;

[19] Charles Bohlen, op. cit., 48;

[20] Исто,

# ГЛАВА I

## ПРВИТЕ НЕСОГЛАСУВАЊА МЕЃУ ЗАПАДОТ И СССР

По завршувањето на Втората светска војна дошло до темелна распределба на политичката, општествената, економската и воената моќ на големите сили со што настанала нова консталација на силите во Европа и светот. Таа состојба имала особено влијание врз развојот на меѓународните односи кои што настанале по завршувањетоо на Втората светска војна. Првите недоразбирања кои што подоцна ќе прераснат во т.н. „Студена војна'' ќе настанат за време на Потздамската конференција, која што се одржала од 17. VII. до 2.VIII. 1945 година. Декларацијата која што претходно била усвоена на Конференцијата одржана во Јалта, не наишла на големи симпатии кај советскиот лидер Сталин[21]. Негова цел било да не дозволи ниту една држава да се меша во советизацијата извршена врз државите од Источна Евртопа[22]. Најголем проблем меѓу сојузниците настанал за понатамошната судбина на Германија[23]. Соединетите Американски Држави биле заинтересирани за обединување на Германија, додека СССР не бил во можност да донесе конечна одлука по тоа прашање. Најважни одлуки кои што требало да се извршат биле: децентрализација на германското стопанство, уништување на германската воена индустрија и Германија да плати дваесет милијарди долари од кои на СССР требало да му припаднат половината. Советскиот лидер се надевал дека и по завршувањето на војната ќе продолжат добрите односи меѓу СССР и Соединетите Американски Држави кои што биле создадени за

[21] Светозар Прибичевиќ, op. cit., 42; М. Олброу, Глобалната епоха. Държавата и обществото отвъд модерността, София, 1996, 51 – 100; Зигмунд Бауман, Глобализацията. Последиците за човека, София, 1999, 36 - 51; Брубейкър, Национализмът в нови рамки. Националната общностост и националният въпрос в Нова Европа, София, 2000, 88, 108 – 109, 188; Д. Петкова, Национална идентичност глобализация, София, 2000, 71 – 100; Балканите като метафора. Между глобализацията и фрагментацията, София, 2004, 35 – 81,

[22] Антихитлеровската коалиција се распаднала неколку месеци по наведенава конференција,

[23] Маргарита Пешевска, op. cit., 1999, 35 – 40,

време на војната, (кога со државата претседавал Франклин Делано Рузвелт[24]), но сепак со доаѓањето на новиот американски претсдател Хари Труман[25] и тоа како се намалила можноста за натамошна соработка[26].

Веднаш по завршувањето на војната во Соединетите Американски Држави ќе се појават политички сили кои што ќе бидат против коалицијата со СССР. Според нив, со СССР требало да се преговара само од позиција на сила. Тие не сакале да ја признаат објективната ситуација дека СССР се поставил како сила која што ќе им парира, т.е. соперник и носител на поинакво општествено уредување, што придонесол за нови гледишта на американската улога во светот и го забрзал создавањето на новата американска политика во однос на новосоздадениот свет. Американскиот претседател Труман сакал на СССР да му наметне улога на второстепена држава, што било во спротивност на Сталиновиот концепт за прераснување на СССР во голема сила со рамноправен статус со другите големи сили (победнички од војната). Хари Труман советските политички интереси ги изедначи со начелата на комунизмот како идеологија. Тоа довело до силен бран на антикомунизам, како идеолошка подлога на американската надворешна политика. Во оваа насока одела и теоријата на Сталин за постоење на два антигонистички табори и тоа комунистички и капиталистички, бидејќи меѓу нив во секој момент можело да отпочне војна[27].

Водечките сили на Запад го прифатиле гледиштето на Сталин[28] за суштина на судирот меѓу Исток и Запад. Западните сили, СССР се повеќе го поистоветувале со комунизмот како идеологија. Таквата советска политика насочена кон широка пенетрација на комунизмот се повеќе ги уверувала американските кругови во неможноста од воена соработка со СССР[29]. Руската комунистичка идеологија не поставувала граница на советското напредување и доминацијата во светот, независно од декларативната изјава на Сталин „дека ние нема никому, па ни на словенските народи да го нудиме нашиот режим, ниту ќе се вмешаме во внатрешните работи на тие

---

[24] Франклин Делано Рузвелт (1882 – 1945), триесет и втори претседател на Соединетите Американски Држави (1933 – 1945),

[25] Хари Труман (1884 – 1972), триесет и трети претседател на Соединетите Американски Држави (1945 – 1953),

[26] John Barnet, op. cit., 23; Боби Митревски, op. cit., 21; Тони Петрески, Зоран Нацев, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, Скопје, Филозофски Факултет, 2013, 9 – 48,

[27] Charles Bohlen, op. cit., 39 – 48; Боби Митревски, op. cit., 49.

[28] Јосиф Висарионович Џугашвили Сталин (1878 – 1953), претседател на СССР (1922 – 1952),

[29] Светозар Прибичевиќ, op. cit., 43,

народи''[30]. На западните држави цел им била СССР да го отстрани воено – политичкото влијание во државите од Источна Европа. Во Источна Европа, Советите анектирале 273.000 квадратни метри територија. Во летото 1945 година воспоставиле комунистички влади во Полска, Романија и Бугарија. Исто така, работеле и на тоа и во Унгарија и Чехословачка да воспостават свој режим. Поставувале територијални барања кон Турција и го поддржувале бунтот против ројалистичкиот режим во Грција[31]. И покрај ветувањата што ги дал советскиот лидер Сталин на конференцијата одржана на Јалта, дека во овие држави по војната ќе организира слободни избори не се реализирало, па во овие држави Советите и нивните истомисленици ја приграбиле власта. Сталиновата политика била свртена кон јакнење на советската држава, бидејќи не била во можност да дејствува на глобален план, со политички и економски средства, се задоволил со задржување на териториите до каде што стигнала Црвената армија, тие територии да потпаднат под советско влијание. Притоа, ја застапувал тезата дека новиот квалитет на Втората светска војна е во тоа што заедно со своите освојувања се носи и подобар нов општествено – политички и економски напредок[32].

---

[30] Исто, 44,

[31] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, том 2, XX век, Скопје, Нип Лист, 1999, 34; Боби Митревски, op. cit., 22,

[32] Свет после Другог светског рата, 2, Београд, Слобода, 1975, 51 - 100; Боби митревски, op, cit., 30,

# 2. ПРЕДУСЛОВИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА БЛОКОВИТЕ (ПОЧЕТОК НА СТУДЕНАТА ВОЈНА)

Паралелно со заострувањето на општествено – политичките спротивности во Европа започнало групирање на силите околу две спротивставени страни. Тоа довело до т.н. Студена војна која што не била војна во техничка или правна смисла ниту пак мир во пракса. Таа пред се била политичка војна која што многу малку и било потребно да прерасне во вооружена, во светот би настанала нова „Трета светска војна''[33]. Водечките сили постојано изготвувале планови за престојниот светски судир. Пентагон веднаш по војната дал претпоставка дека во 1952 година ќе отпочне воен судир со СССР. Сите области во раниот период на студената војна биле подредени на политички разлики и стратегиско спротивставување на двете спротивставени страни[34].

Меѓусебната доверба помеѓу Соединетите Американски Држави и СССР била зголемена кога американскиот државен секретар Џон Барнс во својот говор во Штутгарт во септември 1946 година имал за цел да ги привлече сите држави кои што се анти – советски ориентирани. СССР бил заинтересиран кон нови општествено – политички промени во светот и тој давал поддршка на сите народи кои што сакале да извршат вакви промени[35]. Наспроти него Соединетите Американски Држави биле против понатамошните промени во светскиот поредок. Големите сили имале за цел да ги заштитат своите интереси, преку оневозможување на спротивната страна да добие меѓународна предност[36],.

На прашањето кој прв од големите сили ја започнал студената војна, тешко може да се даде точен одговор, бидејќи двете страни се обвинувале дека другата страна ја започнала војната. Некои тврдат деда говорот на Винстон Черечил[37] одржан на

[33] Radovan Vukadinović, Hladni rat i Evropa, Zagreb, Kultura, 2000, 66 – 78; Ерик Хобзбаум, Доба на крајности, 1, 166 – 216, 2, 347 – 493, 573 – 616, 3, 627 – 674, 784 – 783, 881 – 926; Eastern Christianity and the Could War, 1945 – 1991, Routledge, London, New York, 2010, 90 – 100,

[34] Боби Митревски, op. cit., 31.

[35] Маргарита Пешевска, op. cit., 43,

[36] John Barnet, op. cit., 45 – 74; Боби Митревски; op. cit., 44,

[37] Поранешен премиер на Велика Британија,

Универзитетот во Фултон во државата Мисури, во март 1946 година во кој што биле дадени оценките на состојбите во повоените меѓународни односи било првата најава за студената војна[38]. Целта на овој говор била да се намали советското влијание во светот, особено во Европа, а тоа требало да се направи со заедничко дејствување на западните сили. Винстон Черчил ги повикал на соработка народите кои што зборувале англиски јазик. При тоа мислел на меѓусебно поврзување на Велика Британија и Соединетите Американски Држави. Во говорот бил обвинет СССР дека на народите во Источна Европа им наметнува тоталитарен режим и ги повикал Американците и сите слободољубни народи да му дадат отпор на комунистичкиот тоталитаризам. „Не треба да се чека и да се гледа што се случува''[39]. Не треба да се задоволиме со политиката намирољубивост зашто политиката на Советска Русија ги сака плодовите од војната. Потребата од создавање на западен сојуз ја образложил со зборовите: „од Шчечин на Балтичкото Море до Трст на Јадранското Море железната завеса падна на европскиот континент''[40]. Сите тие славни градови и населението околу нив потпаднаа и се наоѓаат во советска зона и се препуштени на оваа или онаа форма, не само на советското влијание, туку и на многу висок степен на непосредна контрола од Москва. Винстон Черчил нагласил дека тоа не била онаа слободољублива Европа за која што се бореле во текот на војната, ниту пак таквата Европа била извор за траен мир[41].

---

[38] Маргарита Пешевска, op. cit., 24,

[39] Pol Kenedi, Uspon i pad velikih sila, Podgorica, CID, 1999, 59 – 71,

[40] Edgar Morin, Kako misliti Evropu, Sarajevo, Svetlost, 1989, 46,

[41] Боби Митревски, op. cit., 25,

# 1.СОЗДАВАЊЕ НА СЕВЕРНО – АТЛАНСКИ ПАКТ (НАТО)

Со цел да се заштити Западот од опасноста која што надвиснала од истокот т.н. комунистичка опасност, Соединетите Американски Држави како лидер и државите од Западна Европа ќе создадат сојуз кој што пред се ќе има воено – политичка цел, кој што ќе биде наречен „Северноатлански пакт” **„НАТО”.** На 11. VII. 1948 година од американскиот Конгрес била донесена „Вандербегова резолуција” со која што од Соединетите Американски Држави се барало да се поврзат со државите од Западна Европа за заедничка борба против ширењето и прифаќањето на комунизмот. Сенаторот Ванденберг успеал  да го убеди конгресот не само да даде воена помош, туку со усвоениот закон врз база на поднесена резолуција, дозволил Соединетите Американски Држави да пристапат кон регионалниот систем на европска безбедност[42]. Со овој закон Соединетите Американски Држави започнале да преговараат со државите од Западна Европа за создавање на Северноатлански пакт. Седум држави од Западна Европа и Северна Америка кои што го подготвувале нацрт текстот и кои што се основачи се: Канада, Франција, Велика Британија, Белгија, Холандија, Луксембург и Соединетите Американски Држави, а главна личност која што го составиланацрт планот бил американскиот претставник Дин Ачисон, кој што по повлекувањето на Џорџ Маршал[43] ја презел неговата функција на почетокот на 1949 година[44]. Претходница на Северно – Атланскиот пакт бил „Бриселскиот договор”, кој што бил склучен на 17. V. 1948 година од страна на: Велика Британија, Франција, Холандија и Луксембург. Негова задача било предвидувањето на воена соработка на државите од Западна Европа и бил без присуство на Соединетите Американски Држави. Со цел Соединетите Американски Држави да се вмешаат на европско тло, американскиот Конгрес одобрил воена опрема за испраќање во Европа, како заем, со цел Соединетите Американски Држави активно да се ангажираат во реализирањето на нивната идеја и да го сопрат налетот на комунизмот, но од друга страна Соединетите Американски Држави се

[42]John Barnet, op. cit., 54; Годишен зборник на Филозофски Факултет, Скопје, Книга 63/2010, 475 – 487; Тони Петрески, op. cit., 61 – 69,

[43] Џорџ Маршал (1880 – 1959), педесетти претседател на Соединетите Американски Држави (1947 – 1949),

[44]Branko Boroevič, Druga strana sveta, Beograd, Sloboda, 1959, 39 – 64,

издигнале како хегемон над западната алијанса[45]. Главна цел на Соединетите Американски Држави била поефикасно влијание во општествено – политичкиот живот на сојузниците, со цел да можат поефикасно да се спротистават на социјалистичките држави и државите во развој. Врз основа на резолуцијата од 4. IV. 1949 година бил формиран Северноатланскиот пакт „НАТО" во Вашингтон кога министрите за надворешни работи на дванаест држави на: Соединетите Американски Држави, Велика Британија, Норвешка, Исланд, Данска, Белгија, Италија и Португалија ја потпишале резолуцијата, каде што се потенцирале целите и намерите на западните држави. Цел на државите членки на НАТО била да се зачува стабилноста и благосостојбата и да ја обединат својата сила за заедничка борба за зачувување на мирот и безбедноста. Во државите членки на НАТО пактот била спроведена капиталистичка форма на власт и сé верувало дека приватниот имот на своите поседи и работи ќе му припаднат на еден сопственик. НАТО пактот на почетокот бил создаден како организација со регионален карактер, но потоа се покажало дека неговото влијание е далеку поголемо[46].

## 2.Создавање на Варшавскиот пакт

Како против тежа на Северно атланскиот пакт, државите од Источна Европа ќе го формираат „Варшавскиот пакт" кој што ќе биде под целосно советско влијание. Варшавскиот пакт настанал како супер – тежа, а претставувал одговор на воено – политичкото поврзување на западните капиталистички држави. Непосреден повод за формирање на пактот било вклучувањето на Сојузна Република Германија во НАТО пактот. Советите превзеле поконкретни мерки за да го спречат потегот на Соединетите Американски Држави и западните држави[47]. Но сепак нивните одлуки биле залудни во спречувањето на воено – политичкото здружување на западните држави. Тоа наишло на спротивставување од страна на Западот. По смртта на советскиот лидер Сталин, државите од Источна Европа пројавиле интерес за меѓусебно воено – политичко

[45] Исто, 65,
[46] Маргарита Пешевска, op. cit., 43.
[47] John Barnet, op. cit., 76,

поврзување, каде што дошло и до големи промени во партиската и државната власт. Главна личност која што била директно поврзана со промените кои што настанале и човек кој што ќе биде творец на Варшавскиот пакт бил Никита Сергеевич Хрушчов, кој што бил избран за прв секретар на КПСС. Тој подоцна ќе застане на чело на највисокото тело во СССР, Президиумот на Врховниот совет[48]. Во 1953 година се одржале промени по одржаните избори во Соединетите Американски Држави, шефот на државата Труман бил сменет од републиканскиот претседателски кандидат Ајзенхауер[49], кој што за време на кампањата бил антисоветски настроен, ги осудил Советите како окупатори на државите на Народна Демократија[50]. Со цел новото раководство на СССР да го наметне своето влијание врз социјалистичките држави, ќе спроведе сосема друг метод кој што бил спротивност на Сталиновиот, бидејќи сите политички затвореници ќе бидат рехабилитирани. Главна цел на новото советско раководство било да обезбеди безрезервна поддршка во владите на социјалистичките држави, како и да ја наметне повторно советската политика. Цели на државите од Варшавскиот пакт биле сојузот да претставува форум каде што сите држави членки ќе можат да ги изразат своите политички ставови, да се намали советската доминација и да се избегне советското незадоволство. Како претходница на Варшавскиот пакт била одржана конференција на 29. XI. 1954 година во Москва, каде што присуствувале делегации на: СССР, ЧССР, Германска Демократска Република, Унгарија, Романија, Бугарија и Албанија, каде што главна цел било да се осигура мирот и безбедноста во социјалистичките држави[51]. Во Варшава (Полска) на 14. V. 1955 година е потпишан „Варшавскиот пакт" од социјалистичките држави, кои што и понатаму останале сателити на СССР, а притоа бил создаден политички сојуз за пријателство и взаемна соработка. Договорот имал за цел: доколку на една држава и биде загрозена внатрешната безбедност сите држави воено да учествуваат. Подоцна и други држави кон задачите на договорот изразиле симпатии. Договорот бил склучен на десет години со можност да се продолжи со уште десет години и било предвидено да се создаде

---

[48] Никита Сергеевич Хрушчов бил советски лидер по смртта на Сталин. Бил прв секретар на КПСС од 1953 до 1964 година и Премиер на СССР од 1958 до 1964 година.Поради неговата либерална програма бил осуден од страна на советската тајна служба НХВД во куќен притвор до крајот на својот живот до 1971 година.

[49] Двајт Ајзенхауер (1890 – 1969), триесет и четврти претседател на Соединетите Американски Држави (1953 – 1961),

[50] Socijalizam, broj 5, maj 1966, Beograd, 91 – 100; Светозар Прибичевиќ, op. cit., 46; Međunarna politika, broj 982, 1 III 1991, Beograd, 27,

[51] Маргарита Пешевска, op. cit., 47,

команда на вооружените сили на одбраната на државите на пактот и биле под команда на командати кои што секогаш биле од СССР[52].

Со доаѓањето на Хрушчов за лидер на СССР, сакал да ја промени надворешната политика, превзел иницијатива за свикување на Конференција за разоружување, со цел да се намалат големите инвестиции кои што непотребно биле наменети за изработка на наоружување. Конференцијата била одржана на 18. VII. 1955 година во Женева од страна на министрите на двете држави[53]. Соединетите Американски Држави мислејќи дека СССР ја изгубиле битката во вооружувањето побарале да се разгледа прашањето за слобода на мислењето во државите на Народната Демократија, да се одлучат дали сакаат слободно да ја променат формата на власт. Тоа за Советите претставувало директно мешање во нивната политика и повторно го промениле курсот во однос на Соединетите Американски Држави и друга цел на Соединетите Американски Држави и тоа како наишла на остро негодување било НАТО пактот да биде доминантен, а Варшавскиот пакт да биде второстепен.

# ГЛАВА III

[52] Боби Митревски, op. cit., 27,
[53] John Barnet, op. cit., 29,

# ПОЛИТИЧКАТА И ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА ВО ДРЖАВИТЕ НА НАРОДНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Големите сили на Конференцијата во Јалта ги поделиле европските сфери на влијанија. Во сферата на влијание на СССР влегле: Полска, Чехословачка, Романија, Бугарија и Источна Германија. Советскиот лидер им ветил на сојузниците дека ќе ги почитува одредбите на Атланската повелба[54] и дека ќе дозволи по војната овие држави да воведат такво уредување какво што ќе се изјасни мнозинството од населението во нивните држави. Но веднаш по завршувањето на војната се видело дека Сталин нема намера да го исполни ветувањето и дека нема да ја почитува атланската повелба. Црвената армија останала во државите на Источна Европа и со нејзината помош СССР требало да наметне комунистички општествен систем, со цел да застане на патот на западните држави, да не се мешаат во внатрешните работи во овие држави[55]. Требало да им се докаже на овие држави дека без помошта на СССР тие не биле во состојба да се ослободат од фашизмот. Затоа во државите од Источна Европа биле извршени промени во општествено – политичкиот и општествениот живот, како и во државниот апарат[56]. Владите во овие држави со помош на НКВД[57], од СССР имале право да ги гонат воените злосторници, била извршена национализација на имоти и аграрна реформа. НКВД можела да врши контрола во сите установи, а за контрола на економијата во овие држави биле формирани мешовити претпријатија. Големо влијание СССР имал во внатрешните работи на државите сојузнички. Советските амбасадори имале право да ги повикуваат на разговори раководните лица на владите како и видни членови на комунистичките партии им „нуделе'' решенија, а ако некои од раководителите им се спротивставувале биле прогласувани како предавници т.е. државни непријатели и веднаш биле сменети[58].

---

[54] Атланската повелба е политичка декларација потпишана на воен брод во близина на островот Њу Фаундленд од страна на Винстон Черчил и Франклин Делано Рузвелт со цел поорганизирано учество во Втората светска војна и по војната секоја држава сама да си ја определи формата на државно уредување,

[55] Ivan Berend, Centralna i Istočna Evropa, Podgorica, CID, 2001, 33,

[56] Branko Boroevič, op. cit., 45,

[57] НКВД (на руски јазик: Народный комиссариат внутренних дел) во СССР била скратеница за Народен комесаријат за внатрешни работи,

[58] John Barnet, op. cit., 67.

СССР користејќи ја атмосферата создадена во виорот на студената војна, ги ставил под контрола Источноевропските држави и им ставил своја форма на водење на внатрешна и надворешна политика. Ова многу негативно делувало во општествено – политичкиот живот бидејќи допринело за зголемување на омразата кон СССР и наметната идеологија[59].

Политиката на Сталин за реализирање на своите интереси во државите од источниот блок, имала потреба од некаков инструмент кој што требало да врши информации и консултации во државите каде што била извршена советизација. За таа цел било формирано „Информационо биро" **(КОМИНФОРМ).** Преку Информационото биро можело врз согласност на партиите да се координира дејноста на одредени прашања[60]. Основачкиот состанок бил одржан како информативно советување на претставници на девет комунистички партии. Состанокот бил одржан во Полска и на него присуствувале претставници на комунистичките партии од: СССР, Југославија, Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, Бугарија, Италија и Франција. Состанокот траел една недела, а на него не учествувале албанската, грчката (поради граѓанската војна во Грција) и источногерманската комунистичка партија. На состанокот биле прифатени повеќе декларации од кои што најважна била „декларацијата за меѓународната декларација"[61]. Во неа била потенцирана улогата на комунистичките и работничките партии како да дејствуваат во затегнатите меѓународни услови во кое што се нашло европското општество. И од нив се барало „да застанат на чело на отпорот против империјалистичката агресија, со цел да ги соберат околу себе сите демократски сили"[62]. Со тоа теоретски бил направен концепт за поделба на светот на два табори кои што биле идеолошки различни. Особено бил критикуван маршаловиот план и бил оценет како „европска инвазија". Најјаките комунистички партии во западно – европските држави преминале во опозиција и се поактивно се бореле за завземање на власта[63]. Тоа допринело до зголемување на спротивставувањата меѓу големите сили и до разгорување на студената војна. На состанокот била усвоена Резолуција за размена на искуства и координација на активностите на партиите. Оваа резолуција била составена од рефератот на премиерот

---

[59] Исто, 30,
[60] Прибичевиќ, op. cit., 47,
[61] Исто, 48,
[62] Ричард Џ. Кремптон, Балканот по Втората светска војна, Скопје, Зеница, 2012, 17 – 43,
[63] Branko Boroevič, op. cit., 50,

на Полска Владимир Гомулка[64], (личност – најголем противник за основањето на оваа организација), каде што биле зацртани задачите на Информбирото кои што биле: организирана размена на искуства и взаемна координирана активноста на комунистичките партии и меѓусебна согласност. Секоја држава членка во бирото имала право да делегира по два члена, а секоја партија ги поставувала и менувала своите претставници со што требало да се покаже самостојноста на партиите, а била и донесена одлука седиштето на Информбирото да биде во Белград[65].

Но задачите на Информбирото не дошле до израз по судирот со КПЈ. Судирот прераснал во судир на Југославија со сите држави советски сателити, а како главен повод се смета дека била откажана послушност кон Сталин[66]. Не можејќи да ја наметне својата доминација врз Југославија, во јуни 1948 година Информибото превзело иницијатива за донесување на „Резолуција'' против КПЈ. Во неа КПЈ била обвинета дека станала оружје на агресивна империјалистичка политика наметната од Западот, со антикомунистички политички режим од типот на фашизмот. Југославија била исклучена од Информбирото и биле повикани останатите држави (сателити на СССР) да ги прекинат односите со Југославија и да се вклучат во сталиновата кампања против неа[67]. Тогаш советскиот лидер вршел политички притисок кој што се реферирал со мешање во внатрешните работи, непочитување и раскинување на политичките договори, биле нападнати дипломатските претставништва во социјалистичките држави, па Југославија се нашла во тотална изолација и блокада, која што требало да ја прифати сталиновата идеја[68].

---

[64] Владислав Гомулка (1905 – 1982), полски комунистички активист, прв секретар на полската обединета работничка партија (1956 – 1970), прв секретар на полската работничка партија (1943 – 1948),
[65] Маргарита Пешевска, op. cit.; 41, Боби Митревски, op. cit., 30,
[66] Vladimir Dedijer, Izgubljena bitka Josifa Visarijonoviča Stalina, Sarajevo, Svjetlost, 1969, 111 – 276,
[67] Branko Boroevič, op.cit., 53,
[68] Ричард Кремптон, op. cit., 45,

## 1. СТАЛИНОВИОТ ИНСТРУМЕНТ (ЧИСТЕЊЕ) ВАЖЕН ЗА ОДНОСИТЕ НА СССР СО ОСТАНАТИТЕ ДРЖАВИ ОД ИСТОЧНИОТ БЛОК

Сталиновото раководство ја искористило пресметката со Југославија за да се пресмета со останати противници во државите на Народната Демократија, кои што се спротивставувале на неговата доминација и биле превземени мерки за отстранување на напослушниот елемент и заведување ред[69].

Во источноевропските држави биле организирани чистки преку политички монтирани процеси, прогонување и терор над видни личности. Овој план бил спроведен од блискиот соработник на Сталин, Лаврентиј Берij[70], кој што бил министер за државна безбедност и член на политичкото биро на КПСС. Во овие држави наоѓал жртви и преку монтирани процеси ја докажувал нивната вина, а вообичаено жртвите биле од потесните раководства на партиите[71].

При тоа, настрадале видни личности од комунистичките партии и државните раководства во овие држави: Георги Димитров во Бугарија, Георги Георгиу Деж[72] во Романија, но и во останатите држави[73].

## 2. БУГАРИЈА ЗА ВРЕМЕ НА СТАЛИНОВИТЕ ЧИСТКИ

По влегувањето на Советите на 8. IX. 1944 година Бугарија потпаднала под советско влијание. За прв премиер на Бугарија бил избран Ѓорѓи Димитров, а неговиот најголем ривал Иван Петков бил убиен под обвинение дека соработувал со Запад. По

[69] Charles Bohlen, op. cit., 113 – 117.
[70] Лаврентиј Берij (1899 – 1953), прв вицепремиер на советот на министри на СССР (1953), министер за надворешни работи на СССР (1953),
[71] Ivan Berend, op. cit., 72; Боби Митревски, op. cit., 32 – 35,
[72] Георги Георгиу Деж (1901 – 1965), генерален секретар на КПР (1944 – 1954, 1955 - 1965), претседател на државниот совет (1961 – 1965), премиер на Романија (1952 – 1955),
[73] Исто, 36 – 39,

судирот со Југославија кој што се случил за време на Информбирото настрадал потпретседателот на бугарската влада и член на Политбирото на ЦК Трајчо Костов. Во јуни бил сменет од функциите и било докажано дека соработува со британските известителни служби и КПЈ. Но Костов на самиот процес се откажал од претходно присилната напишана изјава и истакнал пред судот дека не е виновен. Подоцна бил ликвидиран. По ненајдената смрт на Ѓорѓи Димитров со Бугарија управувал неговиот зет, Велко Чрвенков, но со доаѓањето на новиот советски лидер Никита Сергеевич Хрушчов кој што веднаш започнал антисталинистичка кампања, Велко Чрвенков кој што бил послушен сталинист бил сменет, а на негово место бил поставен Тодор Живков кој што со Бугарија управувал до крајот на постоењето на комунизмот[74].

Истата судбина ја доживеало југословенското население, кои што исто така биле судени, а некои и погубени на злогласниот затвор Голи Оток, а некои успеале да побегнат и прибежиште да најдат во СССР[75].

Пеоцесите кои што биле организирани во државите на Источна Европа сепак биле процеси без доказ и со изнудени признанија, а мртви биле десетици илјади комунисти, за да се спречи непослушноста или барањето на поголема самостојност во државите на Народна Демократија. По смртта на советскиот лидер Сталин, жртвите од чистките биле рехабилитирани. Во крајот на април 1956 година формално престанало да постои Информбирото. Во соопштението по повод неговото распуштање стои дека во меѓусебниот договор на централните комитети на партиите, оваа организација се распушта и нејзиниот орган престанал да излегува. Било оценето дека постоењето на Информбирото во новите променети услови не одговара[76].

Информбирото одиграло негативна улога со својата идеолошка догматизација и ограничување на слободата на државите кои што беа во советска зона на влијание[77].

---

[74] Ivan Berend, op. cit., 44; Боби Митревски, op. cit., 34; Кръстъо Манчев, История на балканските народи (1945 – 1990), София, Парадигма, 2006, 18 – 40,

[75] Барбара Јелавич, op. cit. 53, 424 - 431; Група аутора, Историја Бугарске, Београд, Clio, 351 – 356, Боби Митревски, op. cit., 40 – 45,

[76] Исто, 46 – 49,

[77] Исто, 35,

# 3. МАРШАЛОВ ПЛАН

Првите идеи и аражмани за регионално поврзување на Европа морално или материјално ги поддржаа Соединетите Американски Држави, бидејќи имале за цел обновување на европското општество. Државниот секретар на Соединетите Американски Држави, Џорџ Маршал го превзел министерството во време кога на европско тло започнува студената војна и судирот меѓу двата табора комунистички и капиталистички. Тој во одржаниот говор на Униврзитетот Хардвар во 1947 година ги изнел задачите кои што Соединетите Американски Држави требало да ги постават со цел обновување на европското општество. Тој истакнал дека Европа треба да добие „златна економска помош" и додал дека Соединетите Американски држави е вистинската држава која што може да допринесе материјална помош за развој на пропаднатото стопанство. Веднаш по предложениот план за обнова на Европа, Џорџ Маршал на состанокот пред одделението за планирање изразил сомневање дека и СССР ќе го прифати планот[78]. Особено знаел дека советите ќе се спротивставаат на делот во кој што се барало Американците да вршат контрола на дадената помош во стока и пари, која што требало да се даде во рамките на планот. Исто така, Советите не би можеле да ја одржат својата власт во државите на Источна Европа, ако го прифатат овој план[79]. Маршаловиот план се базирал за помош на Европјаните од Соединетите Американски Држави, за да се најде излез од тешката финансиска ситуација во која што се нашла Европа по војната. Планот имал и голема политичка позадина. Во него било нагласено дека не е против ниту една идеологија (а се мислело на комунистичката), туку целта била да се надминат сиромаштијата, гладта, хаосот во кои што се нашло европското население. Секоја влада која што била подготвена да даде своја помош во овој процес за обнова, ќе наиде на целосна поддршка од владата на Соединетите Американски Држави, а во спротивност иницијативата требало да поттикне од Европа[80].

---

[78] Џорџ Батлет Маршал (1880 – 1959), американски генерал и политичар. Бил шеф на американскиот генералштаб во текот на Втората светска војна. Од 1947 до 1949 година претстојувал во Народна Република Кина како специјален претставник испратен од претседателот Хари Труман. Во 1953 година ја добил Нобеловата награда за мир. Се залагал за програмата за европска обновакоја што по него го добила името Маршалов план,

[79] Charles Bohlen, op. cit., 76,

[80] Branko Boroevič,op. cit., 56 - 57

Во Соединетите Американски Држави сметале дека маршаловиот план ќе застане на патот на ширење на комунизмот во Европа. Против маршаловиот план истапила Комунистичката партија на Франција, која што сметала дека со обновувањето на Европа со помош дадена од Соединетите Американски Држави, ќе пропаднат нејзините можности да ја превземе власта во Франција. Во тој временски период во Европа имало голема невработеност, милиони луѓе живееле во сиромаштија, постоела голема опасност од разни заболувања. Ова им одело во прилог на комунистите, кои што сакале да ја искористат ваквата општествено – политичка ситуација за реализирање на своите цели. Конгресот на Соединетите Американски Држави после долги двоумења на 5. VI. 1947 година го усвоил маршаловиот план кој што станал законски проект со услов, програмата за реализирање на планотдда трае до 1952 година[81]. Парите требало да се трошат преку програмата за економска соработка, која што ќе биде надгледувана од видни личности од американскиот државен врв. Неговото усвојување се совпаднало со комунистичкиот превврат во Чехословачка, што било искористено за подготовка на јавното мислење во Соединетите Американски Држави, за да соберат средства за обнова на Европа. Маршаловиот план бил прифатен од 16 западноевропски држави со Соединетите Американски Држави и Канада со официјален наслов: „Програма за економска обнова[82]". Маршаловиот план успеал, бидејќи во шеснаесет европски држави бил применет, кои што располагале со потребен кадар, знаење и институции, а на Соединетите Американски Држави не им преостанувало ништо друго освен да испратат економска помош[83]. Маршаловиот план со сума од 16,4 милијарди долари дадени од Соединетите Американски Држави, успеал да ја обнови уништената Западна Европа која што потоа потпаднала под општествено – економско влијание на Соединетите Американски Држави[84].

Советскиот лидер долго размислувал дали да ја прифати понудата за добивање на материјална помош од Соединетите Американски Држави. Потоа се одлучил да го испрати во Париз на економскиот состанок со Британците и Американците, министерот за надворешни работи **Вјачеслав Молотов** со уште деведесет стручњаци, со цел да испитаат каква корист би имал СССР од маршаловиот план. Советската

[81] Маргарита Пешевска, op. cit., 42,
[82] Charles Bohlen, op. cit., 56,
[83] Свет после Другом светском рату, Книга I, Београд, Слобода, 1975, 349,
[84] Pol Kenedi, op. cit., 98; op. cit., 36

делегација предложила некои промени во маршаловиот план[85]. Се барало секоја држава да си направи попис на своите потреби, а според тој попис Соединетите Американски Држави требало да испратат материјална помош. Советите не се согласувале за испраќањето на инспекциии кои што на самото место би истражувале како се трошат наменетите средства. Со Молотовиот предлог, Соединетите Американски Држави требале да дадат подарок, без да можат да проверат како се трошат средствата. СССР сметал дека со овој план, Соединетите Американски Држави имаат намера економски да ја потчинат Источна Европа, зашто со него се барало усогласување на плановите на државите од Европа со планот на Соединетите Американски Држави. Овој план на Соединетите Американски Држави за Советите значел, крај на нивната супериорност во државите од Источна Европа[86].

Откако на состанокот во Париз биле одбиени предлозите на советската делегација, таа заминала за Москва без да го прифати планот. Чехословачка и Унгарија покажале подготвеност да ја прифатат понудената материјална помош. Чесите биле спремни да присуствуваат на вториот состанок на кој што требало да се расправа за помошта, но Советите ги попречиле во нивната намера. Советите остро го осудиле ставот на овие две држави. Оваа помош подоцна била оценета како антикомунистички чин[87].

[85] Лакер Волтер, op. cit., 49,

[86] Branko Boroevič, op. cit., 65; Revija za sociologiju, Volume 21, 3, 1990, 573 – 576; Боби Митревски, op. cit., 37,

[87] Христо Карталов, Европска интеграција низ Европска перспектива, Скопје, Филозофски Факултет, 2005, 55; Боби Митревски, op. cit., 38 – 39,

# 4. ОЕЕЦ – ЕКОНОМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ЕВРОПА

Државите кои што ја прифатија дадената помош од Соединетите Американски Држави, ја основаа Организацијата за европска економска соработка (ОЕЕЦ - Organisation for European Economic Cooperations), која што главно била задолжена да го администратира маршаловиот план, т.е. се грижела за обнова и изградба на западноевропските држави. ОЕЕЦ[88] беше формирана со цел да се исполнат условите кои што биле поставени во Маршаловиот план – Основни цели на организацијата биле:

- Олеснувања на развојот преку укинувањето на трговските ограничувања,
- Размена на нужните стопански, трговски и финансиски информации,
- Меѓусебни спогодби кои што го олеснуваат регулирањето на сметките поврзани со размената,
- Соработка во рамки на Европската платежна унија.

Помеѓу 1948 и 1951 година американската помош во рамките на маршаловиот план изнесувала 16,4 милијарди долари, од кои што повеќето била во облик на подарок. Главни корисници биле: Велика Британија, Франција, Западна Германија, Холандија, Федеративна Народна Република Југославија[89].

[88] ОЕЕЦ, со седиште во Париз, ги обедини државите со напредните пазарни економии и ги обезбедуваше државите – членки со институционална поддршка за координација на економската и социјалната политика. Нејзината основна цел беше да промовира растеж во државите членки,

[89] Боби Митревски, op. cit., 38,

## 5. МОЛОТОВ ПЛАН

Како одговор на Маршаловиот план бил создаден т.н. „Молотов план'' од кој што се конструирал СЕВ – Совет за взаемна економска помош. Биле склучени билатерални договори меѓу овие држави и СССР. Со помош на воените сили стационирани во сите држави на Источна Европа, СССР создал погодни услови за развивање на единствено мислење, за да можат овие држави да им се спротивставaт на западните држави, а преку Советот се усогласувале економските планови во државите на Источна Европа[90]. Но, сепак Советите неможеле да парираат на економската политика и помошта од Соединетите Американски Држави за државите од Западна Европа, бидејќи биле економски послаби, па затоа морале, со својата голема сила да ја реализираат големо – државната политика[91]. Сталиновата цел била да го зачува својот централистички резерват преку метод на употреба на сила, за да спроведе дисциплина во државите од Источна Европа. Набргу потоа дошло до проширување на советскиот модел и пренесување на ефектите на сталинизација од СССР во источно европските држави. На тоа влијаеле повеќето фактори:

-студената војна, политика на сила, односно целата ситуација во светот придонела источноевропските држави да станат прв простор за меѓународно изрзување,

-афирмацијата на СССР поради херојската борба на советските народи и Црвената армија во текот на војна,

-отсуството на сопствените револуции во источноевропските држави и доаѓањето на власт на комунистичките и работничките партии, со помош на Црвената армија и СССР,

-непостоењето на традиции на меѓународните односи на државите од Источна Европа и СССР.

Развитокот на социјалистичките држави по Втората светска војна се одликувал со следното: секоја држава како императив за социјалистички развиток го сметала пренесувањето на социјалистичкиот модел во стопанскиот развиток, но таа политика

[90] Свет после Другог светског рата, књига II, Београд, Слобода, 1975, 347,

[91] Прибичевиќ, op. cit., 77,

довела до нееекономично работење кое што било прикриено со недостаток на механизам на формирање на цените и административно водење на стопанството. Тоа довело до преорентираност на стопанството на источноевропските држави. Поразвиените држави како што се Полска и Чехословачка започнале да произведуваат алатки, трактори и друго и тоа било усогласено со потребите на СССР и другите социјалистички држави. Биле изградени огромни индустриски центри за преработка на железо, челик, со што се зацврстил сталинизмот во овие држави, кои што биле зависни од увоз на суровини од СССР[92].

Политиката на двете спротивставени страни и тоа на Соединетите Американски Држави и западноевропските држави, од една страна, која што се карактеризирала со вооружување и спречување на ширењето на комунизмот и на друга страна, СССР и источноевропските држави со својата нефлексибилна политика воделе кон тоа студената војна да прерасне во жесток судир[93].

Во средината на 50 – те години европските држави ги стабилизираа своите економии и со тоа се намали потребата од директна покровителска – американска економска помош. Некои држави постепено воведоа конвертабилност на своите валути, повеќето ја либерализираа надворешната трговија, па оттаму овие држави кои што имаа идентични погледи кон Европа и настојуваа иднината на нивната меѓусебна економска соработка да биде зголемена и што потесно да соработуваат и меѓусебно да се поврзуваат[94].

[92] Боби Митревски, op. cit., 39,
[93] Прибичевиќ, op. cit., 43; Vukadinović, Hladni rat i Evropa, Zagreb, Kultura, 2000, 37.
[94] Маргарита Пешевска, op. cit., 44.

## 6.СЕВ – ГЛАВЕН ЕКОНОМСКИ СТОЛБ ЗА ДРЖАВИТЕ СО НАРОДНА ДЕМОКРАТИЈА

Доминантната положба на СССР во водењето на меѓународните економски односи меѓу држѓавите од комунистичкиот блок, се одразила и во економските и воените асоцијации што се формурирале меѓу нив. Во јануари 1949 година СССР, Полска, Чехословачка, Бугарија и Романија го формирале Советот на взаемна економска помош, а кон него наскоро се приклучиле и Албанија и Германска Демократска Република. Кон државите – членки на Советот на взаемна економска помош се приклучиле: Монголија во 1962 година, Куба во 1972 година, додека Југославија, Лаос, Северна Кореја и Ангола имале статус како набљудувачи[95].

Сѐ додека Сталин бил жив, Советот на взаемна економска помош не играл главна улога во работата на блокот. Секоја држава ја следела политиката на градење на сопственото стопанство, повеќе на конкурентно отколку на комплементарно ниво. Сите биле зависни од СССР, и акцентот бил врз билатерална трговија меѓу секоја од државите со советски центар. Треба да се напомене дека во овој временски период СССР ги користел ресурсите на целиот регион за обновување на сопственото стопанство, тој го експлоатирал регионот преку извлекување на репарации, селење на фабрики и други капитални добра, организирање на мешовити претпријатија на нееднаква основа и некоректен систем на цени во комерцијалните трансакции[96]. Истовремено се нуделе ограничени износи за кредити и ограничен пристап кон советските суровини[97].

Откако во 1953 година била воведена нова политика, со цел за подобрување на економските односи, Советската помош била зголемена, целосната експлоатација завршила и биле направени предлози Советот на взаемна економска помош да стане поефикасна асоцијација. До овој период имало многу недостатоци од сталиновиот модел на економски развој кои што станале очигледни. Малите држави презеле преамбициозни програми и биле конкуренција едни на други[98]. Советите повикале на

---

[95] Прибичевиќ, op. cit., 72.
[96] Barnet, op. cit, 63,
[97] Боби Митревски, op. cit., 51 – 60,
[98] Boroevič, op. cit., 77,

т.н. „социјална поделба на трудот'', секоја држава требала да се сконцентрира на она што може да го произведува најдобро. За несреќа на балканските држави, секој рационален план за регионална специјализација би ги оставил нив, како што сметале, во неповолната положба. Планот кој што бил предложен од страна на СССР се залагал за концентрација на индустријата во индустриски поразвиените држави, особено во Источна Германија и Чехословачка, од Албанија, Бугарија и Романија се очекувало првенствено да останат земјоделски држави[99]. Друга забелешка се однесувала на фактот дека реализацијата на ваквиот тип на организација ќе бара создавање на национални агенции, кои што би имале поголема власт врз централните планови на секое нациоинално стопанство одделно. Предлогот предизвикал особена индикација во Романија, чија што власт немала намера да ја гледа државата како се сведува на испорачател на храна и суровини за остатокот од блокот[100]. Исто така треба да се потсетиме дека целокупната комунистичка програма најголема тежина ставала на идејата за модернизација преку индустријализација, аграрните држави генерално биле сметани за назадени и слаби. Романските забелешки на тој начин биле поддржани од Албанија, Кина и Југославија, кои што на целиот проект гледале како на уште еден советски обид да добие поцврста контрола врз социјалистичките држави[101]. Иако романското спротивставување ја спречило економската интеграција или воспоставувањето на ефикасна агенција на блокот за централно планирање, биле направени чекори кон потесна соработка. Биле направени планови за заедничка транспортна мрежа, нафтовод и систем за електрична мрежа[102]. Исто така се зголемила размената на информации на индустриските проекти и експерти, финансиските проблеми што се однесувале на меѓублоковската трговија биле решавани преку заеднички комисии[103].

Во 1970 година овие држави, меѓу кои што и СССР, покажале помал интерес за понатамошна интеграција на стопанствата. Тогаш тие биле првенствено загрижени за развивање на потесни врски со западните држави, кои што произведувале подобри стоки и имале предност бидејќи можеле да понудат напредна технологија. Главно благодарејќи на романското инсистирање, членките на Советот на взаемна економска

[99] Pol Kenedi, op. cit., 74,
[100] Барбара Јелавич, op. cit., 44,
[101] Barnet, op. cit., 95,
[102] Барбара Јелавич, op. cit., 39,
[103] Исто, 40.

помош се сегласиле дека секоја од нив треба да има слобода и право дали ќе земе учество во некој заеднички проект или ќе се повлече од него. Властите останале убедени дека модерните социјалистички држави треба да имаат голема индустрија[104]. Тие биле особено горди на нивните гигантски претпријатија и поспектакуларни проекти, без оглед на нивната цена. Тој услов предизвикал пресврт во светските економски односи со државите од блокот. При развивањето на своите индустриски стопанства, државите останале моќне зависни од советските испораки на суровини и енергија. За возврат тие ги нуделе производите од нивните нови индустриски објекти. Сепак, како што цената на суровините, особено на нафтата, растела на светскиот Пазар, советската власт во овие договори се нашла на страната на загубарите[105]. Произведените стоки во овие индустрии често не биле со висок квалитет, сé почести станувале руските желби „СССР да стане депонија за оштетена стока"[106].

На социјалистичките држави СССР им бил потребен како извор на суровини и енергија и како пазар. Не можело да се дозволи соочување со политичките последици со промената на трговскиот курс или на некоја драстична измена на условите на комерцијалните договори. Така советската власт била принудена да плати висока економска цена за постигнувањето на нејзините политички цели[107].

---

[104] Barnet, op. cit., 97,
[105] Прибичевиќ, op. cit., 80,
[106] Барбара Јелавич, op. cit., 49.
[107] Маргарита Пешевска, op. cit., 57.

# ГЛАВА IV

# КРЕАТОРИТЕ НА ЕВРОИНТЕГРАТИВНИТЕ ИДЕИ ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА

Идејата за обединување и соработка во Европа на економски, културен, социјален, образовен, одбранбен план, стара неколку векови меѓу филозофите, интелектуалците, се претвори во реалност, дури во периодот по завршувањето на Втората светска војна.

Гледајќи ја опасноста од големите империјалистички сили, во периодот од 1945 до 1950 година неколку храбри државници од Западна Европа, со цел да го отргнат советското влијание кое што започнало да се шири од Исток кон Запад и економската зависност од Соединетите Американски Држави: Роберт Шуман, Жан Моне, Конрад Аденауер, Алтиеро Спинели, Пол Хенри Спаак[108].

**Роберт Шуман (29. VI. 1886 – 1963)** – беше познат луксембуржанец, подоцна најпознат француски државник. Роберт Шуман беше член на Христијанската Демократска Партија (МРП) и независен политички мислител и деец. Два пати премиер на Франција, реформатор, министер за финансии и надворешни работи, важен за градењето на европските и трансатланските институции и се смета за еден од творците на подоцнежната Европска Унија[109].

Роберт Шуман бил човек со повеќе култури, бидејќи неговиот татко – по потекло од Франција, додека неговата мајка по потекло од Германија. Своето универзитетско образование по економско право, политичка филозофија, теологија и статистика го завршил на германски јазик. Тој откако добил диплома по право по завршувањето на универзитетот во Берлин, заминал за Минхен, Стразбур и Алзас. По дипломирањето, станал адвокат и бил избран за член на Советот на градот Мец. По Првата светска војна, Алзас и Лорен биле вратени на Франција и Роберт Шуман станал француски државјанин и оттогаш е активен во француската политика[110]. Во 1919

[108] Исто, 81 – 90,
[109] Исто, 91 – 100,
[110] Барбаровски, За Европа, Скопје, Графостил, 2009, 29,

година тој за прв пат бил избран за пратеник во парламентот во Франција, избран на регионалната листа, а подоцна и во советот на министри каде што останал до 1958 година. По завршувањето на Втората светска војна, тој направил голем придонес во изготвувањето и донесувањето на поважни одлуки во францускиот парламент. Роберт Шуман исто така истражувал и ја разоткрил корупцијата во челичната индустрија во областа Лорен во повоениот период.

По капитулацијата на Франција, поради неговата стручност стекната во Германија, Роберт Шуман бил повикан да стане член на воената влада. Подоцна тој бил уапсен за агитирање и проест против нацистичките методи. Бил испрашуван од страна на германските безбедносни служби (Гестапо), но благодарение на интервенцијата од страна на еден германски адвокат бил спасен и испратен во затворот во Дахау. Во 1942 година успеал да побегне од затвор и се приклучил на францускиот отпор. Тој внимателно ги следел донесените одлуки од големите конференции во слободните зони и предочувал за неизбежниот пораз на хитлерова Германија. Иако германските единици ја нападнале слободната територија, тој сепак говорел за француско – германско пријателство и дека мора непријателствата во Европа да исчезнат по завршувањето на војната[111].

По завршувањето на Втората светска војна се зголемила важноста на Роберт Шуман[112]. Тој бил министер за финансии на Франција 1947 – 1948 година кој што придонел за парламентарна стабилност, кога во Франција избиле работнички штрајкови, кои што благодарение на него не прераснале во едно големо востание. Тој бил дел од третата група коалициони влади кои што им се противеа на двете француско – комунистички партии кои што сакаа да го променат Уставот. Во последните денови од премиерската функција, неговата влада предложила планови кои што подоцна ќе се реализираат како дел од политиката во Советот на Европа и Европската Заедница. Во 1948 година станал министер за надворешни работи и министерската функција ја задржал во различни влади до почетокот на 1953 година. Првата влада на Роберт Шуман предложила создавање на Европско собрание, но тогаш

[111] Исто, 46,

[112] Роберт Шуман, француски министер за надворешни работи, во периодот 1948 - 1953 година беше политички протагонист на идејата за создавање на Европска Заедница за Јаглен и Челик. Објавувањето на веста за формирањето на Европската Заедница за Јаглен и Челик во мај 1950 година подоцна стана позната како шуманова декларација. Но, овие податоци беа само првиот чекор во реализирањето на една визија за обединета Европа,

настанал проблем околу конституирањето на Европската влада, каде што академската дискусија станува главна тема на Хашкиот конгрес за Европско движење. Според неговиот предлог Советот на Европа бил главно тело поставено од него. На потпишувањето на статусот на Сент Џејмс во палатата во Лондон на 5. V. 1949 година основачките држави членки се согласиле за дефинирање на границите на Европа засновани врз принципите на основните човекови права, кои што биле нагласени од страна на Роберт Шуман. Тој исто така во неговото изложување најавил создавање на наднационална унија во Европа од која што подоцна произлезе Европската Заедница за Јаглен и Челик и други такви заедници во рамките на заедничката Унија на правото и демократијата[113].

Го споредивме неговиот голем експеримент, во исполнување на повторувачкиот сон кој што десет века го поставуваа народите во Европа: создавање на една организација меѓу нив, а таа ќе стави крај на војната и ќе гарантира вечен мир[114].

Римската црква во средниот век се стремела да ги реализира своите планови за Голема (Католичка) Европа, потпомогната од светата римска империја, која што била под покровителство на германските императори, потоа низ вековите идејата се продлабочувала и од хуманистичкото движење, за целосно да биде реализирана по Втората светска војна[115].

Како министер за надворешни работи, Роберт Шуман во септември 1948 година пред Генералното Собрание на Организацијата на Обединетите Нации најавил дека Франција ќе има за цел да создаде демократска организација за Европа на која што, демократски може да и се придружи пост – нацистичка Германија. Во 1949 – 1950 година тој започнал да одржува серија говори во Европа и Северна Америка за создавање на наднационална европска заедница. Оваа наднационална структура според него требало да создаде траен мир меѓу идните држави членки на Заедницата. На 9. V. 1950 година овие принципи на наднационална демократија беа објавени во познатата „Шуманова декларација" именувана според него[116]. Текстот беше заеднички подготвен од страна на Павле Ројтер и неговиот шеф на кабинетот Жан Моне. Француската влада се согласи со Шумановата декларација, во која што се повикуваше

---

[113] Боби Митревски, op. cit., 47,
[114] Hansen, op. cit., 61.
[115] Исто, 51 – 100,
[116] Барбаровски, op. cit., 30,

Германците и останатите држави на Европа да го здружат производството на јаглен и челик и да создадат демократска наднационална заедица која што ќе биде управувана од пет институции[117]. На 18. IV. 1951 година шесте држави го потпишале договорот во Париз кој што претставувал основа на Европската Заедница за Јаглен и Челик. Тие го прогласија овој датум да биде „Вистински темел на Европа''. Шумановата декларација направена на 9. V. 1950 година се смета за ден на Европа. Како премиер и министер за надворешни работи Роберт Шуман беше личност која што придонесе за создавање на Организација на Северноатланскиот пакт, НАТО. Роберт Шуман исто така го потпиша договорот од Вашингтон за Франција, за принципите на НАТО околу Европската Одбранбена Заедница која што не успеа. Роберт Шуман беше голем поборник на атланската заедница, која што беше жестоко критикувана од страна на комунистите, ултранационалистите и голистите[118].

Подоцна Роберт Шуман работел како министер за правда, пред да стане прв претседател на Европското Парламентарно Собрание. Во 1958 година тој ја добил Карлспреисовата награда од страна на Советот на градот Ахен, за луѓе кои што придонеле за европски мир, во чест на Карло Велики (владетел на Франција и Германија), кој што претстојувал и е погребан во Ахен. Поради религиозниот дух и тесната соработка со папата Пиј IX бил прогласен за „Блажен'' од римокатоличката црква. Роберт Шуман бил голем противник на комунизмот и фашизмот. Денес, неколку децении по неговата смрт, Роберт Шумановото име е дел од културно – општествени објекти насекаде низ Европа, дури неговиот лик е изработен на златник кој што е посветен во чест на европското обединување во Белгија. На страната на аверсот е прикажан портет со имињата на Роберт Шуман, Жан Моне, Пол – Хенри Спаак и Конрад Аденауер[119].

**Жан Моне – Омер Марие Габриел (Шарантес, 9. XI. 1888 – 16. VI. 1979),** француски политичар кој што се смета за еден од творците на Европската Заедница[120].

Потекнува од семејство кое што произведувало вињак во француската покраина Корнак. Го напуштил училиштето на 16 годишна возтаст и се преселил во Лондон поради семејната обврска (околу продажбата на вињак). За време на Првата

[117] John Peterson, Institutions of European Union, Oxford, Oxford University Press, 2006, 29,

[118] Padgen, The idea of Europe, From Antiqity to the European Union, Cambridge, Cambridge University Press, 2002, 129; Боби Митревски, op. cit., 48,

[119] Исто, 51 – 100,

[120] Исто, 51 - 100; Жан Моне, Европа нашиот заеднички дом, Скопје, 2007, 13 – 61,

светска војна бил поштеден да не замине на боиштето поради здравствени причини, но сепак бил дел од логистичката помош. По завршувањето на Првата светска војна имал истакнато место во лигата на народите основана во 1919 година како дел од француското претставништво, на негови 31 година[121]. Четири години подоцна престанал да се занимава со политика и се посветил на семејната работа (производството на вињак). Еден период живеел на островот Свети Петар, каде што воглавно се занимавал со трговија на вињак. Но сепак не им ставил крај на меѓународните односи, бидејќи придонел за стабилизација на полската валута злота во 1927 година и романската валута леа во 1928 година. Потоа основал банка во Сан Франциско под името „Bancameria – Blair''. Неколку години живеел во Народна Република Кина, по барање на Чанг Кај Шек и работел на реорганизација на кинеската железница[122].

Во текот на Втората светска војна повторно и се вратил на политиката. Успеал во намерата да ги наговори Шарл де Гол и Винстон Черчил, т.е. Франција и Велика Британија заеднички да се здружат во борба против нацистичка Германија. Во 1940 година заминал за Соединетите Американски Држави каде што бил поставен за советник на Претседателот на Соединетите Американски Држави, Франклин Делано Рузвелт. Успешно лобирал за вклучување на Соединетите Американски Држави во Втората светска војна во борба против нацистичка Германија. По војната британскиот економист Џон Мајнард Кеинс изјавил дека Жан Моне со своето влијание го скратил траењето на војната најмалку за година – дена[123].

Жан Моне во 1943 година станал член на француската влада во избегништво во Алжир. По завршувањето на војната, на Фанција неизбежно и бил потребен јагленот за да се обнови индустриското производство. Жан Моне[124] го претставил планот кој што го добил името по него (Планот на Моне) со што е осигурана повторно француската индустрија со јаглен од Германија, од покраината Саарланд. Тогашниот француски претседател Шарл Де Гол го именувал за министер за развој на Франција, бидејќи многу придонел за нејзиниот развој. Жан Моне ја гледал можноста од повторен судир меѓу Франција и Германија околу користењето на природните ресурси.

---

[121] Padgen, op. cit., 69,

[122] Лакер Волтер, op. cit., 59; Боби Митревски, op. cit., 51 – 100,

[123] Barnet, op. sit., 81; Боби Митревски, op. cit., 49,

[124] Жан Моне како голем поборник на идејата за обединета Европа, обезбеди значителна техника, економска и административна помош за создавањето на Економската Заедница за Јаглкен и Челик,

Со цел да не дојде до повторни непријателства меѓу овие две држави, започнал да размислува за можноста за основање на Европската Заедница[125].

Првиот чекор се случил на 9. V. 1950 година кога е основана Европската Заедница за Јаглен и Челик, со договорот кој што бил смислен од страна на Жан Моне, кој што станал првиот претседател на новата организација составена од шесте европски држави[126]. Во 1955 година Жан Моне основал Акциски одбор за соединети европски држави со цел да се оживее европската изградба по неуспехот на Европската одбрамбена заедница (EDC). Од Франција повторно се сели во Соединетите Американски Држави, каде што на 6. IV. 1963 година е одликуван од страна на американскиот претседател Линдон Џонсон со претседателски медал. По одликувањето останува во Соединетите Американски Државии до крајот на животот, каде што ги пишува своите мемоари. По смртта неговите посмртни остатоци по налог на тогашниот француски претседател Франсоа Митеран во 1988 година се вратени во Париз[127].

Во чест на Жан Моне, по неговото име се именувани повеќе универзитети и културни објекти во Европа, особено во Велика Британија и Република Ирска[128].

**Конрад Херман Јозеф Аденауер (5. I. 1876 – 19. IV. 1967)** беше првиот канцелар на Западна Германија од 1949 до 1963 година и претседател на Христијанската Демократска Унија (CDU) од 1950 до 1966 година. Конрад Аденауер е роден во Келн, Рајнска Прусија. По матурирањето во 1894 година, своето високо образование го продолжил во Универзитет во Фрајбург каде што ги започнал студиите по правна политика. Бил член на неколку римокатолички студентски здруженија. По завршувањето на студиите во 1901 година работел како адвокат во судот во Келн[129]. Од

---

[125] Жиков, Европска Економска Заедница, Скопје, Мисла, 1981, 49.
[126] Padgen, op. cit. 70 - 78; Derek, op. cit., 71 – 80,
[127] Боби Митревски, op. cit., 51 – 100,
[128] Исто, 50,
[129] Бајхел, Европската Унија по проширувањето на исток, Б С издавач за социјални науки, Скопје, Визбаден, Фондација Конрад Аденауер, 2005, 34,

1917 до 1933 година ја извршувал функцијата градоначалник на Келн. Неговата најтешка задача била водењето на градот Келн во периодот по завршувањето на Првата светска војна, кога градот се наоѓал под британска окупација. Успеал да воспостави вистински односи со британските тамошни служби и заговарал идеи за Рајнскиот сепаратизам (Рајнска држава како дел од Германија, но надвор од Прусија). За време на Вајмарската Република бил претседател на Прускиот државен совет од 1922 до 1933 година кој што ја имал улогата репрезентативен Совет на пруските градови и провинции.

Кога нацистичката партија дошла на власт во Германија во 1933 година, Централната партија ги изгубила изборите во Келн и Конрад Аденауер заминал во манастирот Марија Лаах, бидејќи имал закани од новата влада откако одбил да го признае поразот од локалниот нацистички лидер. Неговиот престој во манастирот траел година – дена. Кратко бил затворен по т.н. „Ноќ на долгите ножеви'' во средината на 1934 година[130]. Во наредните две години често го менувал местото на живеење поради стравот од репресии против него од страна на нацистите. Во книгата на Алберт Шпир „Тајните документи на Адолф Хитлер'', Адолф Хитлер му се восхитувал на политичките погледи на Конрад Аденауер при што му овозможил да има улога во нацистичкото движење или да биде од помош на нацистичката партија.

По неуспешниот атентат врз Адолф Хитлер во 1944 година бил затворен по втор пат, под обвинение дека бил противник на режимот. Гестапо неможело да ја докаже неговата поврзаност кон учесниците во атентатот и по неколку недели бил ослободен. По завршувањето на војната од страна на Американците бил поставен повторно за градоначалник на Келн, каде што на оваа функција кратко време се задржал бидејќи бил сменет од британските служби. По отпуштањето на градоначалничката функција се посветил на создавање на нова политичка партија, а тоа било Христијанско Демократска Унија CDU за која што се надевал дека и протестантите и римокатолиците ќе се приклучат во една партија[131]. Во 1946 година Конрад Аденауер во британската зона имал средба со идните членови на CDU и бил назначен за нејзин лидер. Неговата цел за која што се стремел било развивање на контактите и поддршката за CDU во следните неколку години, а негова идеја било да ја наметне својата посебна идеологија во партијата. Неговата идеологија беше во предност

[130] Чедомир Попов, Од Версаја до Данцинга, Београд, Култура, 1976, 65,
[131] Derek, op. cit., 106,

бидејќи кон CDU сакал да го зближи социјализмот со христијанството. За Конрад Аденауер приоритетно било нагласувањето на достоинството на индивидуите и ги зел во предвид погледите кон материјалниот свет. Според него комунизмот и нацизмот го повредувале човековото достоинство. Улогата на водач на CDU во британската зона му донесе на Конрад Аденауер, позиција во парламентарното собрание, а во 1948 година бил поканет од страна на западните сојузници да создаде устав за трите западни зони во Германија. Конрад Аденауер бил претседател на уставната конвенција, но ја отфрлил оваа функција, потоа бил избран во владата кога бил формиран новиот „Основен суд" во мај 1949 година. Конрад Аденауер остро ја критикувал католичката хиерархија, за недоволното критикување на нацистите, тој е цитиран во книгата на Џон Корнвел „Мечот на Константин"[132].

На федералните избори во Западна Германија во 1949 година Конрад Аденауер станал првиот канцелар на Сојузна Република Германија, на возраст од педесет и три години. На оваа позиција се задржал од 1949 до 1963 година, период во кој што Европа беше поделена на два дела, а границата беше Германија, која што беше поделена и во која што се создадоа две држави Сојузна Република Германија и Германска Демократска Република. На првите избори во Западна Германија кои што беа одржани на 15. VIII. 1949 година се докажало дека Христијанско Демократската Партија е најјака, а Конрад Аденауер стана прв канцелар на 16. IX. 1949 година. Тој беше творецот на т.н. новата „привремена" престолнина на новата Сојузна Република Германија – Бон, (кој што беше само 15 км од неговиот роден град), наместо во Франкфурт на Мајна[133].

Достигнувањата на Конрад Аденауер го вклучуваат во воспоставувањето на стабилната демократија во поразената Германија, а тоа се: трајно помирување со Франција, генерално политичко преориентирање кон Западот, зајакнувајќи го суверенитетот на Западна Германија и придонес за интегрирањето на својата држава во Европската Заедница, да биде членка на НАТО пактот и Организацијата за европска економска соработка[134].

---

[132] Barnet, op. cit., 67.
[133] Barnet, op. cit., 92.
[134] Бајхел, op. cit, 39.

Сепак, современите германски критичари го обвинуваат Конрад Аденауер за цементирање на Германската девиза, жртвувајќи го обединувањето и губењето на териториите изгубени од Полска и СССР и поради брзото интегрирање на кон Запад[135].

За време на Студената војна се создаде можност за повторно вооружување на Западна Германија и задолжителна воена обврска како сличниот процес кој што се одвивал во Источна Германија. Сталиновата политика во 1952 година понуди обединување на двете Германии во една неутрална разоружена Германија која што ќе влијае за повлекувањето на супер силите од Централна Европа. Според некое мислење Конрад Аденауер се сомневал и во искрената понуда од западните сојузници, но сепак ги поддржал Сојузничките договори, според друго мислење, пак тој направил така бидејќи понудената неутралност и забрзаната за разоружување му ги растурила плановите да ги припои териториите кои што Полска по војната ги завзела[136].

Сепак Конрад Аденауер ќе остане запаметен како личност која што управуваше со Западна Германија создадена веднаш по Втората светска војна, за време на студената војна даде посебен придонес за индустрискиот развој за својата држава[137].

**Алтиеро Спинели** (31. VIII. 1907 – 23. V. 1986) бил италијански политички теоретичар и деец за Европска федерација. Спинели има посебна важност бидејќи е еден од „Основачите на Европската заедница'', поради неговото авторство на „Вентонскиот манифест''. Неговата улога во основањето на европските федералистички движења е голема. Во периодот по завршувањето на Втората светска војна, дава придонес во започнување на процесот не евроинтеграција[138]. Неговиот живот бил исплонет со многу авантури. Работи во институциите на Европската заедница и тоа: Шест години бил член на Европската комисија, десет години бил член на Европскиот парламент, активно работејќи се до смртта[139].

Спинели е роден во Рим и уште во раните години и се приклучил на Комунистичката партија на Италија со една единствена цел, да се спротивстави на режимот на Бенито Мусолини. Неговото прво работно место било новинар, каде што се почесто го напаѓал режимот на фашистичкиот диктатор Мусолини. Во 1927 година бил

---

[135] Исто, 71 – 100,
[136] Исто, 71 – 100,
[137] Исто, 71 – 100,
[138] Padgen, op. cit., 68,
[139] Боби Митревски, op. cit., 53,

затворен и осуден на десет години затвор, а потоа затворската казна му била продолжена на уште шест години. За време на војната бил интерниран на островот Вентоне (во заливот Гаета), заедно со осумстотини политички затвореници кои што биле против режимот на Мусолини. Додека претстојувал во затвор заедно со неговиот колега Ернесто Роси, во јуни 1941 година го создале „Венторинскиот манифест'' под наслов „Слобода и обединета Европа'', каде што е наведено дека сите држави здружено треба да се борат против фашистичките сили, а за целосен успех според него, стариот Европски систем на суверени национални држави, треба да биде заменет со европски сојузи. Документот се повикува на формирање на европска федерација со демократска власт по завршувањето на војната[140]. Поради потребата од тајност и недостатокот на соодветни материјали во тој временски период, манифестот бил напишан на хартија од кутија со кисели краставички која што била шверцувана. Манифестот бил прифатен како програма на отпорот на движењето за идна федерација на Европа. Основачкиот состанок бил одржан во Милано на 27 – 28. VIII. 1943 година. Манифестот е широко дистрибуиран кон другите движења на отпорот кон крајот на војната и бил прифатен од повеќето кои што се состанале на состанокот во Женева во 1944 година, каде што присуствувал и Спинели исто така. Манифестот се состоел од предлози, за креирање на европската федерација на државите, примарната цел била поврзување на европските држави, со цел да не можат европските народи да започнат повторна војна, убивајќи се едни со други[141].

По војната, Алтиеро Спинели беше главен во идејата за федеративни европски држави и играше главна улога во авангардата во раните епизоди на европската интеграција, за обединување на Европа кога во суверените држави била воспоставена заедничка управа, во формирањето на ОЕЕЦ и симболичниот европски совет[142]. Спинели се залагал во создавање на уставотворно европско собрание и за подготвување на европски устав. Овој негов пристап наиде на одобрение на владите на државите членки. Во периодот од 1952 – 1953 година. Спинели го убедил италијанскиот премиер Алсидо де Гаспери да инсистира во преговорите во создавањето Европска заедница за одбрана, за договор на една одредба во парламентарното собрание и изготвување на нови планови за поставување на ЕРП и

---

[140] Barnet, op. cit., 97,
[141] Charles Bohlen, op. cit., 108.
[142] Hansen, op. cit., 36,

ЕЗЈЧ во рамките на една глобална уставотворна рамка[143]. Спинели одигра значајна улога во советувањето и изготвувањето на предлогот на Собранието, со цел да се постигне Европски „Статут'', по неуспехот на Франција да го ратификува договорот од ЕРП. Некои негови идеи биле заменети поради настаните кои што се случиле. По кризата која што се случила, околу неуспехот на ЕРП, белгискиот државник Пол Хенри Спаак придонел во развојот на понатамошната интеграција која што особено се одразила со Договорот од 1957 година при што е создадена ЕЕЗ[144]. Според Спинели ЕЕЗ и нејзините институции биле единствените вистински постоечки органи на европска интеграција, но сепак тие не биле доволни и дека во нив недостасува демократска легитимност за да се оствари целта потребно е да се изврши долг марш низ институциите[145].

Сепак Алтиеро Спинели ќе остане запаметен како човек кој што се стремеше да создаде Европска федерација и голем непријател на фашизмот. Во чест на неговото големо дело за Обединета федеративна Европа, најголемата зграда на европскиот парламентарен комплекс во Брисел е именувана по неговото име[146].

**Пол Хенри Спаак** (25. I. 1899 – Шербек (во близина на Брисел – 31. VII. 1971 во Брисел). Белгисли државник, главен поборник во создавањето на ЕЕЗ. Во Брисел завршува право и работи во судот. Од 1921 до 1931 година станал социјалист и е член на Комората на пратеници во 1932 година. Во периодот од 1933 до 1966 година служел како министер за внатрешни работи на Белгија, каде што на два пати е избран за премиер на Белгија[147], и тоа во периодите: од 1938 до 1939 и 1947 до 1950 година. Застапник е на идејата за европската соработка и многу придонел за здружување на трите држави: Луксембург, Белгија и Холандија под заедничкото име Бенелукс, особено во меѓу – економската и стопанската соработка и за нацрт – повелбата на Организацијата на Обединетите Нации, а во мај 1946 година бил првиот претседател на генералното собрание на Организацијата на Обединетите Нации. Тој во Брисел го потпишал Северноатланскиот пакт – НАТО, каде што служел како генерален секретар од 1957 до 1961 година. Сепак Пол Хенри Спаак ќе биде запаметен како најзаслужна

---

[143] Хари Хердер, Европа у XX. веку, Београд, 1918 – 1993, CLIO, 2003, 51 – 70,
[144] Жиков, op. cit., 56,
[145] John Peterson, Institutions of European Union, Oxford, Oxford University Press, 2006, 68.
[146] Исто, 78 – 100,
[147] Derek, op. cit, 101,

личност во создавањето на Европската економска Заедница и Европската Заедница за Атомска Енергија[148].

## 1.СОВЕТОТ НА ЕВРОПА – ПРВАТА ЗАПАДНО – ЕВРОПСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Иднината на поделената Европа со разни национални и интернационални движења се гледала во интеграцијата и можноста за создавање на обединета Европа, заснована врз заеднички систем на институции. Идеите концентрирани околу федерализмот, присутни директно или индиректно, довеле до формирање на систем на европски институции. Тоа беше земено во предвид при основањето на Советот на Европа на 5. V. 1949 година од страна на десет европски држави и претставува продолжение на Хашкиот процес. Државите – основачи се: Белгија, Данска, Франција, Италија, Република Ирска, Луксембург, Норвешка, Холандија, Велика Британија и Шведска, но денес ги опфаќа сите европски држави, бидејќи по исчезнувањето на железната завеса, Советот на Европа се прошири во државите од Источна Европа[149]. Советот на Европа има четири главни цели:

-реализација на покомпактна Европска Заедница,

-заштита на демократијата,

-заштита на човековите права,

-подобрување на животот на Европејците.

Тој ја поттикнува соработката помеѓу европските држави. Теоретски делокруг на неговата работа се сите области освен одбраната, а клучно место има заштитата на човековите права.

---

[148] Жиков, op. cit., 48.

[149] На западните држави кои што го создадоа Советот на Европа, им се приклучија вподоцна и јужните европски држави со демократски организиран политички систем. Денес речиси сите држави од Средна и Југоисточна Европа станаа членки на Советот на Европа и брои 44 држави. Основните принципи врз кои што функционира регионалната интернационална организација се: популаристичка демократија, владеење на правото, заштита на човековите права и развој на европскиот културен идентитет и трагање по проблемите во општеството,

Советот на Европа секако не претставуваше единствен блок на интеграција на компетентност, или активности, туку се појави пред сé како регионално – интернационална организација во традиционална смисла[150].

Многу подоцна, дури во 1960 година, ОЕЕЦ се трансформира во ОЕЦД на кој што покрај шеснаесет држави – членки од Европа, се приклучија и Соединетите Американски Држави, Канада, Австралија, Нов Зеланд и Јапонија. За да се стимулира инфлацијата во државите кои што ја користеа помошта, беа воспоставени т.е. контра – апарат фондови, во чии што сметки се депонираа средства кои што ги собираа државите од продажбата на стоките на приватните фирми. Тие средства неможеа да се употребуваат во европските држави без претходна согласност на Соединетите Американски Држави. Употребата на помошта која што државите ја добиваа од Соединетите Американски Држави беше условена со потребата за проширување на билатерална или мултилатерална економска соработка помеѓу државите – членки на ОЕЕС[151]. Поразвиените држави од ОЕЕС требаше да им помагаат на помалку развиените држави во Европа. Односите на западно – европските држави по првите години од Втората светска војна како последици на низа економски, политички околности, радикално се променија, особено во поглед на економската соработка[152].

Идејата за обединување на Европа по војната стана многу популарна во сите европски држави, освен во оние кои што беа под контрола на СССР. Започнаа да се формираат разни движења кои што ги опфаќаа сите општествени сегменти. Развојот на идејата за обединување на Европа е евидентен. Со финансиите кои што им припаѓаа на разни политички опции, почнаа да се развиваат економски организации за федерална Европа[153].

---

[150] Христо Карталов, op. cit., 17,
[151] Hansen, European Integration, An Economic Perspective, New York, New York University Press, 2002, 53,
[152] Боби Митревски, op. cit., 43,
[153] Derek, The idea of European Unity, Leicester, Leicester University Press, 2002, 98; Боби Митревски, op. cit., 71 – 80,

# ГЛАВА V

# СОЗДАВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА И НЕЈЗИНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ

## 1. ШУМАНОВИОТ ПЛАН И СОЗДАВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ЈАГЛЕН И ЧЕЛИК ВО ДРЖАВИТЕ ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА

Европската Заедница за Јаглен и Челик беше предложена од страна на француските министер за надворешни работи, Роберт Шуман, на 9. V. 1950 година, како начин да се спречи натамошната војна меѓу Франција и Германија и полека да се оттргне од Европа Советското и Американското влијание, со цел да се оствари идејата за интеграција помеѓу западноевтопските држави. Негова цел била да се обедини француското и германското производство и дистрибуција на челик како начин за спречување на избивање идни конфликти на европскиот континент и контрола на стопанското оправување на Германија. Роберт Шуман сакал да создаде во Европа национална заедница, која што официјално беше основана на договорот во Париз во 1950 година, потпишана од страна на: Франција, Западна Германија, подоцна кон договорот се приклучија Италија и државите на Бенелукс, при што меѓу овие држави се создаде заеднички пазар за јаглен и челик[154].

Европската Заедница за Јаглен и Челик составена од шест нации, претставувала меѓународна организација која што ќе служи да ги обедини западноевропските држави во време на Студената војна и ќе има за цел да создаде основа за подобри современи текови на Заедницата. Европската Заедница за Јаглен и Челик беше првата организација која што се заснова врз принципите на националноста[155].

Европската Заедница за Јаглен и Челик беше управувана од страна на „Висок орган'', кој што е контролиран од страна на органите претставени од владите на државите членки и имаа независно судство. Европската Заедница за Јаглен и Челик

[154] Барбаровски, op. cit., 44.
[155] Charles Bohlen, op. cit., 78.

била придружувана од две други слични заедници во 1957 година. Сите нејзини институции се спојуваат во идната Европска Економска Заедница, но го задржа сопствениот независен идентитет. Во текот на своето постоење, Европската Заедница за Јаглен и Челик, успеала во создавањето на заедничкиот Пазар, но сепак не можела да го спречи падот на јагленот и челикот[156].

Како премиер и министер за надворешни работи Роберт Шуман, беше важен инструмент во променувањето на француската надворешна политика, и често оспоруван од политиката на гоалистите и вршеше постојана контрола на деловите од германските територии Рур и Сар кои што потпаднаа под француска управа по завршувањето на војната[157]. И покрај либералноста, на која што му се спротивставуваа комунистите и гоалистите, француското Собрание изгласа неколку резолуции во корист на неговата политика за интегрирање со Германија. Водечките принципи на Роберт Шуман беа морални, со основна еднаквост на државите со цел да се отфрли политичката моќ која што доминираше претходно[158].

Декларацијата на Роберт Шуман од 9. V. 1950 година (позната уште како денот на Европа) се случи по две одржани конференции на француската влада[159]. Франција на тој начин беше првата влада која што се согласи да го сподели и зајакне суверенитетот во една национална заедница. Оваа одлука се базира на текст кој што бил напишан од страна на пријател и колега на Роберт Шуман, министерот за надворешни работи, правник по професија, Павел Ројтер и со помош на Жан Моне. Според донесената одлука, тие имале за цел да го здружат производството на јаглен и челик со цел зајакнување на заедничкиот Пазар. Роберт Шуман предложил „француско – германско производство на јаглен и челик како целина да се стави под еден заеднички „Висок орган'', во рамките на една организација која што ќе биде отворена за учество на другите држави во Европа[160]. Таквиот начин ќе помогне за подигнување на економскиот раст и пред се за циментирање на мирот помеѓу вековните непријатели Франција и Германија. Јагленот и челикот се многу важни ресурси кои што се потребни на една држава за зајакнување на тешката индустрија, па со здружувањето на овие средства меѓу поранешните непријатели бил направен првиот чекор на

[156] Derek, op. cit., 76.
[157] Барбаровски, op. cit., 49,
[158] Боби Митревски, op. cit., 58,
[159] Charles Bohlen, op. cit., 90,
[160] Барбаровски, op. cit., 53,

интегрирање помеѓу овие држави[161]. Роберт Шумановата одлука, била оценета од француската влада како голем подвиг, што подоцна се покажа како предлог кој што придонесе за нов развој на европското интегрирање. Планот исто така бил разгледан од Жан Моне, според кого овој предлог придонел за создавање на една европска федерација[162].

Роберт Шумановата декларација од која што се создаде Европската Заедница за Јаглен и Челик имала различни цели:

-Таа ќе го одбележи раѓањето на обединатата Европа,

-Таа ќе го охрабри светскиот мир,

-Таа ќе се трансформира чекор по чекор и ќе го зајакне интегративниот процес во Европа (преку наднационални заедници) што ќе доведе до унификација на Европската демократија вклучувајќи ги и Источна и Западна Европа иако се одделени со железната завеса,

-Таа ќе ги создаде првите светски наднационални институции,

-Таа ќе го создаде првиот светски меѓународен анти – карактер на Заедницата,

-Таа ќе придонесе за единствен Пазар во Заедницата,

-Таа ќе придонесе за подобрување на светската економија и државите во развој, како што се Африканските.

Прва негова цел било да се спречи понатамошна војна помеѓу Франција и Германија и другите држави во Европа и трајно исчезнување на војната[163]. Европската Заедница за Јаглен и Челик беше првенствен план замислен од страна на Франција и Германија со цел во умот на овие народи да придонесе до зближување и да се бара елиминирање на прастарата опозиција на Франција и Германија[164]. Секоја активност превземена од страна на двете држави мора правилно да се реализира. Јагленот и

---

[161] Првиот период е означен како создавање и развој на евроинтеграцијата (1951 – 1968), вториот период е означен како консолидација и проширување (1968 – 1973), третиот период е означен како евроскептицизам (1974 – 1984) и четвртиот период е означен како евроактивизам (1985 – 1992) со единствениот европски акт – единствен Пазар и договорот од Мастрихт,

[162] Боби Митревски, op. cit., 59,

[163] Charles Bohlen, op. cit., 73,

[164] Padgen, op. cit., 98,

челикот се од особено суштинско значење за понатамошното индустриско производство, бидејќи антикартелната агенција може материјално да зајакне. Роберт Шумановата цел беше: дека со зголемувањето на ресурсите Европа ќе може да продолжи во остварувањето на една од своите основни задачи, односно развојот на африканскиот континент. Со зголемувањето на индустриското производство ќе се наметне тенденција за зголемување на рестрективните пратки на националните пазари, со оглед на тоа Европската Заедница за Јаглен и Челик ќе обезбеди зголемување на производството, кое што е потребно за развој на неразвиените држави во Африка[165].

Во Западна Германија, Роберт Шуман склучил контакти со новата генерација на демократски политичари, со Конрад Арнолд, министер на претседателот на Северна Рајнска – Вестфалија, покраина во која што беше вклучено производството на јаглен и челик, особено Рур, а потоа беше портпарол на германското министерство за внатрешни работи. Тој даде голем број на говори и емисии за наднационалната заедница за јаглен и челик во ист временски период како Роберт Шуман[166]. Во периодот од 1948 до 1949 година Социјалдемократската партија на Германија и покрај поддршката која што ја имаше од страна на синдикатите и другите социјалисти во Европа, одлучи да се спротистави на планот на Роберт Шуман. Лична недоверба изрази лидерот на социјалдемократската партија на Германија, кој што јавно изјавил дека не треба Германија да се фокусира на интеграцијата на шесте држави, туку главна задача на германскиот народ е обединувањето. Според него на тој начин ќе се намали влијанието на ултранационалистичките и комунистичките движења на Западот. Тој истакнал дека Европската Заедница за Јаглен и Челик ќе стави крај на сите надежи во национализација на индустријата за челик и Европа треба да се оттргне од влијанието на кардиналите, свештениците и конзервативците. Но сепак другите западно – германски партии беа во корист на Заедницата и ја поддржаа идејата за над – национална обединета Европа[167].

Во Франција, Роберт Шумановата политика имала поддршка од сите делови на нацијата и од многуте не – комунистички партии. Забележлива била поддршката на луѓето од министерствата: Едуар Филип (претстедател на комитетот за надворешни односи) и Пол Рејнанд (поранешен премиер). Проекти за развојот на јагленот и челикот

[165] Маргарита Пешевска, op. cit., 50.
[166] Бејл, Европска политика, Скопје, Академски печат, 2009, 31,
[167] Barnet, op. cit., 98.

биле формулирани од страна на поткомитети на Советот на Европа во периодот пред Роберт Шуман да застане на чело на француската владина политика. Шарл де Гол бил надвор од власта, но имал за цел да ги искористи богатите рудни наоѓалишта во Рур, за подобрување на француската индустрија. Во 1950 година Шарл де Гол бил против создавањето на Европската Заедница за Јаглен и Челик и за задржување на француската армија во германската окупирана зона[168]. Шарл де Гол сметал дека Европската Заедница за Јаглен и Челик неможе да ја зајакне доволно националната власт, бидејќи Собранието не можело да се ратификува со европскиот референдум. Тој не го прифатив тврдењето на Рејмон Арон дека Европската Заедница за Јаглен и Челик била наметната како движење надвор од доминацијата на Соединетите Американски Држави. Шарл де Гол и неговите следбеници гласале против ратификацијата во долниот дом на францускиот парламент[169].

И покрај ваквите напади на партиите од екстремната левица, Европската Заедница за Јаглен и Челик пронајде значително јавна поддршка која што беше основана. Таа доби силно мнозинство на гласови во сите единаесет комори на парламентите на шесте држави и одобрување од здруженијата за европското јавно мислење. Роберт Шуман во 1950 година изјавил: „многу размислував за добиената војна која што беше неизбежна''[170]. За челикот и јагленот интересите биле големи, но сепак опозицијата изгубила во своите намери. Советот на Европа создаден од страна на Роберт Шумановата прва влада во мај 1948 година помогна да се артикулира европското јавно мислење и даде позитивна поддршка на идејата за создавањето на Заедницата[171]. Со договорот од Париз според член 100 беше основана Европската Заедница за Јаглен и Челик која што била потпишана на 18. IV. 1951 година од страна на шесте западноевропски држави: Франција, Западна Германија, Италија, Белгија, Луксембург и Холандија[172]. Европската Заедница за Јаглен и Челик беше првата меѓународна наднационална организација која што се заснова на принципите преку воспоставување на заеднички Пазар за јаглен и челик со намера да ги прошири на животниот стандард во рамките на таа заедница. Таа на пазарот се наметна со

---

[168] Pol Kenedi, op. cit., 72,
[169] Боби Митревски, op. cit., 61,
[170] Барбаровски, op. cit., 61,
[171] Padgen, op. cit., 134,
[172] Значајно да се напомене дека потребата за непосредна соработка беше согледана веднаш по завршувањето на Војната. Така Белгија, Холандија и Луксембург уште на крајот на 1944 година се согласија да формираат царинска унија, тој договор е ратификуван дури во 1948 година под името Бенелукс како модел на економска соработка меѓу различните држави во тој дел на Европа,

постепено рационализирање на дистрибутивното производство на високо ниво, нејзина важна задача беше и стабилноста на економијата и зголемување на вработеноста. Заедничкиот Пазар за јагленот беше отворен на 10. II. 1953 година, а за челикот на 1. V. 1953 година. По стапувањето на сила Европската Заедница за Јаглен и Челик се наметна како силен меѓународен орган во Рур. На 11. VIII. 1952 година Соединетите Американски Држави беа првата држава која што ја признаа Заедницата и изјавија дека Европската Заедница за Јаглен и Челик успешно ќе ги решава прашањата и ќе соработува со американската делегација чиешто седиште е Брисел. Претседателот Жан Моне го прифати изборот на Вашингтон за Соединетите Американски Држави да бидат првата држава која што ќе ја започне соработката со Заедницата.

# 2.ИНСТИТУЦИИ

Институциите на Европската Заедница за Јаглен и Челик биле: Високиот орган, Заедничкото собрание, Советот на министри и Судот на правдата. Консултивниот комитет е формиран заедно со Високиот орган и претставува институција на граѓанското општество. Ова беше прво меѓународно претставување на институции во историјата кои што граѓаните сами можат да ги избираат[173]. Овие институции беа споени во 1967 година со институциите на Европската Заедница, која што потоа управуваше со Европската Заедница за Јаглен и Челик, освен со Комитетот, кој што и натаму остана да биде независно тело до неговото истекување до јануари 1993 година. Како привремен компромис за локација на институциите одреден бил Луксембург, а седиштето на Собранието предложено било да биде во Стразбур.

**Високата власт – орган** (претходникот на Европската комисија) е деветчлен извршен орган кој што на почетокот управувал со Заедницата. Франција, Италија и Германија именувале двајца членови во извршниот орган и тројца членови кои што се именувале по еднаш. Потоа овие осум органи го именувале деветтото лице кое што ја имало функцијата претседател на Врховното тело. Прв претседател на Високиот орган бил Жан Моне. Негова надлежност била да донесува правно – обврзувачки акти, реализација на главните цели на заедницата, па затоа не примал наредби од националните власти[174].

Членовите на Високиот орган со Спогодба биле именувани од националните влади и делувале здружено. Тие имале за задача да не ги претставуваат своите национални интереси, туку да дадат заклетва за одбрана на општите интереси на Заедницата како целина. Нивната независност била потпомогната од страна на членовите на Заедницата каде што им било забрането да имаат каква било политичка активност надвор од телото или да прават приватни бизнис интереси. По три години откако ќе ја напуштат функцијата, дополнително требале да се обврзат на непристрасност, а една третина од членството требало да се обновува на секои две години. Принципот „иновации на

---

[173] Barrot, European Union Institutions, Oxford, Oxford University Press, 2007, 33; Билјана Ванковска, Институции на Европската Унија, Скопје, Филозофски Факултет, 2008, 27,

[174] John Peterson, Institutions of European Union, Oxford, Oxford University Press, 2006, 136; Barrot, op. cit., 36; Билјана Ванковска, op. cit. 30; Боби Митревски, op. cit., 100,

власта'' беше од национален карактер. Власта имаше широка област на компетентност, со цел да ги обезбеди целите на договорот и заедничкиот Пазар да функционира без проблеми. Високиот орган можел да издава три вида на правни инструменти. Одлуки кои што се целосно обврзувачки се законите, препораките, кои што биле составени од државите членки и мислењата кои што имале правна сила. До спојување на трите европски организации дојде во 1967 година.

**Собранието** (кое што подоцна станува Европски парламент) било составено од 78 претставници и ги извршувало надзорните извршувања во извршната власт на Високиот орган. Претставниците на собранието биле национални пратеници делегирани секоја година од страна на нивните парламенти или директно избрани од страна на универзално право на глас. Првите одржани избори од потпишувањето на Римските договори се одржале во 1979 година. За Договорот од Париз се користи терминот „претставници на народите''. Во Собранието првично не бил наведен планот на Роберт Шуман, поради што се надевале дека Заедницата ќе ги користи институциите како Советот на Европа[175]. Кога се забележало дека тоа станува невозможно, бидејќи имало забелешки од страна на Британците, морало да се создадат посебни институции. Собранието било сметано како демократска контра – тежина и имало за цел да врши проверка на Високиот орган и дополнително да ја советува владата поради неправда, некомпетентност, корупција или измама. Прв претседател на собранието бил Пол Хенри Спаак.

**Специјалниот совет на министри** (еквивалентетен на Советот на Европската Унија) беше составен од претставници на национални влади. Претседателството се одржувало од страна на секоја држава во период од три месеци што ротира меѓу нив по азбучен редослед. Еден од нејзините клучни аспекти е усогласување на работата на Високиот орган и на работата на националните влади кои што сеуште се одговорни за општествената и економската политика. Советот исто така дава мислење по одредени области на работата на врховното тело[176]. Прашањата кои што се однесуваат на јаглен и челик биле ексклузивни во доменот на Високиот орган и Советот (за разлика од современиот свет) кои што имале задача да делуваат како посебен орган. Сепак доколку сака некоја институција да делува надвор од договорот за јаглен и челик се бара согласност од Советот.

---

[175] John Peterson, op. cit., 142; Barrot, op. cit., 51; Билјана Ванковска, op. cit., 31,
[176] John Peterson, op. cit., 45,

**Судот на правдата** имал задача да се грижи за почитувањето на правниот систем на Европската Заедница за Јаглен и Челик. Тој ја гарантирал правилната промена на Договорот, вршел контрола врз неговата примена и одлучувал во случај на спор. Тој бил механизам на независна судска контрола над одлучувањето и дејствувањето на Високиот орган. Освен тоа, Судот бил единствениот орган кој што можел да толкува договор, во случај на потреба од појаснување на неговите одредби[177]. По многу одлуки, уште на самиот старт, Судот добил повеќе карактер на внатрешен отколку на класичен меѓународен судски орган. Како странки кои што покренуваат постапка за поништувањето на одлуката на Високиот орган според Судот можел да се јават државите членки. Советот на поништената одлука на Високиот орган, имал непосреден ефект врз дејностите на физички и правни лица, бидејќи морал да ја спроведе судската одлука и да ја надомести евентуалната штета која што настанала со донесувањето на неговата одлука.

**Консултативниот комитет** (слично на Европскиот и консултативниот комитет) бил составен од 50 членови кои што се поделени подеднакво помеѓу производителите, работниците и потрошувачите и дилерите на јаглен и челик во нивните сектори. Парискиот Договор барал претставниците на европските асоцијации, да ги организираат своите сопствени демократски процедури. Тие имаат задача да воспостават правила, да го направат членството поорганизирано, каде што претставникот ќе биде од демократско организирано граѓанско општество. Членовите биле назначени за две години и не биле обврзани со мандат или инструкција од организацијата која што гии именувала. Повторните демократски процедури не биле воведени и номинирани од оние членови кои што останале во рацете на националните министри. Високиот орган е должен да се консултира со комитетот во некои случаи на одредени договори кои што се однесуваат за придонес на економскиот развој[178]. Консултативниот комитет ќе остане одделно тело кога ќе истече договорот, а должноста ја превзема од страна на Економскиот и социјалниот комитет. И покрај неговата независност, Комитетот соработува со останатите институции околу донесување на одлуките[179].

---

177 Barrot, op. cit., 23,

178 John Peterson, op. cit. , 66,

179 Боби Митревски, op. cit., 65,

Неговата мисија не беше лесна: бидејќи треба да придонесе за проширување на економијата, развојот на вработувањето и подобрување на животниот стандард на своите граѓаби. Во однос на јагленот и челикот Заедницата имаше мал ефект со секторите кои што се однесуваа за следење на светските трендови. Трговската размена меѓу државите – членки го зголемило производството на јаглен и челик. Комитетот ја спасил Заедницата околу дополнителните трошоци на инвестиции, особено во увозот кој што воглавно бил наменет за Соединетите Американски Држави и допринесе за индустриски развој во државите. Високиот орган издаде заеми на државите членко околу 280 милиони долари за модернизација на индустријата која што особено придонесе за подобрување на производството и намалување на трошоците. Трошоците беа дополнително намалени со укинувањето на царините на границите[180].

Меѓу најголемите достигнувања на заедницата на Европската Заедница за Јаглен и Челик се оние кои што се однесуваат на социјалните прашања. Некои рудници беа неодржливи и без владини субвенции не функционираа, а некои имаа исклучително сиромашни рудари на домување. За период од петнаесет години се изградија 112. 500 станови за работниците, овозможувајќи и право да си ги купат. Европската Заедница за Јаглен и Челик исто така плати половина од трошоците на трудот за прераспределба на дел од оние работници кои што ги изгубиле своите работни места, кога почнаа да се затвораат објектите кои што служеа за производство на јагленот и челикот. Во комбинација со регионалниот повторен развој на помош на Европската Заедница за Јаглен и Челик беа потрошени 150. 000 милиони долари во креирање на 100. 000 работни места, од кои што една третина беа вработени во производството на јаглен и челик. Гаранциите измислени од Европската Заедница за Јаглен и Челик беа предложени на работниците надвор од производството на јаглен и челик[181].

Со создавањето на првата Европска социјална политика, се тврдеше дека Европската Заедница за Јаглен и Челик воведе европски мир. Тогаш за прв пат во континентот Европа се воведе данокот. Имајќи во предвид дека државите – членки на Европската заедница се соочуваат со најдолгиот период во временски интервал од две илјади години на меѓусебни судири, ова беше опишано како најевтин данок за мир во историјата. Уште една светска војна или светско самоубиство, како што изјавил Роберт Шуман на континентот нема да постои и новата закана во 1949 година која што се

[180]John Peterson, op. cit., 67; Barrot, op. cit., 25.
[181] Исто, 96,

случи за време на Студената војна беше избегната. Во октомври 1953 година Роберт Шуман изјавил дека можноста за уште една европска војна е избегната. Расудувањето мораше да надвладее меѓу државите – членки[182].

Сепак Европската Заедница за Јаглен и Челик не успеала да постигне неколку основни цели со Договорот од Париз, бидејќи не се надеваше дека ќе наиде на поголеми групи кои што биле против здруженото производство на јаглен и челик како што биле концерните, кои што му помогнаа на Адолф Хитлер да застане на власт. За време на студената војна размени на картелите се појавија во големите компании, што доведе до одредување на цените (уште еден важен елемент кој што се решил). Со минатото беа избегнати со анти – картелните овластувања на органот, со формирањето на првата меѓународна анти – картел агенција во светот[183]. На ефикасните фирми им беше дозволено да се прошири европскиот Пазар без непотребна доминација. Нафтата, гасот, енергијата станаа природни конкуренти на јагленот и ги нарушија картелните овластувања. Благодарение на нафтата Заедницата успеа да дефинира соодветна енергетска политика. Договорот за европска безбедност во голема мера беше оневозможен од страна на Шарл де Гол[184]. Европските влади го одбија предлогот на Заедницата во врска со електричната енергија и други вектори што беше предложено во Месина во 1955 година[185]. Во време на висока инфлација и монтирана нестабилност Европската Заедница за Јаглен и Челик исто така не успеа да обезбеди зголемување на платите на работниците во рамките на пазарот. Овие грешки тешко можеле да се реалзираат за толку краток временски период кои што ќе бидат реализирани за време на основањето на Европската Економска Заедница. Но сепак, најголемите достигнувања на Европската Заедница за Јаглен и Челик лежат во своите револуционерни демократски концепти на наднационалните заедници[186].

---

[182] Barnet, op. cit., 63.
[183] Христо Карталов, op. cit., 40 – 49,
[184] Pol Kenedi, op. cit., 65,
[185] Derek, op. cit., 59,
[186] Исто, 95,

# ГЛАВА VI

# „СТУДЕНАТА ВОЈНА'' – СОСТОЈБА НА ОДНОСИ МЕЃУ СУПЕР СИЛИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

Од аспект на појмовното детерминирање на „Студената војна'' постојат различни дефиниции. Зависно од политичките, меѓународно – правните, филозофските и државните, повеќе субјективни отколку објективни погледи, сфаќања и определби, постојат повеќе и не докрај искажани дефиниции за оваа категорија на меѓународни односи[187].

Сепак, со оглед на фактот дека „Студената војна'' егзистирала како полувековна категорија на односи помеѓу државно – политичките субјекти во меѓународната заедница, од завршувањето на Втората светска војна до условно земениот крај, падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година, може појмовно да се детерминира како состојба на директни конфронтирани односи меѓу големите сили, посебно меѓу супер силите, во кои што, за реализирање на своите цели во рамките на глобалниот стратегиски контекст (политички, економски и воен) се исклучени воените сили и средства на сите нивоа[188].

Од вака дефинираниот поим произлегува и суштината на состојбите во односите меѓу моќните актери или новите актери на светската моќ:

- ниту воено конфронтирање ниту мир меѓу големите сили, односно супер силите,
- јакнење на сопствените позиции во глобалниот (меѓународен) стратегиски контекст и вложување на перманентни напори за слабеење на соодветните позиции на противникот и
- исклучување на сите сили и средства во играта на конфронтирањето кои што можат да ја кренат границата на ризикот до меѓусебно воено конфронтирање,

[187] Зоран Нацев, Радко Начевски, Безбедност и националната одбрана, Скопје, Филозофски Факултет, 2001, 137,
[188] Исто, 97,

кое што неизбежно би водело кон меѓусебно нуклеарно уништување, во овој случај и планетрано уништување[189].

Дефинираната „Студена војна" како нова состојба во меѓународните односи, била обусловена од неколку објективни но и субјективни фактори кои што во тоа време се експонирале како детерминанти на големодржавните, односно империјалните политики пред се на супер силите, сметајќи се себеси како предводници на планетарната егзистенција а во крајна истанца и како одговорни за нејзината судбина. Глобално, тие се следните:

Прво, од војната наследената огромна воено – уништувачка хипертрофија, Соединетите Американски Држави во нуклеарни оружени системи а СССР во конвенционални вооружени сили и средства, ipso facto ја крена границата на нејзината неможност да се употреби како средство за реализирање на политички цели, бидејќи ефектуирањето на таквата сила би го довела во прашање и самиот биофизички опстанок на цивилизацијата,

Второ, наметнување на сопствениот политички и економско – социјален систем едни на други и на што поголеми простори на останатиот свет, непрекинато гледајќи ја сликата на сопственото совршенство и тотална промашеност на другиот (те), кои што во глобални размери ќе се манифестира како глобална борба во сите сегменти на стратегискиот контекст Запад – Исток,

Трето, во межусебната конфронтација, вовлекување на голем број на други народи и држави, кои што во силите на спротивставените глобални системи ќе наоѓаат свој интерес и истите ќе ги поддржуваат или ќе водат без компромисна борба за политичка, економска и воена еманципација и

Четврто, градење на воени способности, конвенционални и нуклеарни, без ограничување, манифестирајќи ја на тој начин проминентноста на сопствената воено – уништувачка хипертрофија во евентуална воена разврска на меѓусебната спротивставеност, но со секогаш присутната воздржаност, како стратегиска определеност, таквата разврска никогаш да не се случи[190].

---

[189] Исто, 98,
[190] Исто, 138,

Спротивставените односи на Соединетите Американски Држави и СССР, кои што непосредно по завршувањето на Втората светска војна примија карактер на остра конфронтација на два спротивставени глобални политичко – економски системи Запад – Исток или капитализам – комунизам кулминирале со биполарно подвојување на светот. На тој начин, големите сојузници и главни креатори на победата по Втората светска војна, непосредно по нејзиното завршување, прераснале во два спротивставени центри на светската моќ[191].

Истовремено тие се експонирале како пиемонти на биполарното светско групирање. Биполарната поделеност на светот, како реална состојба на односи на конфронтираните гоилеми сили Запад – Исток, со временска димензија до фрагментацијата на реал – социјализмот како систем, на цивилизацијата и подарил егзистирање и развој во амбиент на една „студена војна'' и на голем број „жешки војни'', во кои што покрај покрај непроценливите материјални уништувања животот го загубиле над 22 милиони луѓе[192].

Во услови на остро спротивставени односи, на Запад и Исток се погласни станувале определбите на нивните стратези за воена разврска на спротивречностите, потенцирајќи дека тие неизбежно воделе кон Трета светска војна[193].

Следствено на така воспоставените релации на меѓусебните односи, Соединетите Американски Држави, прифаќајќи ја улогата на предводник на ширењето на капитал – системот на планетраните простори, своите стратегиски определби ги засновувале на следните претпоставки: комунизмот е главен непријател на „слободниот свет'' и на неговиот демократски кодекс и институции, глобалната цел на неговата стратегија е експанзионизам и надвладување на планетарните простори, комунистичката идеологија и политика се главни противници на интересите на Соединетите Американски Држави, Соединетите Американски Држави се единствената светска сила која што може да се спротивстави на комунистичката експанзија и тоа со перманентно водење на бескомпромисна борба во сите сфери на општествениот контекст и на просторите на неговото експонирање[194].

Како основни сили и средства кои што можеле да ги реализираат зацртаните глобални стратегиски цели во борбата против експанзионистичката политика на

---

[191] Исто, 139,

[192] Исто, 140,

[193] Исто, 140,

[194] Исто, 140,

комунизмот, Соединетите Американски Држави ги детерминирале следните: економска и друга помош која што ќе ги стабилизира капиталистичките системи во државите на Западна Европа, отстранување на економско и политичко влијание во државите на Азија и Африка[195].

За реализирањето на така дефинираните стратегиски определби и цели, како првична глобална стратегиска акција во економската сфера, се смета донесувањето на „Маршаловиот план" во 1947 година[196]. Планот имал за цел: доделување на финансиска помош од 22 милијарди долари за санирање на руинираните економии во војната на Западно – Европските и други држави за да се стабилизирал капитал – системот во истите, но и за фаќање на „темел" на американскиот капитал на големиот западно – европски простор[197].

Покрај економските сили и средства, во борбата против експанзијата на комунизмот надвор од границите на постоечкиот простор на неговото егзистирање, неопходно било и воено – политичко организирање за воена одбрана на капиталистичкиот табор[198].

Од тој аспект, Соединетите Американски Држави го детерминирале т.н. „containment", како стратегиска определба за задржување на комунизмот во постојните граници и оневозможување на неговото натамошно инфилтрирање[199].

По војната, експониран како најмоќна сила на комунистичкиот табор, СССР ја прокламирал глобалната стратегиска цел: да постане пиемоинт на поврзување и обединување на комунистичките држави, прво политички, а потоа економски и воено[200].

Бидејќи на победоносниот пат во војната до доаѓањето на советските војски до Берлин, бил најзаслужен за втемелувањето на комунистичкиот систем во повеќе

[195] Исто, 141,

[196] „Маршаловиот план" бил усвоен на 5. VI. 1947 година од страна на 16 европски држави. Името го добил според предлагачот на планот, тогашниот министер за надворешни работи на Соединетите Американски Држави на Соединетите Американски Држави, Џорџ Маршал,

[197] Зоран Нацев, Радко Начевски, Безбедност и националната одбрана, Скопје, Филозофски Факултет, 2001, 140,

[198] Зоран Нацев, op. cit., 141,

[199] Во тој контекст, претседателот на Соединетите Американски Држави Хари Труман во својата порака од март 1947 година ќе каже: „Семето на тоталитарните режими се развива на сиромаштво и беда. Тоа се шири и зајакнува на ложа земја на сиромаштво и кавги. Тоа, својата целосна форма ја достигнува кога надежите на луѓето за живот се замрени. Ние, таквата надеж мораме да ја држиме". (State Department Bulletin, March, 23. 1947),

[200] Зоран Нацев, Радко Начевски, op. cit., 140,

држави на европскиот простор, кои што пред војната биле капиталистички држави, многу брзо почнал да ја реализира стратегиската цел[201].

Речиси сите источноевропски држави советскиот концепт на државно – политичко и економско – социјално уредување го прифатиле како сопствен концепт на поствоеното уредување. На тој начин бил обезбеден целосен консензус за стапување во интегративен контекст, најнапред на воено – политички а потоа и на економски план[202].

Оттука може да се заклучи дека улогата на супер – силите во меѓународната заедница, за разлика од улогата која што ја имале другите државно – политички субјекти, била предоминантна. Благодарејќи на својата моќ (политичка, економска и воена) експонирана непосредно по завршувањето на Втората светска војна, тие успеале на светот да му ја наметнат својата супериорност која што се манифестирала преку нивното неприкосновено влијание во натамошниот развој на меѓусебните односи[203].

Втемелувањето на биполарната ориентација во градењето на меѓународните односи, наместо кон разрешување на противречностите, нужно водела кон нивно распламнување и создавање на нови форми на антагонизми и судири[204].

Тоа довело до воено – политичко организирање на спротивставените табори Запад и Исток, кои што до фрагментацијата на реалсоцијализмот, а со тоа и на Варшавскиот договор, имале големо а во некои периоди и пресудно влијание на севкупната консталација и развој на односите во меѓународната заедница[205].

## 2.ВОЕНО – ПОЛИТИЧКО ИНТЕГРИРАЊЕ НА ДРЖАВИТЕ ВО НАТО ПАКТОТ

Ако „Берлинската криза" од јуни 1948 година и победата на Кинеската социјалистичка револуција во наредната година се земат како кулминативни точки на спротивставените односи Запад – Исток, може да се каже дека тие биле и основниот

[201] Исто, 141,
[202] Исто, 141,
[203] Исто, 142,
[204] Исто, 142,
[205] Исто, 143,

повод за превземање на воено – политички и дипломатски чекори, но и чин на оправдување за започнување на процесот на воено – политичко интегрирање на државите на капитал – системот, а подоцна како повод за такво интегрирање и на комунистичкиот табор[206].

Соединетите Американски Држави, тргнувајчи од значењето на европскиот простор и другите планетарни простори, на кои што по војната воспоставија своја контрола и воено присуство, дефинирајќи ги во глобалната стратегија како простори од кои што зависи не само нивната егзистенцијална судбина, туку и судбината на капитал – системот во општо, превзеле низа нормативни, правно – политички и воени влијанија и активности на СССР и други сили на тие подрачја[207].

Правно – политичката платформа за воено – политичко интегрирање на Соединетите Американски Држави со други држжави се содржала во т.н. „Вандембергова резолуција" која што Сенатот на Соединетите Американски Држави ја усвоил на 11. VII. 1948 година[208].

Во Резолуцијата било зацртано дека „Соединетите Американски Држави можат да стапуваат, односно да организираат такви регионални и дрѕги колективни аранжмани кои што ќе се засновуваат на постојана и ефективна помош и взаемна помош, а кои што имаат влијание на националната безбедност на Соединетите Анерикански Држави[209].

Врз основа на „Вандемберговата резолуција" на иницијатива на Соединетите Американски Држави, на 4. IV. 1949 година бил формиран НАТО пактот (North Atlantic Treaty Organization), кој што претставувал воено – одбранбен сојуз, првично потпишан меѓу: Белгија, Данска, Франција, Холандија, Исланд, Италија, Канада, Луксембург, Норвешка, Португалија, Соединетите Американски Држави и Велика Британија. Во 1952 година кон НАТО пактот се приклучиле Грција и Турција, а во 1955 година и Сојузна Република Германија[210].

---

[206] Исто, 143,
[207] Исто,
[208] „Вандемберговата резолуција" од стратегиски аспект, имала значење на легитимно напуштање на Соединетите Американски Држави на предвоената стратегиска определба на т.н. „изолационизам" (Америка на Американците или немешање на Америка во меѓународниот политички контекст надвор од сопствениот државен простор), а прифаќање на нова повоена стратегиска ориентација на „интервенционизам", односно за превземање на одговорност за заштита на капитал – системот без обѕир на лоцираноста на загрозените дестинации на планетарниот простор,
[209] Зоран Нацев, Радко Начевски, op. cit., 144,
[210] Во 1967 година НАТО пактот го напуштила Франција, бидејќи не се согласувала со глобалниот пристап на одбранбената политика на пактот,

Иако во НАТО пактот биле дефинирани содржини и од економска приирода, сепак, основната функција му била „колективна одбрана и зачувување на мирот и безбедноста''[211].

Во НАТО пактот, американската воено – политичка стратегија била наднационална стратегија и од тој аспект доминантни биле глобалнбите интереси на Соединетите Американски Држави. Од тука, во глобалниот стратегиски контекст на НАТО пактот биле детерминирани следните стратегиски цели: спречување на ерозијата на капиталистичкиот систем на планетарните простори, спречување на ширерето на комунистичкиот систем надвор од неговите воспоставени граници и спречување на сите други можни загрозувања на капитал – системот од постојните или ново експонираните форми на загрозување[212].

За да ги реализирал зацртаните стратегиски цели, НАТО пактот формирал единствени стални заеднички Вооружени сили, составени од делови на Вооружените сили на државите партиципиенти, согласно на нивната големина и можности, освен Исланд кој што немал Вооружени сили[213].

Фрагментацијата на реал – социјализмот ја потврди оправданоста на постоењето на НАТО пактот. Таа е евидентна во следното: концентрсцијата на воената моќ на НАТО просторот се покажала како функционален „детерент'' против соодветните сили и средства на спротивната страна, истурената стратегиска линија на НАТО базите се покажала како функционална во синхронизацијата на раководењето и командувањето со сите воени сегменти на спротивниот стратегиски контекст и целосна практична верификација на американскиот наднационален стратегиски контекст како фундамент на НАТО стратегијата[214].

---

[211] Врховен орган на НАТО пактот бил Советот, во кој што влегувале: министрите за надворешни работи, одбрана и финансии. Највисок воен орган на НАТО пактот бил Воениот комитет кој што го сочинувале началниците на генералштабовите на државите членки. Се состанувал два пати во годината,

[212] Зоран Нацев, Радко Начевски, op. cit., 144,

[213] Исто, 145,

[214] Исто, 146,

## 3.ВОЕНО – ПОЛИТИЧКО ИНТЕГРИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ ДРЖАВИ – ВАРШАВСКИ ПАКТ

Варшавскиот договор, како воено – политичка организација на поголемиот дел на социјалистичките држави бил потпишан на 14. V. 1955 година во Полска, во Варшава, меѓу: Народна Република Албанија, Народна Република Бугарија, Народна Република Унгарија, Демократска Република Германија, Народна Република Полска, Народна Република Романија, СССР и ЧССР, со време траење од 20 години[215].

Другите социјалистички држави се согласиле со формирањето на договорот и во работата на истиот учествувале со статус на набљудувачи. Во 1968 година Народна Република Албанија го напуштила договорот[216].

Варшавскиот договор, како и НАТО пактот бил над национално воено – политичка организација, во која што СССР имал водечка улога. Покрај тоа што тој бил формиран како против тежа на НАТО пактот, неговата моќ била насочена и кон спротивставување и елиминирање на обидите на државите – членки да го реформираат или променат наметнатиот унитарен модел на социјалистичко уредување, воено да се ангажира во државите надвор од Варшавскиот договор, да превзема воени интервенции во државите членки на договорот и таквата практика да ја спроведува и во некои неврзани држави[217].

Највисок орган на договорот бил Политичкиот консултативен комитет кој што го сочинувале највисоките партиски и државни претставници на сите државни членки. Други поважни органи биле Секретаријатот на комитетот и Заедничката воена команда[218].

На економски план, во рамките на Варшавскиот договор бил формиран Совет за економска соработка, како економска интеграција на државите членки[219].

Меѓутоа, иако Варшавскиот договор бил склучен како привремена воено политичка организација со траење од 20 години, тој траел до фрагментацијата на реал – социјализмот, манифестирајќи ја притоа целата своја дисфункционалност бидејќи огромната воена моќ интегрирана врз идеолошки основи не успеа војнички да го запре сопствениот распад[220].

---

215 Исто, 146,
216 Исто, 146,
217 Исто, 146,
218 Исто, 147,
219 Исто, 147,
220 Исто, 147,

# ГЛАВА VII

# БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ ПОМЕЃУ ИСТОКОТ И ЗАПАДОТ

## 1. ГРЦИЈА ПО 1945 ГОДИНА

Во периодот кога комунистичките партии и коалиции во кои што доминирале комунистите ја превзеле власта во соседните држави, политичката ситуација во Грција, исто така, се влошила. Како што видовме, во декември 1944 година владата на Велика Британија дејствувала решително за да го задржи своето влијание во Атина. За време на следните неколку месеци, останало општо убедување дека Велика Британија и натаму ќе биде доминантна сила во Средоземјето со центар во Грција. Во согласност со оваа политика, претставниците на Велика Британија посветувале голем дел од своето внимание на политичката ситуација во Грција и биле правени напори да се започне со повоена реконструкција. Во Грција пристигнале мисии на Велика Британија со цел да помогнат за повторно воспоставување на финансиските институции, законскиот систем и полицијата, како и да дадат своја помош во економските и хуманитарните проекти. Генерал Скоби и сер Р. Липер имале големо влијание, тие биле консултирани за составот на сите осум влади кои што биле на власт меѓу јануари 1945 и април 1946 година. Еден близок набљудувач овие настани вака ги коментирал: „До 1947 година владата на Велика Британија ги назначуваше и разрешуваше премиерите на Грција речиси не обрнувајќи внимание на уставните формалности. Експертите на Велика Британија ја диктираа економската и финансиската политика, одбраната и надворешната политика, безбедносната и законодавната политика, политиката на синдикатите и вработувањето’’[221].

[221] C. M. Woodhouse, The Struggle for Greece, 1941 – 1949, London, Hart – Davies, MacGibbons, 1976, 149; Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија, Скопје, 1987, 19 - 46; Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, Скопје,

Општо земено, советниците од Велика Британија работеле со умерените и прогресивните елементи од грчката политичка сцена, како што се партиите кои што ги предводеле: Папандреу, Пластирас и Софулис. Истовремено, десните иројалистите успеале да ја зајакнат својата контрола врз новоорганизираната полиција и воената гарда. На цврстата рака на Велика Британија се гледало со зголемен критицизам од страна на левите партии и често од страна на Соединетите Американски Држави, чија што влада и натаму се држела настрана од настаните од Грција. Сепак, фондовите од Соединетите Американски Држави биле основа за огромната хуманитарна помош преку Управата на Организацијата на Обединетите Нации за помош и обнова, или УНРРА, која што ја чувала Грција од изгладнување[222].

Во меѓувреме, поранешните политички коалиции се прегрупирале: најголемо влијание имале популистите на чело со Цалдарис, либералите предводени од Софулис, националните либерали со Гонатас и Зервас и Националната политичка унија составена од од следбениците на: Папандреу, Панајотис Канелопулос и Софоклис Венизелос. Како и порано, партиите биле концентрирани околу силни поединци. Вакви комбинации се формирале лесно, но нивната базична нестабилност ѝ давале на политичката сцена елемент на несигурност[223].

Иако центарот и десното крило биле поделени на фракции, левото крило уште похаотична слика. До 1945 година коалицијата ЕАМ ослабнала. Многу од нејзините понанешни членови биле разочарани поради политиката која што се водела во декемвриските граѓански воени судири и поради злосторствата извршени во некои области, акции во кои што биле вршени масовни погобувања на опонентите и земање заложници. На републиканското лево крило, кое што било составено од одреден број мали групи, како што се земјоделците и социјалистите со различни програми, им недостигал силен центар. Главна точка на нивниот договор бил отпорот кон враќањето на кралот, но околу поголем број други точки тие сè уште се расправале. Од левите партии ККЕ останала најсилна и покрај нејзините внатрешни тензии[224].

За време на војната водечка личност во КПГ бил Георги Сиантос, политичката моќ била обезбедена преку локалните членови на партијата. Оваа ситуација се сменила

---

1987, 51 – 100, 51 – 100; Стојан Киселиновски, Ирена Ставови – Кавка, Малцинствата на Балканот (XX век), Скопје, 2004, 53 - 90; Барбара Јелавич, op. cit., 357,

[222] Барбара Јелавич, op. cit., 357,

[223] Исто; Кръстьо Манчев, op. cit., 93 – 111,

[224] Исто, 358,

во 1945 година кога Никос Захаријадис[225] се вратил од затвор од Германија. Со тесни врски со меѓународните комунистички кругови, новото водство било крајно критички расположено кон дотогашната политика. Иако сè уште теоретски била фаворизирана политиката на народниот фронт, сакајќи да влезе во владината коалиција, партијата веќе прифатила активен и агресивен став кон политичката ситуација на времето.Особено била напаѓана улогата на Велика Британија во работите на Грција, а владата била обвинувана како „монархофашистичка''. Истовремено се одржувале блиски односи со комунистичките партии на Албанија, Бугарија и Југославија, кои што биле во можност да го помогнат грчкото движење[226].

Како и за време на војната, соработката со бугарската и југоловенската организација била оптоварена со тешкотии. Грчките партизани и ККЕ секогаш имале голема поддршка во грчка Македонија. И покрај чисто грчкиот карактер на мнозинството на населението, Македонците кои што го зборувале словенскиот јазик, играле важна улога во отпорот. Со помош на југословенските партизани тие го основале Фронтот за националното ослободување на Славомакедонците, или СНОФ, подоцна реорганизиран во НОФ. Членовите на овој фронт ќе станат главна компонента на комуинистичките сили кон крајот на Граѓанската војна. Дури и пред избувнувањето на обновените граѓански конфликти, врските со КПЈ, не само на оваа група туку и на ККЕ биле блиски. Грчките комунисти можеле слободно да ја преминуваат границата, во 1945 година во Југославија биле формирани кампови за прифаќање на бегалци и за одржување на некаков вид воена обука. Овие тесни врски со северниот сосед неизбежно го поставиле проблемот на Македонија и прашањето за идниот статус на егејскиот дел. Со оглед дека проблемот подразбирал и можно отцепување на грчка територија, тоа останало сериозна пречка за ККЕ во нејзините напори да се здобије со јавна поддршка[227].

Варкискиот пакт од 1945 година не донел стабилни услови. И покрај напорите на Велика Британија, владата на Грција не била доволно силна да ги контролина настаните во внатрешноста. Иако ЕЛАС го предала оружјето како што било одредено од страна на владата, нејзините членови сè уште задржале доста оружје. Истовремено, сите лоши сеќавања и омрази останати од војната повторно оживеале. И комунистите и ројалистите, како и другите фракции, имале вооружени групи кои што им служеле на

[225] Никос Захаријадис (1903 – 1973), генерален секретар на КПГ (1931 – 1956), една од најпознатите личностите во граѓанската војна во Грција (1945 – 1949),
[226] Исто, 359,
[227] Исто, 359; Кръстъо Манчев, op. cit., 93 – 111,

располагање. Исто така, повторно се појавиле и традиционалните грчки одметници. Така постоеле бројни можности за лична одмазда. Сепак, предноста била на страната на елементите од десното крило и владата. Со повторно воспоставената грчка војска, чии што членови биле регрути, командувал главно предвоениот офицерски кадар, кој што во најголема мера билројалистички. Иако во војската пред тоа имало многу републикански офицери, кои што често биле и доминантни, голем број од нив биле елиминирани по 1936 година. И полициските сили биле составени првенствено од луѓе кои што на својата положба се одржале за целото време на окупацијата а биле антикомунисти. Исто така, десничарите можеле да го искористат делот од договорот во Варкиза, кој што им дозволувал апсење на поранешни партизани кои што извршиле злосторства според обичајното право. Судовите се покажале како многу поагилни во прогонувањето на овие луѓе, отколку во судењето на злосторствата кои што се однесувале на соработката со непријателот. Така најглавното оружје на репресијата било во рацете на центарот и десното крило, групи кои што во тоа време очигледно ја имале и поддршката од најголемиот дел од грчкиот народ[228].

За разлика од условите во поголемиот дел на Европа, економската ситуација во Грција не се подобрила по завршувањето на Втората светска војна. Осум отсто од населението, или 0,5 милиони од вкупно седум милиони жители загинале. Во Грција владеела голема инфлација, истовремено платите останале мали. Постоел постојан проблем со трговскиот биланс. Грција сè уште морала да увезува храна за да го спречи гладот, а немала средства за плаќање. Иако и УНРРА испраќала помош, значаен процент од помошта завршувал на црната берза. Очигледната корупција и профитерството предизвикале голема општествена огорчеост. Селата и планинските области се наоѓале во особено тешка ситуација. Тие немале патишта или други средства за комуникација неопходни да се обезбеди ефикасно доставување на помошта, ниту пак имале политичко влијание да се обезбедат дека го добиле нивниот праведен дел од храна и облека кои што биле на располагање. Гладот, бедата и длабокото разочарување кои што биле присутни во внатрешноста создале услови за востание[229].

Првото политичко прашање кое што морало да се реши било прашањето за монархијата. Укинувајќи ја претходната одлука поради протестот на Советите, западните влади решиле изборите за собранието да бидат одржани пред плебисцидот

[228] Исто, 359,
[229] Исто, 359,

за кралот, мерка со која што не се согласувал ниту Георги II. За следење на изборите било потребно да бидат испратени мисии на Франција, Велика Британија и Соединетите Американски Држави. Со оглед дека поради условите во внатрешноста, водењето на предизборната кампања од страна на левите партии било тешко, тие барале нивно одложување. Кога одложувањето не било одобрено, ККЕ и некои други групи, вклучително и оние од центарот, се повлекле од изборите. Ваквиот чин на крајот ќе се покаже исклучително опасен за нивните интереси. Поради нивното неучество во кампањата и претставувањето на кандидатите, тие во наредните клучни четири години ќе немаат свои претставници. Така КПГ била лишена од политичкото влијание кое што можело да се наметне на овој начин[230].

Изборите, одржани како што и било предвидено во март 1946 година ѝ донеле апсолутно мнозинство на Популистичката партија на Цалдирис, која што ја поддржувала монархијата. Со овој избор, резултатите од плебисцитот за враќање на кралот биле однапред познати. Одржано во септември 1946 година, гласањето поминало како што и се очекувало и Георги II добил 68 одсто од гласачите. Сепак и двата избора предизвикале судири. Левичарите изјавувале дека голем дел од нивните симпатизери не учествувале на изборите, така што резултатите не ја одразуваат вистинската волја на јавноста во Грција. Нема сомнение, нивните обвинувања за големото мешање на полицијата биле во голема мера оправдани. Сепак, невозможно е да се предвиди какви би биле резултатите доколку ККЕ и другите леви партии би учествувале во трката[231].

Во меѓувреме, ситуацијата во внатрешноста се влошила. Во 1946 година било известувано за зголемени појави на политичко насилство : „Бројките кои што ги собрале набљудувачите од Велика Британија покажувале дека во текот на една недела во јули во Македонија десет убиства можеле да им се препишат на групите од левото крило, шест на десното и пет биле неидентификувани, во другата недела извештаите за целата држава биле: дваесет и три за десните, шеснаесет за левите и две неидентификувани''[232].

Во оваа хаотична атмосфера невозможно е точно да се одреди кога повторно започнала Граѓанската војна. Вооружените групи, кои што го претставувале севкупниот политички спектар, останале организирани уште од војната, сега нивната

---

230 Исто, 360,

231 Исто, 361,

232 C. M. Woodhouse, The Struggle for Greece, 1941 – 1949, London, Hart - Davies, MacGibbons, 1976, 180; Барбара Јелавич, op. cit., 360,

активност едноставно се зголемила и инцидентите меѓу привrзаниците на владата и левичарите станале сè побројни. Силите на ККЕ, познати како Демократска армија на Грција, биле под команда на Маркос Вафијадис[233]. Никос Захаријадис останал во Атина, каде што комунистичкиот центар останал негибнат и нивната печатниица останала до работи до октомври 1947 година. Вистинската сила на ККЕ сè уште била во планините, најбројни регрути биле селаните. Од друга страна, движењето не ја освоило поддршката на градските работници, барем не на еден отворен и ефикасен начин. Во текот на целиот период на кризата владата и регуларната војска ја имале контролата врз главните градови, меѓу кои што и Атина, Солун и Пиреј. Тешко е да се направат проценки за бројноста на секоја страна, но изгледа дека во летото 1946 година востаниците имале меѓу 1.500 и 2.700 луѓе, до крајот на годината тој број пораснал од 8.000 до 30. 000 луѓе[234], кои што ја имале и предноста да бидат снабдени со тешка воена опрема, вклучително и со автоматски пушки, оклопни возила и тенкови. Морнарицата и воздухопловните сили, како и војската, останале лојални на владата[235].

И покрај овој диспаритет во бројноста и оружјето, востаниците во пролетта 1947 година под контрола го држеле поголемиот дел од државата. Како и партизанските сили на другите места и тие имале одредени предности. Користејќи ја тактиката „удри и избегај", тие добро ја искористиле својата супериорна подвижност. Војската не можела да ја користи својата опрема во примитивните планински области, каде што се одвивал најголемиот дел од борбите. Иако бројот на активните борци бил релативно мал, на востаниците им помагала скриената војска, симпатизери во селата и градовите. Бунтовничките групи, за разлика од регуларната војска, не биле попречувани од потребата да имаат големи единици за поддршка, тие живееле од селото. Покрај тоа, со оглед дека ги контролирале планините, ја имале предноста во користење на споредните патишта за комуникација. За разлика од нив, владата ги држела големите градови, крајбрежното подрачје и главните патишта. Значи, ситуацијата на некој начин била слична како онаа во 1820 – те години кога османската војска не успеала да ги протера герилските борци од нивните планински бастиони[236].

Друг голем проблем со кој што се соочувала грчката влада бил нискиот морал на нејзините трупи, кои што во почетокот не се бореле добро. Воената мисија на Велика

---

[233] Маркос Вафијадис (1906 – 1992), премиер на грција (1947 – 1949),
[234] C. M. Woodhouse, op. cit., 181,
[235] Барбара Јелавич, op. cit., 361,
[236] Исто, 362,

Британија ги обучувала нејзините војниците според принципите со кои што ја добиле војната против Германија, овие офицери не биле обучени да предаваат герилска тактика. Така, грчките војници не биле подготвени да се соочат со своите противници. Исто така, тие биле распоредени на многу широк простор: војската морала да ја чува границата, да ги обезбедува комуникациските линии и да ги штити лојалните села. Нивната ефикасност уште повеќе била ограничена и со постојаното политичко мешање по прашањето на стратегијата и именувањето на командантите. Врз моралот на обичниот војник лошо влијание имала и можноста синовите на богатите луѓе да го откупат своето служење во војската и неможноста да се обезбедат неопходните лични потреби за војниците и нивните семејства[237].

Постоеле изгледи контролата врз поголемиот дел од Грција од страна на востаниците да прерасне во прашање од меѓународно значење, особено со оглед на комунистичките победи на другите места и притисокот кој што во исто време бил вршен од страна на СССР врз Турција и Иран. Изгледалко дека советската влада прави решителни напори да се утврди во регионот на Егејот и Источното Средоземје. На конференцијата во Потсдам Сталин укажал на својата желба да добие поморска база во Егејот. Печатот во СССР во тоа време започнал со жестока кампања против „монархофашистичкиот'' режим во Атина. Исто така, било јасно дека ККЕ добива помош од Југославија, Албанија и Бугарија. Западните држави, природно, заклучиле дека вакните акции можат да се вршат само со одобрение од СССР, па дури и по негова иницијатива[238].

Во меѓувреме, владата во Грција се нашла во уште поголеми тешкотии. Таа очигледно не победувала во граѓанската војна, во најдобар случај успевала да ја задржи дефанзивната позиција. Со оглед дека набрзо станало невозможно Велика Британија да продолжи да дава помош, владата на Грција се свртила кон Соединетите Американски Држави. Како резултат на тоа, постепено дошло до длабока вмешаност од страна на Соединетите Американски Држави во работите во Грција. Во почетокот биила зголемена економската помош. Владата на Соединетите Американски Држави започнала да ги смета настаните во Грција како пример на модел за агресија на СССР врз слабите и ранливи региони, одразувајќи го ваквото гледиште, амбасадорот во Атина Линколн Макви во февруати 1947 година го напишал следното до Стејт

[237] Исто, 362,
[238] Исто, 363,

департментот: „Ако Грција падне во рацете на комунистите, целиот Блиски Исток и дел од Северна Африка сигурно ќе подпаднат под влијание на СССР''[239].

Решителен пресврт на политиката на Соединетите Американски Држави се случил во март 1947 година. Во февруари 1947 година владата на Велика Британија ги информирала Соединетите Американски Држави дека не може повеќе да ги исполнува своите обврски кон Грција. Како одговор, претседателот на Соединетите Американски Држави Хари Труман побарал од Конгресот да им додели на Грција и Турција 400 милиони долари економска помош. Во својот говор на 12. III. 1947 година Хари Труман изјавил: „Самото постоење на грчката држава денес е загрозено поради терористички акции кои што ги спроведуваат неколку илјади вооружени луѓе, предводени од комунистите, кои што им се спротивставуваат на органите на власта... Грција мора да има помош ако сакаме да станеме сакана и почитувана демократска држава''. За да ја добие поддршката на Конгресот и јавноста во Соединетите Американски Држави, претседателот Хари Труман своите акции ги оправдал со една генерална изјава која што подоцна станала позната како доктрина на Хари Труман: „Сметам дека Соединетите Американски Држави мораат да водат политика на помагање на слободните народи кои што даваат отпор на обидите за потчинивање од страна на вооруженото малцинство или притисоците однадвор''[240]. Ова директно мешање во област каде што не постоео влијание на Соединетите Американски Држави го означи големиот пресврт во надворешната политика на Соединетите Американски Држави. Ваквата политика била приклучена кон Маршаловиот план за економска помош на Европа, кој што бил објавен во јуни 1947 година и ја опфаќал и Грција[241].

Така, владата на Соединетите Американски Држави ја заменила Велика Британија и го наметнала најголемото странско влијание во Атина. Мисиите и советниците на Соединетите Американски Држави ги превзеле истите должности како и нивните претхпдници од Велика Британија. И каков што бил случајот со претходните заштитници на Грција и интервенцијата на Соединетите Американски Држави предизвикала многу судири и подоцна била жестоко напаѓана од страна на многу грчки политичари. Присуството на Соединетите Американски Држави донело нов стил и

---

[239] Цитирано во: John O. Iatrides, „Greece and the Origins of the Cold War", во издание на John T. A. Koumoulides, Greece in Transition: Essays in the History of Modern Greece, 1821 – 1974, (London: Zeno, 1977), 237; Барбара Јелавич, op. cit., 362,

[240] Изјава на Хари Труман пред Конгресот на 12. III. 1947 година, објавена во: Documents on International Affairs, 1947 – 1948 (London: Oxford University Press, 1952), 2 – 7,

[241] Барбара Јелавич, op. cit., 363,

обичаи, се коментирало дека Грците откриле дека нивни нови патрони се „понефлексибилни, послабо се адаптираат, помалку подготвени да помагаат, понаклонети да наметнуваат методи на Соединетите Американски Држави, без оглед на националните карактеристики... Тие биле енергични, снаодливи и крајно ефикасни[242]". И покрај уверувањата за помош од Соединетите Американски Држави, било очигледно дека ќе помине одредено време додека пристигнат ветената помош и воената опрема. Во меѓувреме, во април 1947 година умрел Георги II, а го наследил неговиот брат Павлос[243].

1948 година донела воена пат позиција и двете страни се подготвувале за идни решителни судири. Со помош на Соединетите Американски Држави војската на Грција била зголемена од 132.000 во почетокот на 1948 година до вкупно 232.500 војници од сите редови. Исто така, биле испратени и офицери на Соединетите Американски Држави да им помогнат. Иако биле доделени и фондови за економска помош, најголемиот дел од парите на Соединетите Американски Држави бил употребен за снабдување на воена опрема и за зајакнување на војската. До септември 1948 година Соединетите Американски Држави испорачале 140 авиони, 3.890 топови и минофрлачи, 97.000 пушки и 10.000 возила и камиони[244]. И покрај советскиот протест, Организацијата на Обединетите Нации ја поддржале оваа помош[245].

ККЕ не можел да одговори на предизвикот. Иако пристигнала помош од Југославија и Бугарија, владата на СССР не им давала помош или поддршка на востаниците. Всушност, Сталин сакал востанието да биде прекинато пред да предизвика тешкотии за политиката на СССР на други места. Во април 1948 година Сталин не се согласил да ги посети водачите на Југославија и Бугарија, тврдејќи дека востанието нема воопшто изгледи за успех: „Што мислите, дека Велика Британија и Соединетите Американски Држави – Соединетите Американски Држави, најмоќната држава во светот – ќе ви дозволат да им ги прекинете комуникациските линии во Средоземното Море? Глупост. А ние немаме морнарица. Востанието во Грција мора да престане што е можно побрзо"[246].

Овој став на СССР не ја прекинал помошта од Југославија, ниту пак довел до промена во политиката на ККЕ. Сепак, било очигледно дека балканските народи не

[242] C. M. Woodhouse, op. cit., 235,
[243] Барбара Јелавич, op. cit., 363,
[244] C. M. Woodhouse, op. cit., 247,
[245] Барбара Јелавич, op. cit., 363,
[246] Исто, 364,

можат да се натпреваруваат со Соединетите Американски Држави во давањето воена помош. Востаниците во Грција биле постојано незадоволни со нивото на помошта која што ја добивале. Покрај тоа, наскоро било јасно дека не успеваат да добијат поддршка од најголемиот дел од селаните во Грција. Иако во почетокот тие успевале да ја привлечат селската младина, Маркос подоцна признал дека кон средината на 1947 година 90 отсто од нивното регрутирање војници било со сила[247]. Покрај тоа, многу нивни акции предизвикале длабока одбојност. На пример, кога биле принудени да напуштат некоја област, тие често со нив ги земале и месните деца. Околу 28.000 деца биле раселени, а многу од нив наскоро биле испратени преку граница, само 10.000 успеале да се вратат дома[248].

Востаничкиот блок бил ослабнат и со поделбата на раководството и несогласиците околу стратегиите. Захаријадис немал лично искуство во водење војна во планина. Под влијание на марксистичката идеологија, тој верувал дека победата може да се добие во индустриските градови. Овој негов став природно го довел во судир со Маркос, чие што влијание лежело во селата. Искусен во герилското војување, воениот командат сакал да продолжи со овие методи, но го надгласале оние кои што повеќе сакале да се усвојат принципите на конвенционалното војување. Во декември 1947 година востаниците ја основале Привремената демократска влада на Грција, која што била слична на АВНОЈ. Маркос бил премиер и министер за војна. Ниту една од источноевропските држави не го признала овој режим[249].

За време на Граѓанската војна Демократската армија, која што кон крајот на 1948 година броела 25.000 луѓе, се потпирала врз помошта доставувана од другата страна на границата, а потоа со маски дистрибуирана врз планините. Поради оваа зависност од странска помош, караницата која што избувнала меѓу Југославија и СССР во пролетта 1948 година, ќе се покаже катастрофална за каузата на востаниците. Спорот не се однесувал само на Белград и Москва, тој резултирал и со комплетен прекин на односите меѓу Југославија и нејзините соседи – Албанија, Бугарија, Унгарија и Романија. И покрај оваа криза, југословенската помош продолжила во текот на целата 1948 година, но изгледите за силите на ККЕ биле сè полоши. До крајот на годината Маркос бил убеден дека војната е загубена. Во еден извештај од ноември 1948 година, како главна причина за неуспехот, тој го навел проблемот со наоѓањето на нови

---

[247] C. M. Woodhouse, op. cit., 212,

[248] Исто, 209; Барбара Јелавич, op. cit., 364,

[249] Исто, 365,

војници, недостигот на поддршка од градовите и недоволната надворешна помош. Во февруари 1949 година тој бил сменет од функцијата командант на Демократската армија и заминал за Југославија[250].

Борбата на востаниците претрпела голема штета и поради согласноста на ККЕ да се формира држава Македонија. Во март 1949 година радиостаницата на ККЕ, која што работела во Романија, ја потврдила идејата. Во судирот кој што избувнал во социјалистичкиот блок, Захаријадис го поддржал ставот на СССР и ја така ја прифатил линијата на Бугарија во однос на проблемот на Македонија. Се чинело дека победата на ККЕ може да доведе и до губење на територија на Грција. Комунистичките врски со комунистичките влади, од кои што сите полагале право на територии од Грција, секогаш била ранлива точка. Македонците, организирани во НОФ, го сочинувале најголемиот дел од трупите на ККЕ. Според една проценка, нивниот број во почетокот од 1948 година изнесувал 11.000, за да ја достигнат бројката од 14.000 до крајот на војната[251].

Востанието, конечно, завршило во 1949 година. Во јануари 1949 година, командата врз војската ја превзел генерал Папагос, во Атина бил на власт стабилен умерен централен режим. Веќе било очигледно севкупното значење на помошта на Соединетите Американски Држави. Во пролетта 1949 година војската почнала да ги штити востаничките центри, прво од Пелопонез движејќи се кон север. Во јули 1949 година Тито ја затворил грчката граница и така ги прекинал линиите по кои што се доставувала помошта на востаниците. Борбите завршиле во септември 1949 година, многумина од поразените борци избегале од Грција. Во октомври 1949 година раководството на ККЕ ги прифатило резултатите и го обвинило Тито за дебаклот[252].

Граѓанската војна била катастрофална за грчката нација. Се проценува дека од страна на владата загинале околу 70.000 луѓе, а 38.000 од страна на востаниците. Физичкото уништување на државата било огромно, многу поголемо од уништувањето за време на претходната европска војна. Покрај тоа, власта пристапила кон политика на чистење на селата во загрозените подрачја, акција која што создала огромен проблем со бегалци. До крајот на 1947 година имало околу 400.000 вакви луѓе, а овој број до 1949 година се зголемил на речиси 700.000, за сите нив за време на борбите требало да

[250] Исто, 366,
[251] R. V. Burks, The Dynamics of Communism in Eastern Europe, Princeton, Princeton University Press, 1961, 102 – 104; Барбара Јелавич, op. cit., 365; Македоника, година VI, број 14 – 15, Скопје, 2016, 100 - 126,
[252] Исто, 366,

се води грижа, по што тие требало некаде повторно да се населат. Што е дури и полошо, конфиктот оставил во наследство огорченост и омраза[253].

## 1. 1. ЕКОНОМСКИТЕ ПРОБЛЕМИ: ИНТЕРВЕНЦИЈАТА НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

За грчкиот народ годините по Втората светска војна биле години на повторување на претходните искуства. Во 1918 година, кога војната во Европа главно била завршена, грчката војска продолжила да се бори до 1922 година. Иако континентална Европа во мај 1945 година живеела во мир, Грците до 1949 година воделе жестока граѓанска војна. Втората светска војна и Граѓанската војна предизвикале масовни преселби и промена на грчката популациона карта. Во 1920 – те години, како резултат на катастрофалните настани во Анадолија и размената на населението, приближно 1,3 милиони Грци морале да бараат нов дом. По граѓанската војна, во 1946 година грчката влада морала да згрижи околу 700.000 бегалци, кои што или морале да бидат вратени во своите села, или да им се даде друго вработување. Луѓето кои што имале свои имоти или работилници многу полесно се враќале во нормален живот. Многумина никогаш не се вратиле во своите сиромашни и планински домови, некои емигрирале, некои се преселиле во градовите[254].

Втората светска војна и Граѓанската војна предизвикале огромни економски уништувања. Покрај тоа, воените услови ги интензивирале основните економски проблеми. Ограничената површина на обработливата земја и недостигот од повеќе основни суровини неопходни за развој на индустриското стопанство останале главна пречка за грчкиот стопански напредок. Во 1950 година земјоделието сè уште било главно занимање на половина од грчкото население. Иситнетоста на индивидуалните имоти, предизвикана првенствено од наследените обичаи, го отежнувала воведувањето на модерните методи. Индустрискиот развој останал ограничен, а доминирале мали фабрики и работилници. Повеќето фирми биле во семејна сопственост и снабдувале

[253] Nikos Kazantzakis, The Fratricides, New York, Simon And Schuster, 1964, 8; Барбара Јелавич, op. cit., 366; Годишњак за друштвену историју, Година XXII, Свеска 3, Београд, 2015, 93 – 104,
[254] Исто, 473,

мала група локални купувачи, така што немале капацитет да конкурираат на меѓународниот пазар. За да можат да опстојат, за нив било потребно да се задржи претходната политика со високи заштитни царини. Со ваков начин на стопанисување било тешко да се прифатат новите технолошки средства или да се купи скапата модерна опрема. Наместо тоа, Грците се потпирале врз евтина работна рака. Покрај тоа, тие не биле подготвени да инвестираат во индустрија и претпочитале да купуваат недвижен имот или да се занимаваат со трговија. Во овој период многу грчки семејства попрво одбирале да купуваат куќа или стан отколку дури и минимално да инвестираат во локални претпријатија[255].

Секако дека исходот на Граѓанската војна го определил курсот за иднината, Грција ќе го задржи својот западноевропски политички и економски систем. Сепак, Грција оттогаш ќе потпадне и под ново и мошне спорно влијание, влијанието на Соединетите Американски Држави. Значи, било неизбежно секој обид од страна на функционерите на Соединетите Американски Држави за влијание во внатрешните работи во Грција да биде пречекан со голема недоверба, а за жал, мешањето од страна на Соединетите Американски Држави често било премногу нападнато. Покрај тоа, додека власта на СССР обично успевала, со помош на строга цензура, да ги покрие своите активности со превез на тајност, акциите на Соединетите Американски Држави добивале целосен публицитет, како во опозициониот печат во Грција, така и во печатот на Европа и Соединетите Американски Држави[256].

Најочигледен знак на инволвираност на Соединетите Американски Држави биле големите износи на пари кои што ѝ се давале на Грција, без кои што Грција не би можела да се обнови. Меѓу 1947 и 1966 година на Грција, која што броела околу осум милиони жители, ѝ биле дадени 1.895 милиони долари економска помош и 1.854 милиони воена помош, или вкупно 3.749 милиони долари. Во 1966 и 1967 година на Грција ѝ биле дадени 65 милиони долари како воена помош, а приближно толкав износ следел и подоцна[257]. Со давањето на оваа помош владата на Соединетите Американски Држави инсистирала на тоа нејзините официјални претставници да бидат користени како консултанти или да учествуваат во програмите кои што се финансирале од овие дотации. Овие барања произлегле како резултат на загриженоста на Соединетите Американски Држави поради широко распространетата корупција во политиката во

[255] Исто, 474,
[256] Исто, 475,
[257] Jane Perrey, Clark Carey, Andrew Galbraith Carey, The Web of Modern Greek Politics, New York, Columbia University Press, 1968, 213,

Грција. Исто така, експерти од Соединетите американски Држави и за давање на техничка помош во одредени проекти. Така, официјални лица и мисии на Соединетите Американски Држави вршеле надзор врз голем дел од активностите во Грција и ги проверувале трошоците, особено во врска со работата на Министерството за координација, во кое што биле вклучени и службите за финансии и трговија. Интервенцијата на Соединетите Америкнски Држави била особено темелна во војската. Во Генералштабот во Грција, како и во единиците до ниво на дивизија во Грција, биле назначени офицери од Соединетите Американски Држави. Присуството на претставници на Соединетите Американски Држави на така важни функции, природно, ги вовлекло внатрешните прашања и во политичките расправии во Грција. Со оглед дека Соединетите Американски Држави се поврзале со партиите и поединците на власт, природно било што партиите кои што не учествувале во власта или луѓето чија што национална гордост била повредена, да го напаѓаат странското влијание. Освен тоа, штом амбасадата на Соединетите Американски Држави во Грција започнала да се меша во поставувањето или распуштањето на кабинетите, таа очекувала да биде обвинувана за неуспесите или слабостите на режимот кој што го поддржувала[258].

Многу проблеми ќе го вознемируваат грчко – американскиот однос, а најголем број од нив биле познатите судири кои што избувнувале насекаде каде што некоја голема сила од Европа се обидела да води и да контролира некоја држава на Балканот. Иако Соединетите Американски Држави, за разлика од СССР во Источна Европа во годините непосредно по војната, не извлекувале профит од својата позиција, постоеле многу проблеми, од кои што некои биле и лични. Претходните мисии на Велика Британија биле пополнувани со службеници со класично образование, најголем број од нив биле елинофили, вљубеници во Грција и ѝ се восхитувале на античката цивилизација на Грција. Тие, исто така, имале имале повеќе искуство со Грците и повеќе го разбирале грчкиот менталитет од нивните колеги од Соединетите Американски Држави. Советниците од Соединетите Американски Држави доаѓале од сосема поинаква средина. Иако многумина од нив работеле со голема волја и посветеност, повеќето од нив ги повредувале грчките чувства. Ова нетрпение со сета своја сила ќе избувне дури во 1960 – те години, кога Грците, со право или не, ќе

[258] Барбара Јелавич, op. cit., 475,

започнат да ги идентификуваат Соединетите Американски Држави со непопуларните режими[259].

Секако дека на позицијата на Соединетите Американски Државивлијаеле и промените на светските услови. Со повлекувањето на Тито и очигледното намалување на опасноста од север, на Грција сè помалку и бил потребен заштитник. Што се однесува до благодарноста за претходната помош, некои тврделе дека Соединетите Американски Држави дејствувале во сопствен интерес и дека, всушност, најголемиот дел од помошта пристигнал тогаш кога таа повеќе не била потребна. Во годините по Граѓанската војна, кога присуството на Соединетите Американски Држави и понатаму било силно, политиката на Соединетите Американски Држави во однос на Источното Средоземје, како што можело да се очекува, се темелела врз интересите на Соединетите Американски Држави, отколку врз интересите и потребите на Грција. Целите на Соединетите Американски Држави многу често не се совпаѓале со целите на Грција и по прашањето на Кипар, единствениот голем проблем во надворешните односи на Грција[260].

## 1.3. ПАПАГОС И КАРАМАНЛИС: ГРЧКИТЕ ВЛАДИ ДО 1963 ГОДИНА

За време на Граѓанската војна водачите на Либералната и Популистичката партија работеле заедно. Кабинетите биле составени од претставници на центарот и десното крило на политичкиот спектрум, популистите биле најсилна партија во Собранието. Истовремено, влијанието на десницата во војската и полицијата станало поголемо. Како што можело да се очекува, по завршувањето на борците против бунтовниците и нивните приврзаници биле превземани казнени и одмазнички мерки. Во периодот меѓу јуни 1946 и октомври 1949 година биле донесени 3.150 смртни пресуди, од кои што

[259] Исто, 476,
[260] Исто, 477,

1.223 биле и извршени[261]. Овие пресуди и постојано затворање на политичките затвореници станало најголем политички проблем во наредните години[262].

Откако Граѓанската војна била завршена, политиката на Грција тргнапла по својот вообичаен тек. Повторно за власт се бореле голем број фракции, собрани околу некој голем поединец. Поделеноста во политичкиот живот може јасно да се илустрира со изборите кои што биле одржани во март 1950 година, кога 44 партии се бореле за 250 места. Пропорционалниот систем, воведен во 1946 година, гарантирал места во Собранието на голем број од овие групи. Иако Популистичката партија, со освоени 62 места, од изборите излегла како најголема единствена партија, најмногу гласови добиле кандидатите на либералите од центарот кои што биле поделени во неколку групи и под различни раководства. Така, фракцијата на Венизелос освоила 56 места, приврзаниците на Папандреу 35 места, а Пластирас, на чело со Националната прогресивна унија, или ЕПЕК, освоил 45 гласови. Комунистичката партија била ставена надвор од законот во 1948 година, но нејзините членови земале учество во изборите како дел на Новиот демократски фронт, кој што освоил 18 места. Ваквиот однос на партиите се покажал како тешкотија за формирање на стабилна влада. Заканувајќи се дека ќе ја прекинат помошта, претставниците на Соединетите Американски Држави се обиделе да ги обединат партиите од центарот и десното крило, но ситуацијата останала нестабилна. Во наредните осумнаесет месеци биле формирани пет слаби коалициони влади. Венизелос се нашол на чело на четири од нив, а една предводел Пластирас. До есента 1951 година овој систем се покажал како неуспешен, па морале да се закажат нови избори[263].

Значи, желбата на Соединетите Американски Држави за стабилна влада не била задоволена, партиите на центаротне биле способни да работат заедно за да обезбедат администрација која што би работела без потреси. По избувнувањето на Корејската војна, во која што грчките трупи учествувале како дел од контингентот на Организацијата на Обединетите Нации, политиката на Соединетите Американски Држави го сменила курсот и наместо дотогашната поддршка на либералните коалиции, започнала да ги поддржува поконзервативните кабинети. Како резултат на оваа промена, поддршка му била дадена на Александар Папагос[264], кој што својата репутација ја стекнувал во офанзивата на Грција против Италија и како воен командант

[261] John Campbell and Phillip Sherrard, Modern Greece, London, Benn, 1968, 249,
[262] Барбара Јелавич, op. cit., 476,
[263] Исто, 476,
[264] Александар Папагос (1883 – 1953), сто педесет и вториот премиер на Грција (1952 – 1955),

кон крајот на Граѓанската војна. Со оглед дека најголемиот дел од Втората светска војна во затворенички логор на Германија, тој не бил од сложените политички махинации за време на тој период. Првенствено војник, кој што во 1949 година станал единствен фелдмаршал на Грција, тој имал малку почит за професионалните политичари на Грција. Тој тогаш формирал коалиција на партиите од десното крило, позната како Собир на грчкиот народ, која што била намерно направена по моделот на Собирот на францускиот народ, организирана од страна на генерал Шарал де Гол. Папагос успеал да добие поддршка од четворица луѓе кои што во иднина ќе имаат голема улога во политиката на Грција: Панајотис Канелопулос[265], Стефан Стефанопулос, Константин Караманлис[266] и Спирос Маркезинис[267]. Овој нов политички фронт на почетокот не бил успешен. На изборите одржани во септември 1951 година, кои што се темелеле на изменет систем на пропорционална застапеност, Собирот на грчкиот народ добил 114 од 258 места. Тој успеал да им зададе смртоноисен удар на популистите, кои што освоиле само 2 места, но не го освоил мнозинството. На овие избори 10 места освоила новосоздадената коалиција Обединета демократска левица или ЕДА, која што останала стабилна комбинација во наредните години. Кон неа се приклучиле и членовите на поранешната Комунистичка партија, кои што имале значајна, ако не и доминантна улога во нејзините активности. Од преостанатите места, ЕПЕК на Пластиирас и либералната фракција на Венизелос заедно освоиле 131 место. Сои оглед дека Папагос одбил да влезе во коалиција, владата ја основале двете последни партии, а премиер станал Пластирас[268].

Оваа нова влада превзела некои важни чекови. Во јануари **1952** година во сила стапил ревидираниот устав, а бил постигнат и договор за аболицирање на Грција во НАТО. Биле превземени и некои акции во корист на оние кои што биле во затвор поради нивните активности за време на Граѓанската војна. Скоро сите смртни казни биле ублажени, на други затвореници казните им биле намалени или биле помилувани. Сепак, владата се соочувала со постојана опозиција, а економската ситуација се влошувала. И покрај тоа што ја имала поддршката на Соединетите Американски Држави, коалицијата била премногу слаба за да ја одржи ситуацијата. Во обид да

[265] Панајотис Канелопулос (1902 – 1986), автор, политичар и премиер на Грција (1967 – 1974),
[266] Константин Караманлис (1907 – 1998), премиер (1955 – 1958, 1958 – 1961, 1961 – 1963, 1974 – 1980) и претседател на Грција (1980 – 1985, 1990 – 1995),
[267] Спирос Маркезинис (1909 – 2000), грчки политичар, долго време член на грчкиот парламент, грчки премиер,
[268] Исто, 477,

осигура стабилна влада, Папагос предложил за наредните избори наместо пропорционалниот да се прифати мнозинскиот систем, кој што бил во употреба во Соединетите Американски Држави. За ваква промена се залагал и Пластирас. Во овој период Амбасадата на Соединетите американски Држави уште еднаш интервенирала во политиката на Грција, предупредувајќи дека помоште ќе биде прекината ако не се воспостави стабилна политичка ситуација[269].

Секако, притисокот ги надминувал границите на нормална дипломатска процедура, а сигурно не бил мудар, тој во ниту еден случај не бил еквивалентен на мешањето на СССР во социјалистичкиот блок. Гласачите во Грција, секако, имале алтернатива, едноставно да гласаат за антиамериканските партии и така да ги отфрлат американските долари. Соединетите Американски Држави не можеле да ги спроведат своите желби со воени средства затоа што не биле окупаторска војска, иако навистина имале големо влијание во политиката и армијата на Грција[270].

И навистина, биле усвоени различни процедури на гласање и изборите биле одржани во ноември 1952 година. Од промената, како што се очекувало, најголема полза имал Собирот, кој што освоил 49 отсто од гласовите и 247 од можните 300 места во Собранието. Поранешните владини партии, Либералната и ЕПЕК освоиле 34 отсто од гласовите и биле редуцирани на 51 претставник. ЕДА и популистите не освоиле ниту едно место. Значи, власта во политиката на Грција преминала во рацете на десницата, иако некои либерали, а во почетокот и Папандреу, го поддржале новиот режим[271].

Конзервативното раководство и Папагос како пример, на Грција ѝ донеле единаесет години политичка стабилност, од 1952 до 1963 година. Главното внимание можело да се сврти од фракциските кавги на решавање на внатрешните проблеми. Биле вложувани големи напори да се подобри општата економска состојба, а некои мерки постигнале голем успех. Многу поголемо внимание било посветено на подобрувањето на земјоделските методи во селата. Воведувањето подобар семенски материјал дало повисоки приноси, а со иригационите проекти, вкключувајќи ги тука и исушувањата на мочуришните предели, се добиле поголеми површини обработливо земјиште. Во минатото Грција немала можности да го прехрани своето население. Во 1957 година Грција одгледувала доволно жито да ги задоволи домашните потреби, за оваа цел биле

[269] David Holden, Greece without Columns, Philadelphia, Lippinicott, 1972, 177 – 178; Барбара Јелавич, op. cit., 478,
[270] Барбара Јелавич, op. cit., 478,
[271] Исто, 478,

наменети 31 отсто од обработливото земјиште. Иако ова достигнување било значајно, тоа значело и дека помалку земјиште ќе биде ставено на располагање за одгледување на извозните култури, кои што биле од големо значење за платниот биланс на Грција. Како и во претходните години, во овие култури првенствено влегувале тутунот, памукот и свежото и сушено овошје. Кон средината на 1960 – те години овие производи изнесувале 51 отсто од вкупната вредност на извозот на Грција[272].

Освен во земјоделството, бил постигнат напредок и во другите сектори на стопанството. На чело на Министерството за координација бил поставен Маркезинис и иако тој ја напуштил функцијата во 1954 година, неговата политика продолжила. Како и неговите заштитници од Соединетите Американски Држави, тој се залагал за отворено стопанство, но со ригорозни реформи во одредени области. На пример, тој ја намалил администрацијата и се обидел да ја направи поефикасна. За да обезбеди стабилен курс, во 1953 година ја девалвирал драмата. За време на овој период голема поддршка им била давана на плановите за економскли развој, како што се градење на нови електрични централи и експлоатација на рудните ресурси. Со помош од Соединетите Американски Држави националниот систем за електрификација започнал да работи во 1955 година, во наредните петнаесет години дури и најоддалечените села ги почувствувале предностите на струјата. Мрежата на патиштата, чија што мрежа започнала за време на Граѓанската војна за воени цели, ја поврзала Грција[273].

Во текот на овој период влијанието на Соединетите Американски Држави останало силно, но целите на кабинетот на Папагос се совпаѓале со целите на Соединетите Американски Држави. Веднаш по завршувањето на Граѓанската војна, главната цел на советниците на Соединетите Американски Држави била да се обноват нормалните услови што е можно побргу. Во овој период очигледна била потребата од воведување реформи кои што се однесувале на намалувањето на огромната бирократија, собирањето на даноците и намалувањето на армијата, која што апсорбирала голем дел од националниот буџет. Значајни биле и мерките за помош на земјоделството исто така. Реформите кои што ја притискале владата во Грција во голема мера биле о духот на њу – дил од ерата на рузвелт во Соединетите Американски Држави. Изедначувајќи ги Грците со сопствените народи, советниците од Соединетите Американски Држави се надевале да воведат промена во ставовите и да им стават крај на традиционалните покровителски односи, кои што тие ги сметале за корумпирани.

---

272 John Campbell and Phillip Sherrard, op. cit., 299; Барбара Јелавич, op. cit., 479,

273 Барбара Јелавич, op. cit., 479; Кръстъо Манчев, op. cit., 93 – 111,

Се очекувало дека помошта од Соединетите Американски Држави нема да трае долго, помошта според Маршаловиот план требала да заврши во 1952 година. Сепак, по избувнувањето на Корејската војна, која што предизвикулава влошување на односите меѓу Соединетите Американски Држави и СССР, Соединетите Американски Држави ги промениле своите намери. Владата на Соединетите Американски Држави потоа поголем акцент ставала врз улогата на Грција во НАТО и местото на Грција во политиката на ограничување на влијанието на СССР. Претставниците на Соединетите Американски Држави во овие напори имале добра соработка со владата на Папагос која што, исто така, сакала да задржи силна армија и цврсто се спротивставувала на комунизмот. Воениот аспект на односите меѓу Грција и Соединетите Американски Држави така добил ново значење и станало јасно дека финансиската помош ќе мора да продолжи[274].

Во октомври 1953 година Грција и Соединетите Американски Држави потпишале дополнителен договор за воена соработка. Овој договор на Соединетите Американски Држави им овозможил извонредни привилегии во Грција, кои што значително ги надминувале привилегиите какви што нормално ѝ се даваат на некоја влада од страна на држава која што не е под нејзина директна колонијална управа. Воениот персонал на Соединетите Американски Држави можел да ги користи патиштата и пругите во Грција, тие можеле да градат и водат воени бази. Исто така, тие имале широки екстериторијални права, кое што претставувало исклучително чувствителна тема. Ова зголемено присуство на Соединетите Американски Држави можело да предизвика непријателство. Нападите врз влијанието на Соединетите Американски Држави наскоро станало основен дел на политичките програми на лево ориентираните партии. Покрај тоа, кога односите на Грција со Југославија и Турција се подобриле, потребата од војска од Соединетите Американски Држави станала помала. Во август 1953 година Грција потпишала воен сојуз со Југославија и Турција: поранешните непријатели сега биле сојузници. Иако овој сојуз набргу пропаднал, тој во моментот дал чувство на сигурност[275].

Владата на Папагос, секако, го претставувало конзервативното влијание во животот на Грција. Многу од законите од периодот на Граѓанската војна, од 1947 до 1949 година, останале во сила, всушност, тие нема да се изменат до 1974 година. Полицијата имала големи овластувања, таа можела да затвора или депонира лице без

[274] Исто, 480,
[275] Исто, 480,

претходно судење. Затворите сè уште биле полни со оние кои што биле осудени врз политичка основа. Остаток од Граѓанската војна претставувале и потврдите за политичко убедување, кои што им биле потребни на луѓето ако сакале да се вработат во некоја државна институција, за упис на институции од високото образование и вадење документи, како што се возачка дозвола и пасош. Во овие потврди било наведено дека ниту именуваниот ниту неговите роднини не се поврзани со некоја „антинационална" организација[276].

Во октомври 1955 Папагос умрел. Соочен со потребата да назначи наследник на функцијата премиер, кралот Павлос донел неочекувана одлука и го именувал Константин Караманлис, човек кој што оттогаш ќе има силно влијание во политиката во Грција. Роден во Серез, Северна Грција, во 1907 година, Константин Караманлис потекнувал од сиромашно семејство, неговиот татко бил селски учител. Сепак, тој успеал да се школува и станал адвокат. Откако во власта држел второстепени функции, тој во 1955 година станал министер за јавни работи. По карактер избувлив и директен, Константин Караманлис се здобил со почит од оние со кои што работел. Него го сакале и советниците од Соединетите Американски Држави, кои што со него се запознале при проектите за изградба на патиштата[277].

Неговото именување не наишло на одобрување од сите членови на Собирот. Самиот Папагос за свој наследник го имал назначено Стефанопулос. Разочараниот кандидат, со своите 29 приврзаници, ја напуштил коалицијата, по што Караманлис организирал сопствена партија, Национална радикална унија, или ЕРЕ, во која што доминирал. Од овој период до 1963 година и потоа повторно по 1974 година, Караманлис бил доминантна личност во политичкиот живот. Откако неколку пати ја приспособувал гласачката процедура, тој победил на изборите во 1956, 1958 и 1961 година, а во 1963 година загубил од една мала фракција. На власт се вратил во 1974 година. Така, тој ја извршувал оваа функција подолго од секој друг премиер на Грција. Иако во 1950 – тите години бил новодојденец во политиката, веднаш ја добил поддршката на елементите кои што биле од значење: највлијателните политичари на центарот и десното крило, претставниците од Соединетите Американски Држави, а во почетокот и дворот, кој што задржал големо влијание[278].

---

[276] Исто, 481,
[277] Исто, 481,
[278] Исто, 481,

Секако дека опозицијата постојано се обидувала да ја симне Владата. На изборите од февруари 1956 година центарот и левицата, меѓу кои што и ЕДА, ја формирале Демократската унија, комбинација која што се распаднала веднаш по гласањето. Овој пат ЕРЕ освоила 47,3 отсто од гласовите и 165 од 300 места во Собранието. Во мај 1958 година повторно биле одржани избори. Во оваа кампања изборите опозиционите партии имале големи тешкотии да создадат обединет фронт. Иако Венизелос и Папандреу успеале да воспостават соработка, на другите тоа не им пошло од рака. Уште еднаш ЕРЕ освоила мнозинство од 171 место, но нејзиниот удел во гласовите бил намален на 41 отсто. Голема промена во овие избори претставувала силата која што ја покажувала ЕДА, која што освоила четвртина од гласовите и 79 места[279].

На победите на ЕРЕ несомнено им помогнал и фактот дека таа била партија на власт. Како таква, можела да ја користи полицијата и ја имала поддршката на нејзиното членство, кое што ги држело најважните места во државните служби и војската. Покрај тоа, економските услови биле добри, животот на просечниот граѓанин се подобрувал. За несреќа на Константин Караманлис, во надворешната политика ќе се постави прашање кое што ќе ги измачува сите влади во Грција по 1955 година. Центар на спорот бил Кипар, но судбината на островот била тесно поврзана со односите со Соединетите Американски Држави и членството во НАТО[280].

## 1.4 КИПАРСКО ПРАШАЊЕ

Иако Грција во Втората светска војна била на победничката страна, победата не ги задоволила територијалните цели. Додеканезите, кои што ѝ порано и припаѓале на Италија, биле анектирани, но меѓународните услови ја исклучувале можноста од промени на северната граница. Барањата во однос на Албанија не можеле да се спроведат. Измените на северните граници во секој случај би биле тешки затоа што Грција ја достигнала својата етничка граница во Европа. Всушност, островот Кипар

---

[279] Исто, 482,

[280] Кръстъо Манчев, op. cit., 93 – 111,

бил единствената територија населена со мнозинско население Грци која што се наоѓала надвор од контролата на Атина. Настаните кои што се случувале на Кипар во средината на 1950 – тите години ќе го стават регионот во фокусот на националните страсти на Грција и на секој начин ќе претставуваат излез за фрустрациите од војната и повоените превирања. Секој нареден кабинет во Грција, без оглед на неговата ориентација во надворешната политика, морал да го решава овој голем проблем[281].

Во 1878 година Велика Британија го превзела управувањето со Кипар од Османската Империја. Кога империјата ѝ се приклучила на Германија во Првата светска војна, Велика Британија го анектирала островот. Овој чин бил потврден и со Лозанскиот договор. Во 1950 година од вкупното население од околу 600.000, 80 отсто биле Грци, а 18 отсто биле Турци. Како и насекаде на Балканот, двата народа живееле одделно, секој во еднонационални села. Во минатото, последователни влади во Грција барале еносис, или обединување на островот со Грција. Основната тешкотија била во тоа што островот се протегал само 65 километри од брегот на Турција, а 800 километри од Грција. Грубото спротивставување на Турција на анексијата на Грција било мотивирано со националната безбедност и оправдано со стравот од идната судбина на турското население под грчка власт. Секогаш кога во поранешните османлиски области била воспоставувана балканска христијанска управа, третманот на муслиманското население бил груб. Искуството нја турското население во Романија и Бугарија по 1945 година веќе е изнесено. Во ситуацијата на Кипар сигурно немало ништо што би можело да ги смири стравувањата на Турците[282].

Грчкото население на островот, секако, ги поддржувало ставовите на Атина. Биле формирани национални организации чии што цели биле протерување на Велика Британија и обединување со Грција. Уште еднаш Православната црква ја превзела водечката улога во борбата за националната кауза. Кипарскиот архиепископ Макариос останал водечка личност во политиката на островот и водач на грчката заедница, исто така, тој одржувал контакти со вооружени чети кои што биле формирани да се обединат да ги принудат Британците да го напуштат островот. Најистакнатиот герилски водач бил полковник Георги Гривас, кој што бил активен во Грција за време

---

[281]Барбара Јелавич, op. cit. 482; Ричард Клог, Историја Грчке Новог доба, Београд, Clio, 2000, 147 – 172,
[282] Исто, 483,

на војната како водач на десно ориентираната група X (или Кси). На Кипар тој раководел со Националната организација на кипарските борци, или ЕОКА[283].

Грчките националисти имале некаква надеж за успех. Папагос покажувал симпатии за нивните цели, иако не направил многу додека бил на власт. Покрај тоа, во почетокот изгледало дека владата на Велика Британија е во фаза на раскинување на своите колонијални обврски. Сепак, наскоро станало очигледно дека напротив, Велика Британија има намера да остане како средоземна сила и да ја премести базата на нејзините операции на Кипар. Властите во Велика Британија ставиле јасно до знаење дека немаат намера на островот да му дадат независност или да дозволат некакви позначајни промени на неговиот статус. Исто така и апелот на Кипраните до Организацијата на Обединетите Нации останал залуден[284].

Со оглед дека нивните цели, очигледно, не можеле да се постигнат со преговори, многумина кипарски Грци се свртеле кон терор. Водечка личност станал Гривас, кој што го земал псевдонимот Дигенис Акритас. Четите вршеле терористички акции не само против окупаторите од Велика Британија, туку и против турското население. Овие настани, како што можело да се очекува, предизвикале силни реакции од Турција, која што била подготвена да го прифати натамошното управување од страна на Велика Британија, но не и предавањето на островот на Грција. Судирот кој што настанал околу Кипар предизвикал огромно непријателство меѓу овие два НАТО партнера и така ја вовлекол и политиката на Соединетите Американски Држави во Источното Средоземје. Потоа, во голема мера поради страстите кои што се разгореле меѓу жителите околу овој проблем, ниту Турција, ниту пак Грција не можеле да се повлечат од давањето цврста поддршка на својот дел од населението на островот. И двете националности се свртеле кон насилство. И додека кипарските Грци ги напаѓале локалните Турци, турските жители на Истанбул во септември 1955 година се свртеле против приближно 100.000 Грци кои што сè уште живееле во градот. Како резултат на тамошните насилства, поголем дел од овие Грци бил принуден да емигрира[285].

Вознемирени поради ситуацијата, дипломатите од Велика Британија се обиделе да посредуваат меѓу владите на Грција и Турција и меѓу заедниците на островот. Во март 1956 година властите на Велика Британија го протерале архиепископот Макариос

283 Исто, 483,
284 Исто, 483,
285 Исто, 484,

на Сејшелските Острови, тој таму останал до април 1957 година, по што отишол во Грција. Владата на Турција, во овој период а и подоцна, била подготвена да се согласи со поделба на островот со Грција, решение кое што Атина не сакала да го земе во предвид: јавноста во Грција барала контрола врз целата територија. Така, ситуацијата западнала во ќор – сокак. На островот, грчките и турските чети се бореле со прекини, водачите на нивните заедници не можеле да ја контролираат ситуацијата. Од Турција тајно било доставувано оружје до многу помалубројните турски борци[286].

Откако и поделбата и еносисот биле елиминирани како можност, останало едно друго решение – независноста. Велика Британија била подготвена да ја предаде контролата, но само под одредени посебни услови. Во февруари 1959 година Караманлис се сретнал со премиерот на Турција Аднан Мендерес[287] во Цирих, за да се обидат да изнајдат решение. Потоа нивните предлози, кои што биле поддржани од нивните влади и Велика Британија, им биле дадени на разгледување на Макариос и д-р. Фазил Кучук[288], водач на кипарските Турци, но без опција на нивно менување. Сите ангажирани во преговорите се согласиле дека островот треба да стане независна република, која што нема да биде поврзана ниту со Грција, ниту со Турција. Бил разработен детаљен систем за да се зачува националната рамнотежа, но турското малцинство добило предност во однос на својата бројност. Претседателот би требало да биде Грк, а потпретседателот Турчин. Било предвидено да се избере претставнички дом, кој што би се состоел од педесет членови, од кои што триесет и пет биле Грци, а петнаесет Турци. Со сличен однос, врз национална основа, би се делеле и функцциите во администрацијата. Така во август 1960 година Кипар станал независна држава, со Макариос како претседател, а Кучук како потпретседател[289].

И покрај теоретската независност на островот, големите сили останале длабоко вмешани во политиката на Кипар. Велика Британија задржала две возвушни бази, а и некои трупи на Велика Британија и Турција сè уште биле стационирани на островот. Кипар, исто така, бил ставен под формална гаранција на Велика Британија, Грција и Турција, чии што услови дозволувале секој од протекторите да интервенира

---

[286] Кръстъо Манчев, op. cit., 93 – 111,

[287] Аднан Мендерес (1891 – 1961), премиер на Турција (1950 – 1960),

[288] Фазил Кучук (1906 – 1984), прв вицепретседател на Република Кипар (1959 – 1963),

[289] Барбара Јелавич, op. cit., 484,

унилатерално. Овие три држави се согласиле дека островот нема да се дели, ниту пак да се обединува со Грција[290].

Ова умерено и интелигентно решение не задоволило ниту една страна. Особено лути биле Грците, како од континентот така и од островот, обединувањето останало нивна цел. Со оглед дека и Соединетите Американски Држави го поддржале новото решение, прашањето имало и директен ефект врз влијанието на Соединетите Американски Држави во Грција. ЕДА, природно, ја нападнала Владата. Оваа партија сакала Грција да прифати неутрален став, да развие поголеми врски со социјалистичкиот блок и да го напушти НАТО. Опозицијата на Караманлис го искористила прашањето за да ја ослаби неговата влада и него да го претстави како марионета на Соединетите Американски Држави. Целиот настан го зголемил бројот на оние кои што се спротивставувале на присуството на Соединетите Американски Држави. Дури и пријателите од Соединетите Американски Држави сметале дека Вашингтон треба да ѝ даде поголема поддршка на позицијата на Грција во однос на Кипар, игнорирајќи го очигледниот факт дека Турција, како поголема и посилна нација, му била позначајна на НАТО како сојузник[291].

Ова антиамериканско чувство било изразено кога социјалистичкиот блок ги изнел предлозите за создавање на неутрална зона на Балканот, а дури и повеќе кога во декември 1957 година се дискутирало за поставување на балистички ракети со среден дострел. Не само левицата, туку и многумина од центарот се спротивставувале на нивното инсталирање. Била разгледувана опасноста по Грција од поставување атомско оружје на нејзина територија и се напаѓало значењето на сојузот со Соединетите Американски Држави. Покрај тоа, многу одговорни Грци започнале да ја доведуваат во прашање потребата од огромни трошоци за националната одбрана. Во тој период Грција пропорционално одвојувала многу повисок процент од својот буџет за армијата од секоја друга членка на НАТО. И фондовите за помош на Соединетите Американски Држави нагло биле ограничени, така што овој извор на финансирање бил намален[292].

Растечкото чувство на разочараност од Соединетите Американски Држави кај многу умерени Грци довело до тоа тие да се заложат за зајакнување на односите со државите од континенталната Европа, а врските со Вашингтон и Лондон да ослабнат.

---

[290] Исто, 485,

[291] Исто, 485,

[292] Ричард Клог, op. cit., 185,

Во согласност со овие ставови, во јуни 1959 година владата во Грција поднела барање за зачленување во Европската Економска Заедница (ЕЕЗ), кон која што Велика Британија сè уште не била приклучена. Во јули 1961 година бил потпишан договор, со којшто било обезбедено полноправно учество на Грција дури во 1984 година. За време на овој период стопанството на Грција можело да се подготви за асоцирање со поразвиените индустриски држави[293].

## 1.5 ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ПРОМЕНИ

Овој период на релативна политичка стабилност и покрај зголемената опозиција на Караманлис и судирите околу Кипар, го одбележуваат големи промени во животот на Грција. Најважен е сè поголемиот напредок: во 1951 година просечен приход по глава на жител изнесувал 112 долари, во 1956 година тој се зголемил на 270 долари, а до 1964 година на 500 долари, што, секако, сè уште претставувало низок стандард за Европа. Економскиот и општествениот напредок со себе донелеи тензии и тензии и незадоволство што обично ги следат периодите на брзи промени. Најочигледно во тоа време било раселувањето на населението. Емиграцијата од сиромашните рурални подрачја продолжила. Многу Грци ги напуштиле своите постојани домови и работни места и се населиле во преку океанските држави, особено во Соединетите Американски Држави, Канада и Австралија, ова движење го достигнало својот максимум во 1965 година, кога емигрирале 117.167 лица. Се проценува дека меѓу 1951 и 1970 година емигрирале 850.000 лица, кои што сочинувале 25,9 отсто од работоспособното население во Грција. Од нив, 666.000 останале во странство. Покрај тоа, многу други нашле работа во индустриските центри во Европа, особено во Западна Германија. Нивниот статус бил регулиран со договорите меѓу владите на Грција и Германија, со кои што биле дефинирани условите на таканаречените гастарбајтери: нивните плати морале да одговараат на редовната платна скала во Германија, а тие имале и право на користење на социјалните бенефиции, но, сепак се очекувало на

[293] Барбара Јелавич, op. cit., 486,

крајот тие да се вратат во Грција. Парите кои што ги испраќале овие работници значително го помагале платниот биланс на Грција[294].

Покрај емигрирањето во странство, дошло до масовна преселба од селата во градовите. Меѓу 1951 и 1961 година населението на Атина се зголемило од 1,37 на 1,85 милиони жители, така, речиси една четвртина од осуммилионското население во Грција живеела во престолнината. Во 1961 година селското и градското население било изедначено во Грција. Ефектите кои што ова девижење ги имало врз селото можат да се замислат. Како резултат на внатрешната и надворешната миграција, во многу села останале само најстарите или најмладите жители, што резултирало со недостиг на работна рака[295].

Новите жители на градовите се соочиле со големи проблеми при приспособувањето на урбаниот начин на живеење. За многумина градските услови не ги исполнувале нивните очекувања. Покрај тоа, дури и кога нивниот личен стандард се подобрил, градскиот живот ги довел во контакт со оние кои што имале најголема полза од политичкиот и општествениот систем. Тие секојдневно го гледале животот на привилегираната класа и луксузните предмети во излозите на продавниците. Незадоволството што, природно, произлегло од ова, ја зголемило политичката опозиција на оваа влада[296].

Кабинетот на Константин Караманлис, како и социјалистичките режими, морал да се соочи со прашањето околу изборот на најдоброто средство за обезбедување на подобри економски услови. Грците од сите партии се залагале за индустријализација, тие, исто така, сакале Грција да ги ужива сите предности на индустријализираните држави на Западна Европа. Сепак, проблемот во индустријализирањето во индустријата сè уште не бил решен. Владата, секако, не можела да ги користи методите на централно планираните социјалистички економии. Покрај тоа, поединците сè уште се колебале да ги инвестираат своите пари во индустриските претпријатија. Како алтернатива, биле правени обиди да се привлече странскиот капитал, но овие обиди веднаш станале тема на политички судири. Цел на критики особено биле алуминиумската фабрика „Пешине" под контрола на Франција и рафинеријата за

[294] Исто, 486,
[295] William H. McNeil, The Metarmophosis of Greece since Worl War II, Chicago, University of Chicago Press, 1978, 105, 106, 117,
[296] Барбара Јелавич, op. cit., 487,

нафта и петрохемиската фабрика, изградени во Солун од страна на „Стандард оил" од Њу Џерси (Соединетите Американски Држави). И на двете претпријатија им биле дадени специјални концесии и владеело општо уверување дека тие биле замешани во политичка корупција. Многу Грци, одбивајќи да признаат дека Грција нема капитал, ресурси или техника за целосно независен економски развој, биле сомничави во однос на сите странски инвеститори. Тие имале и ист став за недоверба кон оние граѓани на Грција кои што натрупале големо богатство, на пример Ставрос Ниахрос, кој што изградил бродоградилиште во близина на Атина и Аристотел Оназис[297], кој што меѓу другите претпријатија, го превзел и националниот авиосообраќај[298].

Големите странски концесии и локалните милионери биле лесна мета за напад на левицата, иако, всушност, странските инвестиции биле релативно мали. Било лесно да се создаде слика на држава предадена на милост и немилост на странските експлоататори, на кои што корумпираната влада им гледала низ прсти. Режимот на Константин Караманлис бил особено ранлив на овие критики. Како и во минатото, владеел систем на привилегирана власт, приврзаниците на ЕРЕ ги држеле важните места во администрацијата, а сè уште постоела и голема корумпираност. Покрај тоа, Владата ги насочила своите најголеми напори кон економскиот развој и ги занемарила општествените служби. Богатите, навистина, искористиле многу повеќе од сиромашните. Тие, пак, не само што добивале малку од државата, туку и царинскиот систем многу потешко ги погодувал токму нив. Индиректното ограничување сè уште го создавало најголемиот дел од државниот приход. Привилегираните делови на општеството биле вешти во одбегнувањето на оданочувањето и така успевале да го одбегнат плаќањето на нивниот дел во националната потошувачка[299].

Образовниот систем, кој што имал огромна потреба од темелна реформа, исто така, бил причина за извесна огорченост. Училиштата и институциите на повисокото образование трпеле од тоа што државата инвестирала само 2,1 отсто од нејзиниот приход во образованието. Само мал дел од населението успевал да се стекне со високо образование. Отворањето на оваа врата за општествен и економски напредок било главно прашање во опозиционите напади врз Константин Караманлис[300].

---

[297] Аристотел Оназис (1906 – 1975) грчко – аргентински бизнисмен,
[298] Исто, 487,
[299] Исто, 488,
[300] Исто, 488,

Во 1960 година Владата се соочила со сите тешкотии што може да му се натрупаат на еден режим кој што премногу долго бил на власт. Економската политика и спорот околу Кипар предизвикале големи незадоволства. Покрај тоа, значаен број опозициони политички партии, конечно, биле подготвени да ги надминат своите разлики и да се обединат со заедничка цел, да го симнат Константин Караманлис од власт. За разлика од 1950 – те, 1960 – те години ќе бидат години на политички промени[301].

## 1.6 ЕРАТА НА ПАПАНДРЕУ

Долгиот период на доминацијата на ЕРЕ барем делумно бил овозможен од поделеноста на центарот и хендикепот кој што го трпела левицата како резултат на Граѓанската војна. И додека десничарската ЕРЕ и левичарската ЕДА претставувале стабилни политички комбинации, центарот бил поделен на ривалски партии. Оваа поларизација носела очигледни опасности. Како што се зголемувала опозицијата на Константин Караманлис, постоела сè поголема можност дека ЕДА, за која што владеело општо верување дека е под контрола на комунистите, би можела да ја искористи ситуацијата како единствена стабилна политичка алтернатива на ЕРЕ и да ги добие изборите. Неповолната ситуација поради недостигот на силен центар била призната и од Вашингтон. Во 1960 година на власт дошла администрација на чело со Џон Фицџералд Кенеди[302]. Новите водач, кои што покажувале помалку симпатии за десницата, увиделе дека не е мудро влијанието на Соединетите Американски Држави да се идентификува само со една партија. Сличен став завзеле и дворските кругови. Така, притисоци за формирање на коалиција на центарот биле вршени како од силите надвор од партискиот систем, така и одвнатре[303].

Познавајќи ја неопходноста на потегот, водачите на центарот превзеле чекори да формираат заеднички фронт. Во дискусиите кои што траеле од февруари до септември 1961 година, челниците на девет партии под раководство на Папандреу, кој

---

[301] Исто, 488,

[302] Џон Фицџералд Кенеди (1917 – 1963), триесет и петтиот претседател на Соединетите Американски Држави (1961 – 1963),

[303] Исто, 488,

што работел со Венизелос, ги усогласиле своите разлики, со цел да можат да соработуваат барем за изборите. Со оглед дека се разликувале и во целите и во водството, тие не можеле на електоратот да му презентираат единствена програма. Сепак, нивната политичка коалиција, Унијата на центарот, настапила на изборите од октомври 1961 година како една обединета партија. Таа не освоила победа: ЕРЕ освоила 50,8 отсто од гласовите и така контролирала 176 места во Собранието. Унијата на центарот, заедно со Прогресивната партија на Маркенизис освоила 100 места, ЕДА имала 24 места[304].

Поразената Унија на центарот веднаш пристапила кон активна и агресивна кампања против владата на Константин Караманлис, која што останала на власт. Папандреу, главен гласноговорник на Унијата, кој што бил оратор со голем талент кој што можел да го задржи вниманието и да убеди големи маси, ја оспорил валидноста на последните избори. Дави неговите обвинувања за измами и насилство биле оправдани или не, е отворено прашање, но несомнено кандидатите на ЕРЕ имале корист од традиционалните предности кои што ги има партијата на власт и нивната можност да ја користат полицијата. Покрај тоа, електоратот можел и да верува дека официјалните претставници на владата ги фалсификувале резултатите, со оглед дека ова било правено од минатото. Покрај повикувањето на нови избори, Папандреу удрил во оние слабости на администрацијата на Константин Караманлис кои што се веќе опишани: влијанието на Соединетите Американски Држави, неуспехот да се анектира Кипар, пренагласувањето на улогата на странските инвеститори и што е најважно, недостигот на социјални служби и сè поголемата нееднаквост меѓу општествените класи. Како вешт народен говорник, тој им се обратил на немирните и незадоволни граѓани. Неговата програма не била револуционерна, тој не повикувал на напуштање на сојузот на НАТО или на некои радикални промени во политичкиот систем. Едноставно, тој ги истакнувал прашањата кои што предизвикувале најголеми дискусии и кои што можеле да го привлечат мнозинството од изборното тело[305].

Сепак, кризата која што довела до падот на Константин Караманлис била забрзана од друга насока. Премиерот бил избор на кралот, а потоа, иако имало некои недоразбирања, зад неговата влада стоело влијанието на дворот. Продолжувањето на

---

[304] Исто, 489,

[305] Барбара Јелавич, op. cit., 490; Constantine Tsoucalas, The Greek Tragedy, Baltimore, Penguin Books, 1969, 174 – 175,

монархијата и покрај плебисцитот од 1946 година, останало прашање за дискусија. Многу критики биле упатувани кон личноста на кралот, а особено кон неговата сопруга, кралицата Фредерика, жена со силна волја, која што учествувала во политиката и очигледно вршела големо политичко влијание. Критичарите, исто така, истакнувале дека, за една сиромашна држава многу чини. На пример, во 1964 година Павлос добил 566.000 долари, од кои 313.000 долари биле дадени за одржување на неговиот персонал, неговите палати, патувања во други држави и за слични трошоци. Исто така, постојано се поставувало прашањето на управувањето со Фондот на кралицата, добротворна фондација, во која што парите доаѓале од јавни извори, како што се даноци на увезени автомобили, но чии сметки никогаш не биле дадени на увид. Биле создадени услови да се јави сомневање дека овие пари се користат за поддршка на личните интереси на монархот и за политичката корупција[306].

Прашањето околу трошоците на кралското семејство ги предизвикало најголемите несогласници меѓу Константин Караманлис и кралското семејство. Во 1962 година принцезата Софија, постарата ќерка на Павлос, се омажила за Дон Хуан Карлос од Шпанија. Според утврдениот обичај, требало да се обезбеди чеиз, за што биле искористени 300.000 долари од владиниот фонд. Дворот сакал сличен чеиз да ѝ се овозможи и на помалата ќерка Ирена. Користењето на парите од данокот за ваква цел било крајно непопуларно, просечниот годишен приход по глава на жител во овој период изнесувал 500 долари. До конечен раскид меѓу премиерот и дворот дошло поради едно релативно тривијално прашање. Во април 1963 година, кога кралицата Фредерика била во приватна посета на Лондон, таа била цел на мали, но со голем публицитет демонстрации, организирани во знак на протест против постојаното затворање на политички затвореници од времето на Граѓанската војна. Подоцна во истата година била планирана официјална посета на кралот и кралицата. Константин Караманлис барал посетата да се одложи бидејќи се плашел од нови инциденти кои што можеле неповолно да се одразат врз интересите на Грција. Кога Павлос одбил, Константин Караманлис дал оставка на 11. VI. 1963 година. Тој потоа заминал за Париз, каде што останал десет години[307].

---

306 Барбара Јелавич, op. cit., 490,

307 Исто, 491,

Со оставката на премиерот, требало да се назначи привремена влада и да се закажат нови избори. Кралот прво му го понудил местото на Панајотис Пипинелис[308], кога опозицијата приговорила дека тој е приврзаник и на ЕРЕ и ројалист, тој бил заменет со Стилианос Мавромихалис, претседател на Врховниот суд. Исходот на изборите можел да се предвиди. Силите спротивставени на ЕРЕ станале силни, а нападите врз репресивната и корумпираната природа на администрацијата добиле на тежина со аферата Ламбракис. Во мај 1963 година, пред оставката на Константин Караманлис, д-р. Григорис Ламбракис[309], многу популарен социјалистички водач во коалицијата ЕДА, бил убиен во Солун по еден мировен собир. Тој бил убиен со возило со три тркала, доказ кој што упатувал на полициски заговор. Тој веднаш станал симбол за официјалната репресија и херој на левицата[310].

На изборите одржани во ноември 1963 година се водела голема сметка за регуларноста. Унијатана центарот добила 138 места, Ере, која што за малку ќе била прва, освоила 132. ЕДА се здобила со 28 места, а прогресивците на Маркезинис со две. Папандреу формирал влада, но не сакал да се потпре врз поддршката на левицата. Така, тој поднел оставка за да можат да се одржат нови избори. На новите избори, кои што се одржале во февруари 1964 година, Унијата на центарот освоила решителна победа со 53 отсто од гласовите и 171 претставник. ЕРЕ и Маркезинис заедно освоиле 107 места, а ЕДА 22 места. За победа на Унијата на центарот припомогнала одлуката на ЕДА да не учествува во околу половина, односново дваесет и четири од педет и пет изборни единици, за да не дојде до поделба на гласовите против ЕРЕ[311].

Наоѓајќи се на чело на влада на Унијата на центарот, Папандреу имал јасен мандат од гласачите да пристапи кон внатрешни реформи. Неговата програма била релативно умерена, но тој ветил социјални реформи. Лично, бил многу заинтересиран за образованието и станал и министер за образование и премиер. Било очигледно дека на целиот систем му треба комплетна реорганизација, книгите и наставните програми одамна биле застарени. Во особено тешка положба се наоѓале високобразовните институции. Акцентот сѐ уште бил ставен накласичното образование, за кое што се верувало дека претставува најдобра подготовка за идните адвокати, владини

[308] Панајотис Пипинелис (1899 – 1970), грчки политичар и дипломат,

[309] Д-р. Григорис Ламбракис (1912 – 1963), грчки политичар, физичар и атлетичар, член на грчкиот парламент (1961 – 1963),

[310] Исто, 491,

[311] Исто, 491; Кръстьо Манчев, op. cit., 93 – 111,

службеници и луѓе од разните професии. Средните училишта и универзитети не ги подготвувале добро студентите по математика и природните науки, кои што се неопходни за едно модерно технолошко општество. Покрај тоа, постојаната употреба на катаревуса, вештачкиот пишуван јазик, претставувала пречка за студентите од сиромашните семејства. Иако реформите биле потребни, Папандреу успеал да изврши само ограничен број промени. На шестгодишното основно образование, кое што можеле да го посетуваат сите ученици, биле додадени уште три години средно образование. Реорганизација била извршена и на универзитетите и во други институции[312].

Во согласност со ветувањата од кампањата биле воведени и други мерки. Биле направени обиди да се добие зголемување на платите и поголеми социјални бенефиции за работниците. За да им се помогне селаните, била зголемена минималната цена на житото, сè додека грчките цени не станале за 80 отсто повисоки одсветските. Со „Стандард оил компани" бил склучен нов, порамноправен договор, кој што се однесувал на рафинеријата во Солун. Исто така, имало и обиди да се подобрат односите со социјалистичките држави, договорот потпишан со Бугарија во тој период е веќе разгледан. Политичките затвореници, кои што сè уште се наоѓале во затвор, биле ослободени. И покрај овие достигнувања, Унијата на центарот можела да започне само релативно скромна програма. Грција останала сиромашна држава, Грција не можела да си дозволи скапи социјални реформи. Дури и со овие ограничени промени, последиците се чувствувале до средината на 1965 година. Платниот бизнис на Грција, кој што секогаш претставувал голем проблем, се влошил, а инфлацијата повторно станала проблем[313].

Големата слабост на владата на Папандреу, сепак, не произлегувала од нејзината политичка програма, туку поради тоа што во водењето на јавните работи ќе преовладеат личните страсти и интереси. Така, главното внимание на јавноста наскоро нема да биде насочено кон непосредните социјални и економски прашања, туку кон овие конфликти. Политиичката сцена во Грција ги добила сите елементи на драма, со премиерот, неговиот син, кралот и архиепископот Макариос во главните улоги[314].

---

[312] Исто, 492,

[313] Исто, 402; Ричард Клог, op. cit., 186 – 191,

[314] Исто, 492,

За време на кампањата на Папандреу и на Унијата на центарот, кандидатите остро го напаѓале Константин Караманлис за неговата политика во однос на Кипар и неговиот очигледен неуспех адекватно да ги поддржите интересите на Грција. Веднаш по доаѓањето на власт, владата на Унијата на центарот се соочила со кризата на Кипар, која што избувнала во декември 1963 година. Ниту континенталните Грци, ниту Грците на Кипар не го сакале договорот постигнат во 1959 година. Нивната цел останала или обединување со Грција или барем добивање целосна контрола врз Кипар од страна на грчката заедница. Со оваа цел Макариос и неговите грчки приврзаници се обиделе да ја потврдат нивната власт врз турското население, со што го прекршиле претходниот договор. Уште еднаш Грците биле агресори, а Турците жртви. Биле активирани вооружени чети, а бројот на жртвите растел. Како и порано, владата на Турција скокнала во одбрана на загрозеното малцинство. Повторно почнале преговори меѓу Грција, Турција и Велика Британија, додека на островот продолжиле спорадични борби. Проблемот станал речиси нерешлив. Турската страна го прифаќала задржувањето на договорот од 1959 година или поделбата на регионот врз национална основа, Грците барале обединување или целосна контрола врз администрацијата. Во февруари 1964 година Велика Британија го изнела прашањето пред Организацијата на Обединетите нации, кои што најпосле испратиле мировни мисии[315].

Во меѓувреме борбите продолжиле. Иако далеку помалубројно, турското население било зајакнато со оружје и доброволци кои што дошле од Турција. Во август 1964 година грчките чети кои што имале тешко вооружување, извршиле голем напад врз турската енклава Кокина, во северозападниот дел на Кипар. Владата на Турција можела да го спаси ова загрозено место само со употреба на својата авијација. Така дошло до голема воена криза меѓу НАТО партнерите. И покрај критиките на претходниот режим, владата на Папандреу можела да направи малку. Турција била многу поисилна држава од Грција. Владата на Соединетите Американски Држави била подготвена да ја предупреди турција, но таа, секако, немала намера да ги реализира барањата на Грција за обединување. Како резултат на оваа криза, грчката и турската заедница се оддалечиле уште повеќе, секоја останала во својата област и поделбата

[315] Исто, 493; Кръстьо Манчев, op. cit., 93 – 111,

практично била реализирана. Кипар се наоѓал под окупација на силите на Организацијата на Обединетите нации, заедно со грчките и турските трупи[316].

Од овој момент ставот на Макариос се сменил. Со оглед дека за време на кризата не го добил она што го сметал за адекватна помош на Запад, тон се свртел кон СССР. Потоа, сè уште имајќи го чувството на обесправеност, тој се обидел да добие поддршка од социјалистичкиот блок и од азисиските и африканските држави. Поради тоа што бил лут и на Грција, повеќе не се залагал за обединување, туку за одржување на независен Кипар. Тој имал за цел неутрална кипарска држава, под контрола на грчкиот елемент од населението. Ова свртување кон социјалистичкиот блок ја зголемило популарноста на архиепископот меѓу кипарските комунисти и кај грчката ЕДА. Така, политиката на Унијата на центарот во однос на Кипар не само што не довела до некој напредок, туку предизвикала и големи тензии меѓу Грција и Кипар. Неуспехот во однос на Кипарското прашање ќе остане срам за владата на Унијата на центарот[317].

И додека Кипар бил најголем проблем со кој што Папандреу се соочил во надворешната политика, влошувањето на неговите односи со дворот и проблемите предизвикани од страна на неговиот син, биле негова главна домашна слабост. Кога Папандреу прв пат ја превзел власта, се случиле некои промени кои што изгледале како да се во негова полза. Во февруари 1964 година неговиот стар ривал од либералниот блок Софоклис Венизелос умрел. Во март 1964 година умрел и кралот Павлос и него го наследил неговиот 23 – годишен син Константин II, кој што во 1964 година се оженил со принцеза од Данска. Во почетокот изгледало дека владата на Унијата на центарот ќе успее да соработува со дворот и дека прашањето на монархијата нема повторно да стане актуелно. И навистина, најголемите проблеми во личните односи со кои што премиерот се соочувал биле во неговото сопствено семејство. Папандреу повеќе бил на чело на коалиција отколку партија основана од негови привврзаници. Ваквите организации секогаш тешко се одржуваат. Исто така, многу судири биле предизвикани од однесувањето и од ставот на синот на премиерот, Андреас. Георги Папандреу бил на возраст од седумдесет и шест години и на многумина им изгледало го третира својот син како принц наследник, предодреден да ги добие позицијата и почестите на неговиот татко. Ваква сукцесија не била непознат

[316] Исто, 494,
[317] Исто, 494,

балкански обичај: семејствата Венизелос и Братијану, меѓу многу други, станале политички династии. Меѓутоа, Андреас имал минато и некои идеи поради кои што бил мошне непопуларен кај мнозинството Грци[318]. Тој речиси дваесет години живеел во Соединетите Американски Држави и станал американски жител. Образован на Харвард, предавал економија на калифорнискиот универзитет во Беркли. Во 1959 година се вратил во Грција, каде што работел во истражувачкиот центар финансиран од фондацијата „Форд". За прв пат бил избран во Собранието од страна на изборната единица на неговиот татко. По победата, бил назначен за заменик – министер за координација, по што го добил името „падобранец во коалицијата". Веднаш по доаѓањето на власт, тој завзел контроверзен став. Идентификуван со левото крило на Унијата на центарот, тој често не се согласувал со неговиот татко, кој што сепак му давал целосна поддршка. Неговиот брз подем во политиката можел да предизвика завист, а тој често не бил тактичен во односите со своите колеги. Ако било неопходно, тој ги заобиколувал и му се обраќал на неговиот татко. Покрај тоа, иако остро ги напаѓал корупцијата и лошото управување, очигледно, имал корист од политиката на непотизам и фаворизирање[319].

Без оглед на овие критики, Андреас Папандреу имал многу приврзаници. И покрај неговото американско искуство, тој Соединетите Американски Држави ги направил жртвено јагне за многу грчки проблеми. Оваа тема оттогаш ќе стане главен елемент на неговата политичка програма и ќе биде привлечна за оние кои што го мразеле странското мешање. Со силна реформистичка програма и верба во „општествениот инженеринг", тој добил особена поддршка од образованата младина, која што делела слични идеи[320].

Прашањето на политичките доктрини на Андреас Папандреу наскоро ќе станат главно политичко прашање на Грција. Во јуни 1964 година Георги Папандреу го испратил Гривас назад на Кипар со мисија да ги провери активностите на Макариос[321] и да ја одржи во живот мисијата за обединување. Гривас, кој што бил мошне силно националистички и конзервативно ориентиран, меѓу трупите на Грција распоредени на Кипар наскоро открил една конспиративна група, наречена „Аспида" или „Штит".

[318] Исто, 494; Ричард Клог, op. cit., 191,
[319] Исто, 495,
[320] David Holden, op. cit., 226; Барбара Јелавич, op. cit., 495,
[321] Макариос III (1913 – 1977), прв пресседател на Република Кипар (1960 – 1974) и архиепископ на Кипар (1950 – 1977),

Политичката програма на групата се залага за воспоставување на социјалистички и неутрален режим во Грција, така, таа била против монархијата и членство во НАТО. Скандалот избувнал кога се посомневало, иако никогаш не било докажано, дека во овие активности бил замешан и Андреас Папандреу[322].

Така опозицијата имала идеално оружје со кое што можела да ја напаѓа Владата и ја искористила аферата „Аспида'' како што другите го искористеле убиството на Ламбракис против Константин Караманлис. Последиците на овие напади биле премногу големи во однос на поводот. Била спроведена истрага и по осумнаесет месеци биле обвинети 28 офицери, од кои што петнсаесет во март 1967 година биле осудени за предавство и обид да ја соборат Владата. Сепак, во меѓувреме, ова прашање ќе предизвика соборување на владата на Папандреу[323].

Аферата „Аспида'', природно, предизвикала голема загриженост во армијата. Важна улога имала војската во политичкиот живот на Грција. Во минатото, армијата во различни периоди наизменично ги поддржувала ројалистите и републиканците. Во 1920 – те години доминирала републиканската политика, но потоа таа станала ројалистичка и конзервативна. За време на годините на Константин Караманлис армијата му давала главна поддршка на режимот и врските со НАТО и Соединетите Американски Држави. По доаѓањето на власт на Унијата на центарот, оваа политичка коалиција, природно, предизвикала разбирлив аларм меѓу офицерскиот корпус. Нападите врз Соединетите Американски Држави и НАТО, неуспесите на Кипар и конечно заговорот „Аспида'' предизвикале многумина да стравуваат не само за својата сопствена позиција, туку и за идните насоки на нивната држава[324].

Целото прашање довело до криза во јули 1965 година. Министерот на одбраната Петрос Гаруфалиас имал блиски врски со дворот и десно ориентираните партии. Кога Папандреу му ја дал листата на офицерите кои што сакал да ги пензионира или прекомандува, министерот одбил да ги направи измените или да даде оставка на своето место. Премиерот отишол кај Константин II, барајќи Гаруфалиас да биде разрешен од должноста и се предложил себеси како најдобар кандидат за функцијата министер за одбрана. Кралот одбил, тврдејќи дека Папандреу е веќе премиер и министер за образование. Исто така, тој нагласил дека, сè додека Андреас е

[322] Барбара Јелавич, op. cit., 495,
[323] Исто, 496,
[324] Исто, 496,

под истрага во врска со заговорот „Аспида”, не е во ред неговиот татко да биде министер за одбрана. Кралот бил подготвен да прифати секој друг кандидат. Тоа што потоа се случувало е отворено за расправа. Папандреу очигледно понудил оставка и кралот се согласил. За ова нема ниту еден пишан документ[325].

Како брилијантен политички тактичар, Папандреу го употребил целиот свој ораторски талент за да го нападне кралот. Тој објавил дека, всушност, е разрешен, и дека Константин постапил надвор од неговите уставни овластувања. Соборениот премиер, тврдејќи дека премиерот има право да назначи кого сака, го редуцирал целото прашање на прашањето, кој, всушност, треба да владее со Грција, кралот или човекот кој што го претставува мнозинството во собранието. Папандреу организирал политички демонстрации против кралот и до максимум ги искористил своите способности на уличен оратор. Од овој момент политичката ситуација брзо се влошувала[326].

## 1.7 ПОЛКОВНИЦИТЕ ЈА ПРЕВЗЕМААТ ВЛАСТА

Ситуацијата предизвикала крајна вознемиреност во војската и меѓу политичките партии на десното крило. Во случај да победи Унијата на центарот, како што се очекувало, можеле да се очекуваат радикални промени во армиската команда и принудно пензионирање на многу офицери. Покрај тоа, поодминатите години на Георги Папандреу предизвикувале стравувања дека тој нема да може да остане долго на чело на владата. Неговиот син тогаш бил логичен наследник. Од Андреас можело да се очекува да ги задржи речиси сите приврзаници на татко му. Со оваа група, неговите приврзаници и во лево ориентираните партии, тој можел да формира влада која што најверојатно би ги превзела сите мерки за да обезбеди тој да ја има контролата врз армијата. Многу лесно можело да дојде до промена во неутралната надворешна политика и до повлекување од НАТО[327].

---

[325] Исто, 496,
[326] Исто, 497,
[327] Исто, 498,

Соочени со овие реални и замислени закани врз нивната позиција, мала група офицери испланирала бунт. Во тоа им помогнало постоењето на воен план за вонредни ситуации, направен за заштита на владата од комунистичко превземање на власта. Овој план не бил единствен, слични проекти постоеле и во други држави. Според одредбите на грчката верзија, ако ваква опасност стане неминовна, кралот и генералите ја превземаат целосната власт. Тие потоа можат да ги повикаат грчките воени сили во акција за да ја заштитат Грција од внатрешен бунт и надворешна инвазија. Би бил прогласен воен закон и уставот би бил суспендиран. Одлуката за ставање на планот во дејство требала да биде потпишана со шифрата „Прометеј". Оваа шема им била позната на кралот, воените команданти и некои офицери на НАТО и амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Грција[328].

На 21. IV. 1967 година заговорниците биле подготвени да ја превземат власта. Акцијата била извршена од релативно млади офицери, чиј што број бил мал. Водачи на бунтот биле полковник Георги Пападопулос, полковник Николаос Макарезос[329] и генерал – мајор Стилианос Патакос[330]. Имајќи ја контролата врз тенковските и безбедносните единици во Атина, офицерите прво тргнале да ја освојат контролата врз главните владини и воени простории и комуникациската мрежа. Главната цел била Штабот на армијата во Атина, наречен Пентагон по зградата на Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, која што била звземена од една падобранска единица. Офицерите потоа ја објавиле шифрата „Прометеј", која што била сигнал за армијата да ги окупира другите јавни згради, да ја затвори границата и аеродромите и веднаш да го воведе воениот закон. Војската, исто така, пристапила кон апсења и приведувања на лица кои што се сметале за потенцијално опасни, чии што имиња биле на претходно подготвениот список[331].

Реализацијата на планот барала одобрение од Константин II и од командантот на Генералштабот, генерал Григориус Спандидакис, од кои што ниту едниот не бил замешан во првата фаза од пучот. Пападопулос едноставно го решил проблемот така што го употребил името на кралот без негово знаење и го убедил Спандидакис да ѝ се приклучи на акцијата. Патакос, задолжен за тенковскиот корпус во Атина, немал многу

[328] Исто, 498,
[329] Николаос Макарезос (1919 – 2009), офицер во грчката армија и еден од полковниците во грчката воена хунта (1967 – 1974),
[330] Стилианос Патакос (1912 – 2016), генерал – мајор и учесник во грчката воена хунта (1967 – 1974),
[331] Исто, 498,

тешкотии да ја обезбеди престолнината и пучот продолжил без отворено спротивставување или крвопролевање. И Константин го прифатил настанот. Сепак, тој сакал на чело на владата да се наоѓа цивил и го предложил Константин Колиас,ројалист кој што бил близок на дворот. Прифаќајќи ја оваа номинација, офицерите поставиле влада со Константин Колиас како премиер, Спандидакис како заменик – премиер и министер за одбрана и Макарезос како министер за координација. Пападопулос, задоволен што ја има вистинската моќ, ја превзел функцијата министер во канцеларијата на премиерот[332].

Така повторно како и во 1843, 1862, 1909 и 1920 – те години, армијата интервенирала во политиката на Грција. Новите воени водачи имале многу заеднички атрибути. Тие имале селско потекло и немале вистинско искуство надвор од Грција. Потекнувајќи од сиромашни семејства, тие доаѓале од општеството на Грција кое што своите синови ги испраќало во армија за да го обезбеди нивниот напредок. На училиште, за време на ерата на Јоанис Метаксас[333], тие ги апсорбирале идеите од тој период. Подоцна се бореле против комунистите во Граѓанската војна. Некои припаѓале на десно ориентирани здруженија, како што е Светата унија на грчките офицери, или ИДЕА. Како и нивните колеги од времето на Јоанис Метаксас, тие ги нагласувале доблестите на лојалноста, религијата и национализмот и изјавувале дека бунтот го спречил превземањето на власта од страна на комунистите. Ова тврдење, како и силното неодобрување на претходниот уставен режим, било укажано во говорот кој што Колиас го одржал на 21. IV. 1967 година[334].

Вооружена со вакви убедувања, Владата пристапила кон репресивни мерки. Воениот закон, кој што бил прогласен на 21. IV. 1967 година, останал во сила. Некои членови од Уставот, како што е делот за граѓанските права, биле суспендирани. Политичките партии биле укинати, а штрајковите забранети. Се проценува дека над 6.500 луѓе биле уапсени, многумина, кои што претходнобиле ослободени од претходната влада, повторно биле вратени во затвор. Политичките затвореници често биле испраќани во островските логори, чии лоши услови го предизвикувале и меѓународното внимание. Полицијата имала право да апси без налози, уапсено лице можело да се држи во затвор неограничено долго и без судење. Била воведена строга

[332] Исто, 499,
[333] Јоанис Метаксас (1871 – 1941), премиер на Грција (1936 – 1941),
[334] Исто, 500; Kenneth Young, The greek passion: A study in people and politics, 341,

цензура врз печатот која што ја забранувала критиката на политичките услови, собири на повеќе од пет лица биле забранети. Со вакви мерки воените власти имале мошне мала внатрешна опозиција[335].

Сепак, Константин II и понатаму му создавал тешкотии на режимот. Иако тој го прифатил превратот, неговите односи со новите водачи биле лоши. Уште еднаш прашањето на командата на армијата ја забрзало кризата. Пучот бил извршен преку офицери од понизок ранг, многумина од неговите претпоставени не учествувале во акцијата и останале против бунтот. Владата сакала да пензионира или прекомандува некои од овие повисоки офицери, од кои што многумина биле блиски до дворот. Константин, кој што правилно сфатил дека вистинскиот проблем е во контролата врз армијата, се согласил со некои, но не со сите промени, а бил поддржан од Спандидакис. Истовремено, кралот неочекувано почнал да организира сопствен пуч. Откако извршил сосема неадекватни подготовки, тој и неговото семејство на 13 XII 1967 година одлетале за Кавала, од каде што ја повикал Грција да застане во негова поддршка. Најголемиот дел од армијата бил концентриран во Северна Грција поради неговата криза со Турција до која дошло околу Кипар. Кралот очекувал дека командантите на овие трупи ќе му се приклучат, но, всушност, до тоа не дошло. По петнаесетчасовните бесполезни обиди, Константин II со семејството и Колиас избегале од Грција[336].

Бидејќи кралот бил надвор од Грција, во Грција требало да се назначи регент кој што би ги вршел официјалните должности на монархот. Тоа место го завзел генерал Георги Зоитакис, а владата била реорганизирана. Приврзаниците на кралот, Колиас и Спандидакис, исто така, морале да бидат сменети. Пападопулос се назначил за премиер и министер за одбрана. Сепак, не бил направен никаков обид да се укине монархијата. Наместо тоа, постоела постојана комуникација со кралот, кој што бил во Италија, а неговото финансирање, исто така, било задржано. Со Уставот кој што бил донесен во тој период, монархијата била задржана. Како што можело да се очекува, овој документ предвидувал конзервативен, авторитарен режим. Собранието требало да биде составено од членови кои што би биле делумно избирани, а делумно назначувани. Граѓанските права биле строго ограничени, а на воените сили им биле дадени посебни повластици. На плебисцитот одржан во септември 1968 година за одобрување на овој

[335] Барбара Јелавич, op. cit., 500; Ричард Клог, op. cit., 192; Кръстъо Манчев, op. cit., 93 – 111,

[336] Исто, 500,

документ, Владата добила 92 отсто од гласовите. Нема потреба да се нагласува дека до ваквиот резултат се дошло по пат на традиционалните методи на диктаторска власт. Иако Уставот стапил во сила во ноември 1968 година, седум негови одредби биле суспендирани и Грција останала под воена управа. Во 1973 година, кога Пападопулос решил дека монархијата треба да се укине, бил одржан втор плебисцит, чии што резултати можеле да се предвидат. Пападопулос бил избран за претседател за период од осум години.[337]

Програмата на воената диктатура во значајна мера била негативна. Образовните реформи на Папандреу биле укинати, а многу граѓани кои што биле во државна служба, како што се: учители, службеници и судии, а во чија лојалност се сомневало, биле отпуштени. Ваквите чекори, секако, ги карактеризирале и претходните промени на владите. Печатот и радиото биле користени за пропагандна поддршка на превратот од 21 IV 1967 година, како што било нареченоо движењето. Како и Јоанис Метаксас, военоте водачи се обиделе да развијата идеологија која што се базирала врз нејасни идеали за нова хеленско – христијанска цивилизација[338].

Иако режимот не бил соочен со ниту една опасна опозиција во Грција, тој не добил поддршка на поголемиот дел од населението. Водачите доаѓале од делот од армијата кој што немал моќни домаши или странски врски. Исто така, тие не претставувале дел од традиционалиот грчки политички и интелектуален естаблишмент на кој што, секако, му припаѓале Папандреу и поголемиот број истакнати политичари. На овие кругови новите кабинети им изгледале сурови, глупави и необразовани. Воената хунта, всушност, не успеала да даде ниту една популарна личност, Папандреу не привлекол следбеници. Освен тоа, режимот станал предмет на строги критики од странство, од оние чии што политички убедувања од умерени до комунистички. Напаѓајќи ја особено суспензијата на граѓанските права, како и условите во затворите, овие групи максимално го искористиле своето влијание да ја дискредитираат Владата во Грција, која што била многу поранлива во ваквите акции од комунистичките режими, каде што условите биле полоши[339].

Овој период на воена власт, не само според мислењето на оние од левото крило, туку и според општото мислење во Грција, започнал да се поврзува со

---

[337] Исто, 501,

[338] Исто; op. cit. 501; Кръстъо Манчев, op. cit. 93 - 111; Ричард Клог, op. cit., 192,

[339] Исто, 502,

влијанието од Соединетите Американски Држави. Голем дел од јавноста одговорноста за првичниот успех на полковниците и нивното задржување на власт ѝ ја препишувале на ЦИА. Со оглед дека Пападопулос се поврзувал со еквивалентот на Грција на оваа разузнавачка агенција и имал врски со функционери од Соединетите Американски Држави, врската изгледала очигледна. Покрај тоа, владеело општо убедување дека моќта на Соединетите Американски Државитолку пуштила корења, што ниту една промена во Грција не можела да се случи без одобрение од Соединетите Американски Држави. Се верувало дека „Грците од сите класи веруваат дека малку работи кои што се од големо значење за Грција можат да се случат, а да не се резултат на акција, притисок или барем согласност на Соединетите Американски Држави. Се сметало за неспорно дека ниту еден воен пуч не може да се случи без учество на Соединетите Американски Држави, особено поради тесните врски меѓу грчкиот и американскиот воен естаблишмент''[340].

Сигурно е дека воените водачи се обидувале да остварат пријателски односи со Соединетите Американски Држави. Како милитантни антикомунисти, тие сметале дека имаат право на специјален третман, па затоа биле разочарани со студената американска реакција на пучот. Всушност, Соединетите американски Држави направиле малку. Во знак на протест поради симнувањето на уставната влада од власт, иако само за кратко, тие ја прекинале испораката на тешка воена опрема, но никогаш не и на лесното оружје кое што било потребно за граѓанска контрола. Всушност, Соединетите Американски Држави и не можеле многу да направат. Со оглед дека големата економска помош од минатото била прекината, овој метод на притисок бил елиминиран. Односите се подобриле во периодот кога претседател бил Ричард Никсон. Заменик – претседателот Спиро Егњу во 1971 година го посетил селото на своето семејство и дал неколку поволни забелешки за режимот. Покрај тоа, по интервенцијата на СССР во Чехословачка во 1968 година, Соединетите Американски Држави сакале стабилна влада во оваа медитеранска држава. Стравувањата во однос на намерите на СССР повторно се појавиле. Поддршката дадена од страна на Соединетите Американски Држави и Израел во 1967 и 1973 година диктирала слична политика и за Средоземјето. Интересно е да се напомене дека многу организации во Грција кои што порано

[340] Keith Legg, op. cit., 239,

најостро го напаѓале влијанието на Соединетите Американски Држави, сега сакале да се превземат активни мерки против воениот режим[341].

Покрај репресивните мерки и генерално негативната програма, воената влада направила некои напори да му помогне на посиромашниот дел од населението. За да им помогне на селаните, нивните долгови кон Земјоделската банка биле отпишани. Иако штрајковите и синдикалните активности биле забранети, работничките надници се зголемиле. Од 1967 до 1973 година приходот по глава на жител се зголемил од 700 на 1.200 долари, пораст кој што во голема мера бил неутрализиран со големата инфлација, која што, со 30% во 1973 година била највисока во Европа. И покрај желбата на режимот да создаде популистички лик, тој ги поддржувал интересите на средната класа и оние кои што претходно ја имале моќта. Многу штета Владата претрпела од донесувањето мерки кои што предизвикале потсмев, особено меѓу интелектуалците во Грција и надвор. Режимот усвоил закони кои што се однесувале на такви прашања како што се: должината на здолништата и косата, кршењето на чашите во кафеаните. Во обид да се врати акцентот на основните вредности, биле ревидирани учебниците и направени некои измени, едно од подобрувањата била и промената направена во еден учебник по хемија за основно училиште, со која што се „отишло дотаму што се тврдело дека Господ направил мразот да плива по вода поради неговата грижа за рибите[342].

И покрај сѐ поголемата непопуларност, на воените водачи им помогало тоа што партиските водачи не успеале да формираат обединет фронт. Дури и комунистите биле поделени во две завојувани фракции чии што главни заеднички точки биле ограничени на спротивставување на НАТО и влијанието на Соединетите Американски Држави. Центарот го покажал својот вообичаен распарчен лик. Десницата била поделена на оние кои што ги сметале полковниците за подобро решение од секоја друга порактична алтернатива и оние кои што барале други водачи, како што се Константин Караманлис или Константин II. Ниту една од традиционалните партии не изгледала способна да понуди лидерство за бунт. Инцидентот кој што го потресол режимот дошол од студентите. Во ноември 1973 година, една група студенти се забарикадирала во атинскиот Политехнички институт со поддршка на голем број симпатизери собрани на

---

[341] Барбара Јелавич, op. cit., 503,
[342] David Holden, op. cit., 267,

улица. За да ги задуши овие демонстрации, војската убила најмалку 34 учесници и ранила неколку стотини. Овој инцидент предизвикал поделба во владејачката група[343].

На 25 XI 1973 година со нов пуч била изнудена оставка на Пападопулос, кој што бил уапсен. Уште еднаш, една група воени водачи тврдела дека ја извршила акцијата за да ја спаси Грција од хаос. Таа била предводена од генерал Димитриос Јоанидис, кој што бил командант на воената полиција, еден друг генерал станал претседател, но кабинетот бил во рацете на цивили. Овој режим се покажал дури и поконзервативен од нивните претходници, не бил направен никаков обид да се врати регуларното уставно владеење. По краток период од осум месеци на власт, од ноември 1973 до јули 1974 година, оваа влада била симната поради уште една криза на Кипар[344].

Додека овие настани се случувале во Грција, состојбата на Кипар повторно станала опасна. Архиепископот Макариос сè уште го поддржувал независниот статус на Кипар, секако, под негова цврста контрола, но правел и напори да ги подобри односите меѓу грчката и турската заедница. Нему му се спротивставувале оние кои што сè уште се залагале за обединување со Грција, став кој што имал силна воена поддршка. За време на владеењето на Паппандреу на островот биле испратени дополнителни грчки војници, така што до 1967 година тие броеле околу 12.000, иако според меѓународните договори бројот бил ограничен на 950. Покрај тоа, Гривас, кој што бил голем заговорник на еносис, бил командант на Кипарската национална гарда и можел да смета на поддршка на многумина симпатизери кои што, исто така, биле вооружени. За да му се спротивстави, Макариос се обидел да ја зајакне полицијата, која што тој ја контролирал. Архиепископот ја имал и поддршката на лево ориентираните фракции на островот, тие не го сакале обединувањето со Грција, каде што Комунистичката партија била нелегална. Всушност, островот станал засолниште за оние кои што избегале од воениот режим[345].

Значи, постоеле три фракции: Макариос со неговите приврзаници, Гривас со неговите вооружени чети и турската заедница, која што добивала оружје од Турција. Во 1967 година четите на Гривас, помогнати од војниците испратени од Грција, започнале да ги напаѓаат турските села. Турското население, кое што било значително помалубројно, трпело големи жртви. Уште еднаш турската влада се подготвила да им

---

[343] Барбара Јелавич, op. cit., 503,
[344] Исто, 504,
[345] Исто, 504,

помогне на кипарските Турци. Во ноември 1967 година министер за надворешни работи на Грција станал искусниот политичар Пипинелис. Изгледало дека Грција е на работ на војна со нејзиниот сосед, акција која што би била самоубиствена: Турција имала население од 34 милиони и војска од 390.000 луѓе, Грција, со околу 9 милиони жители, имала 118.000 војници. Во аква ситуација грчката влада немала избор освен да се повлече. Таа се согласила да го намали бројот на своите трупи на Кипарна 950 и да плати компензација за кипарските Турци кои што биле убиени. Гривас бил повикан во Атина. Соединетите Американски Држави ја предупредиле Анкара да не стапува во акција[346].

Сепак, ситуацијата останала иста како и порано, меѓу Атина и Никозија владееле лоши односи. Во јануари 1974 година Гривас умрел и бил погребан како херој. И покрај своето повлекување во 1967 година, грчката влада сè уште сакала да го превземе островот. Во една крајно избрзана ситуација во јули 1974 година, таа го поддржала бунтот против Макариос, кој што бил извршен првенствено од страна на Кипарската национална гарда, придружена од грчките трупи стационирани на островот. Архиепископот бил симнат од власт и заменет со нов претседател, Никос Сампсон, терорист на ЕОКА, кој што имал лоша репутација како убиец и ограбувач. Новиот кипарски режим бил признат само од Атина. Грција била изолирана во дипломатските односи, ниту една друга држава не го одобрила овој насилнички акт. Покрај тоа, воените лидери ја забрзале акцијата без адекватни подготовки за неизбежната реакција од Турција[347].

Според договорот од 1959 година, турската влада, како сила заштитничка, имала легално право за унилатерална интервенција. На 20 VII 1974 година турската војска се истоварила на островот за да го заштити турското население. Грчката влада одговорила со повик за мобилизација, наредба која што предизвикувала масовна конфузија. И покрај седумгодишното воено владеење, државата не била подготвена за војна. Војската го немала неопходното оружје ниту резерви. Согледувајќи ја безнадежноста на ситуацијата, воените команданти во Северна Грција едноставно им откажале послушност на своите претпоставени во Атина. Тие одбиле да го превземат ризикот од војна бидејќи согледале дека една ваква акција би довела до национална катастрофа. Следел уште еден воен пуч и друга група армиски офицери го изнудила

---

[346] Исто, 504,
[347] Исто, 505,

повлекувањето на Јоанидис. Константин Караманлис бил повикан од Парис, каде што сè уште живеел, да ја превземе контролата врз сè полошата состојба во Грција[348].

## 1.7 КОНСТАНТИН КАРАМАНЛИС СЕ ВРАЌА НА ПОЛИТИЧКАТА СЦЕНА ВО ГРЦИЈА

Веднаш по своето враќање на власт на 24 VII 1974 година, Константин Караманлис далк ветување дека ќе ја обнови уставната власт, но морал да влече внимателни потези. Тој, сепак, бил вратен на власт со помош на еден дел од војската. Во целата држава сè уште владеела цврста воена контрола, а одржувањето на цивилната власт зависело од соработката со армијата. Покрај тоа, огромниот проблем со Кипар останал нерешен. Сè додека војната со Турција постоела како опасност, не смееле да се превземаат никакви мерки кои што би ја ослабиле или деморализирале армијата. Затоа во почетокот не биле направени никакви обиди за прочистување на воените редови или изведување пред суд на оние кои што соработувале со режимот на Пападопулос[349].

Во меѓувреме, ситуацијата на Кипар се влошила. Иако на 23 VII 1974 година бил договорен привремен прекин на огнот, само неколку недели подоцна, на 14 VIII 1974 година, турската армија започнала уште една офанзива. Таа сега го окупирала целиот северен дел, односно 38 отсто од островот, област во која што се наоѓале главните економски негови ресурси и каде што живееле околку 200.000 Грци. Од облаљста започнал да се движи силен бран од околу 170.000 бегалци. Иако бил договорен уште еден прекин на огнот, Турција го држела под контрола најбогатиот дел на Кипар. Макариос бил вратен на својата стара функција и биле започнати преговори. Сепак, Турците овој пат биле во поповолна позиција и затоа немале причина да бараат брзо решение[350].

Така, во првите месеци на своето владеење како премиер, Константин Караманлис морал да решава големи надворешни и внатрешни проблеми. Состојбата

---

[348] Исто, 505,

[349] Исто, 505; Кръстьо Манчев, op. cit., 93 - 113; Ричард Клог, op. cit., 192,

[350] Исто, 506,

на Кипар предизвикала исклучително силни реакции против Соединетите Американски Држави. Уште еднаш мнозинството Грци сметале дека Вашингтон би требало да интервенира во нивна корист и да ја запре турската инвазија, и покрај улогата која што ја имал режимот на Јоанидис во забрзувањето на кризата. Иако Соединетите Американски Држави за одреден период ја прекинале воената помош за Анкара, со оглед дека американско оружје било користено во кршењето на претходните договори, овој акт не ја задоволил грчката јавност. За да го задоволи националното чувство, Константин Караманлис ги повлекол грчките сили од воената организација на НАТО и го довел вои прашање задржувањето на американските бази во Грција[351].

Во внатрешните работи, владата на Константин Караманлис го вратила Уставот од 1952 година и го укинала Воениот закон. Оние кои што ги загубиле своите места под власта на претходниот режим биле вратени на работа, политичките затвореници биле ослободени. Биле превземени некои мерки против водачите на пучот од 1967 година, но немало погубувања и екстремни мерки на одмазда. Тројцата полковници кои што биле затворени на еден остров, не биле изведени пред суд сè додека не биле завршени изборите. Тие, како и главните личности во нивната влада, биле осудени на доживотен затвор[352].

За да создаде стабилна влада, Константи Караманлис закажал избори за ноември 1974 година, односно само четири месеци по обновувањето на уставната власт, потоа требало да следи плебисцит за монархијата. По завршувањето на воената диктатура, политиката како и вообичаено продолжила по својот тек. Се појавил нов спектар на политички коалиции. Крајно десна била Националната демократска унија, единствена партија која што ја поддржувала монархијата и имала симпатии за минатиот режим. До нив, умерено десна, била партијата на Константин Караманлис, Нова Демократија, која што била наследник на ЕРЕ. Поранешната Унија на центарот го задржала своето име, нејзиниот нов водач бил Георге Маврос[353]. Левицата, застапена со новата партија која што ја предводел Андреас Папандреу, наречена Панхеленско социјалистичко движење, или ПАСОК, се залагала за социјални промени и неутрална политика. Комунистичката партија (ККЕ), сега легална, била крајно лево ориентирана.

[351] Исто, 506; Кръстъо Манчев, op. cit., 93 - 111; Ричард Клог, op. cit., 193,
[352] Исто, 507,
[353] Георге Маврос (1905 – 1995), грчки министер за надворешни работи,

Во 1968 година таа се поделила на Надворешни комунисти, кои што ја следеле линијата на Москва и Внатрешни комунисти, кои што се залагале за еврокомунизам и понезависен став. Сега кога комунистите можеле отворено да учествуваат во кампањата, популарноста на ЕДА нагло опаднала. На изборите партијата на Константин Караманлис освоила 54 отсто од гласовите или 219 места, Унијата на центарот со 21 отсто од гласовите освоила 60 места. ПАСОК освоил 14 отсто од гласовите и 13 места. Другите леви партии кои што учествувале како коалиција Обединета левица, освоиле 9 отсто и 8 места во Собранието. На плебисцитот за монархијата 69 отсто од граѓаните гласале против враќањето на кралот. Така, големиот проблем од минатото бил решен, Грција станала република[354].

Откако неговата власт била потврдена со мандатот од народот, Константин Караманлис можел да пристапи кон промени во власта. Во 1975 година бил донесен нов устав, со кој што на претседателот му се даваке големи овластувања. Тој можел да именува и распушта министри, вклучително и премиерот, можел да го распушта Собранието и става вето на законите. За надгласување на неговите одлуки било потребно мнозинство од три петини од Собранието. На позицијата премиер бил избран Константин Цацос[355], но Константин Караманлис како претседател го задржал главното влијание во Владата. Грција не се вратила во воената состојба на НАТО, а нејзината натамошна западна ориентација се одразила во одлуката да изврши притисок и стане рамноправна членка на Европската Економска Заедница и пред рокот во 1984 година[356].

Во следните години Константин Караманлис успеал да ја задржи својата цврста позиција во грчкиот политички живот, иако со некои загуби. На изборите одржани во ноември 1977 година неговата Нова демократија била редуцирана на 42 отсто од гласовите и 172 отсто од 300 места во Собранието. Најинтересна промена претставувала зголемената моќ која што ја покажувал ПАСОК, кој што освоил 25 отсто од гласовите и 93 места, Унијата на центарот со само 12 отсто од гласовите освоила само 15 места. Комунистичката партија останала поделена, а московското крило освоило 9 отсто или 11 места. Преостанатите 9 места биле освоени од фракццискиi партии од левото и десното крило. На изборите за претседател во Собранието одржани

[354] Исто, 508,
[355] Константин Цацос (1899 – 1997), втор претседател на третата хеленска република (1975 – 1980),
[356] Исто, 508; Кръстъо Манчев, op. cit. 93 - 111; Ричард Клог, op. cit., 193,

во мај 1980 година, Константин Караманлис, кој што тогаш имал 73 години, победил по третиот круг на гласање. Притоа не гласале 93 членови на ПАСОК, надевајќи се дека ќе изнудат нови избори пред закажаниот датум во ноември 1981 година. Новиот премиер Георги Ралис објавил дека има намера да ги задржи тесните врски со Западна Европа и да ги подобри влошените односи со Соединетите Американски Држави[357].

Надворешните прашања, особено Кипарското прашање, кое што ги вмешало и НАТО и Соединетите Американски Држави, сè уште биле тешки за решавање. Макариос умрел во август 1977 година и него го наследил Спирос Киприану. Иако преговорите меѓу грчката и турската влада, како и меѓу заедниците на островот продолжиле, не можела да се изнајде взаемно прифатлива формула за решавање на проблемот. Во однос на други прашања Константин Караманлис бил поуспешен. Односите со балканските држави останале добри. Во 1971 година биле обновени формалните дипломатски односи со Албанија. Константин Караманлис патувал во другите балкански престолнини и ги поттикнувал нивните водачи да ја посетат Грција. Сепак, негов најголем успех претставувала одлуката на грчкото собрание во јуни 1979 година за предвремено зачленување во Европската економска заедница. Уште еднаш главната опозиција дошла од ПАСОК. Иако оваа партија и московското крило на ККЕ го напуштиле Собранието, одлуката била прифатена соо 193 гласа, повеќе од мнозинството од три петтини што било неопходно за ратификација. Грција како десетта членка, формално ѝ пристапила на асоцијацијата на **1. I. 1981** година. Врските со Западна Европа уште повеќе зајакнале кога во октомври 1980 година државата повторно ѝ се приклучила на заедничката командантна структура на НАТО[358].

[357] Исто, 508,
[358] Исто, 508,

## 1.8 АНДРЕАС ПАПАНДРЕУ: ИЗБОРИТЕ ОД ОКТОМВРИ 1981 ГОДИНА

Во текот на својот втор мандат владата на Нова демократија со Ралис како премиер, но со Константин Караманлис како главна фигура, се соочила со зголемени проблеми. Економските тешкотии и секогаш присутното Кипарско прашање, останале нерешени. Освен тоа, оваа администрација, како и многу пред неа, станала мета на обвинувања за корупција и фаворизирање. Ваквата ситуација била искористена за пробив на Андреас Папандреу и неговите следбеници. Претходно, Андреас Папандреу се залагал за цврсти акции во надворешната политика. Тој имал цврст националистички став по прашањето на Кипар. Крајно критичен за влијанието на Соединетите Американски Држави во Грција, тој сакал американските бази да се демонтираат. Дури и повеќе, се залагал за повлекување на Грција од НАТО и ЕЕЗ. Во внатрешните работи програмата на ПАСОК се залагала за радикални реформи, вклучувајќи ја во нив и национализацијата на некои грчки фабрики. Сепак, непосредно пред изборите, Андреас Папандреу го омекнал својот став по некои критични прашања, што претставувал успешен потег за добивање на гласовите од умереното крило[359].

Изборите одржани на 18. X. 1981 година на ПАСОК му донеле 48,06 отсто од гласовите и 172 места, Нова демократија освоила 35,8 отсто и била редуцирана на 115 претставници. Надворешните комунисти постигнале мал напредок со добивање на 10,9 отсто од гласовите и 13 места. Новата администрација била под силна лична управа на Андреас Папандреу, Константин Караманлис останал претседател. Со Уставот од 1975 година на претседателот му биле дадени големи овластувања и тој можел да наметнува забрани. Во првите месеци на власт, владата на ПАСОК, секако, не иницирала никакви драстични промени во грчката политиката. И покрај претходните изјави, Андреас Папандреу не направил никакви потези за да ја повлече Грција од НАТО и ЕЕЗ, а американските бази не биле затворени. Односите со Турција останале затегнати.

[359] Исто, 509,

Несогласувањата не се однесувале само на Кипар, туку и на јуриздикцијата врз водите на Егејското Море, особено на областите околу грчките острови[360].

Во домашната политика промените, исто така, биле ограничени. Биле извршени некои промени: граѓанскиот брак бил озаконет и биле воведени планови за подобра здравствена грижа. Владата ја објавила својата намера да направи нешто во врска со неефикасноста на бирократијата и да им даде на локалните власти поголеми овластувања. И покрај јавно искажаните намери за воведување на амбициозни програми за општествен развиток, ПАСОК се сочил со големи тешкотии предизвикани барем делумно од светските економски проблеми. Со висока инфлација и високата стапка на економски пораст, државата не можела да издвои средства за општествените реформи, одобрени од страна на ПАСОК. Иако туризмот станал профитабилен со 5,6 милиони гости во 1981 година, бродскиот транспорт, како втора главна гранка на стопанството, се соочил со големи тешкотии. Така, и покрај својата убедлива победа, Андреас Папандреу во почетокот на својот мандат се соочил со големи практични пречки за реализација на својата програма[361].

[360] Исто, 510,
[361] Исто, 510,

## 2. БУГАРИЈА ПО 1945 ГОДИНА

Во 1950 година В'лко Червенков[362], кој што ги држел функциите премиер и секретар на партијата, станал најмоќен човек во Бугарија. Како син на подофицер на бугарската војска, тој својата младост ја поминал како активист на Комунистичката партија. Во 1925 година заминал за СССР, каде што посетувал и воени и партиски училишта. Во тесна врска со Георги Димитров[363], негов зет, тој завзел значајно место во комунистичката организација. По 20 – годишно отсуство се вратил во Бугарија во 1945 година, а по смртта на Георги Димитров во 1949 година ја превзел главната функција. Со оглед дека В'лко Червенков бил наследник на сталинистичкиот систем, неговата позиција по 1953 година ослабнала. Следејќи ги упатствата од Москва, тој исто така бил принудин да ги попушти строгите мерки на контрола и да стави поголем акцент врз „социјалистичка законитост''. Во овој период биле правени напори да се подобрат условите во селата, особено во задругите. Членови на послушниот земјоделски сојуз биле испраќани да се обидат да ги убедат селаните во предностите на колективизацијата и дека оваа политика ги следи доктрините на Стамболиски. Поголемо внимание му било дадено на домувањето и на производството на стоки за широка потрошувачка. Следејќи го понатаму советскиот пример, партиските и државните функции биле одвоени. В'лко Червенков избрал да ја задржи функцијата премиер, секретар на партијата станал Тодор Живков[364]. Доаѓајќи на функција во 1954 година како релативно млад човек на возраст од 43 години, на Тодор Живков во почетокот не се гледало како на можен наследник на В'лко Червенков. Георги Чанков, на чело на Државната комисија за планирање, имал повисока функција[365].

По 1944 година Бугарија одржувала најтесни врски со СССР од сите источноевропски држави. Власта и нејзините водачи отсега ќе ги следат директивите од Москва во надворешната политика. Сталинистичкиот економски систем, во кој што главно внимание му се посветувало на изградбата на големи индустриски претпријатија, додека лесната индустрија и земјоделството биле занемарени, веќе биле

[362] В'лко Червенков (1900 – 1980), триесет и чртврти премиер на Бугарија (1950 – 1956),

[363] Георги Димитров (1882 – 1949), генерален секретар на КПБ (1946 – 1949),

[364] Тодор Живков (1911 – 1998), комунистички лидер на Народна Република Бугарија (1954 – 1989). Член на КПБ (1932 – 1990). Лидер кој што најдолго се задржал на власт во било која држава од источниот блок.

[365] Исто, 425; Стојан Киселиновски, op. cit., 143 – 167,

прифатени со ентузијазам. Како и во другите држави, целите биле зацртани во серија планови, а започнале со првиот двегодишен план за 1947 и 1948 година, потоа следела серија на петгодишни планови. Бугарија е крајно сиромашна држава на која што ѝ недостигаат јаглен, железо и нафта, кои што се неопходни за индустрискиот развој. Речиси сите овие витални суровини морале да се увезуваат од СССР. Покрај тоа, државата немала искусни технички лица и раководен кадар, дефицит кој што делумно бил надоместен со експерти од СССР, чии што плати биле околу четири пати повисоки од нивните колеги од Бугарија[366].

Во времето на „студената војна'' надворешнополитичките можности на Бугарија биле многу ограничени. Социјалистичкиот „лагер'' бил оформен по пат на двострани сојузнички договори „за пријателство, соработка и взаемна помош'', заклучени под контрола на Москва. Бугарија послушно го поддржувала СССР по германското прашање, борбата за мир, европскиот договор за колективна безбедност. Бугарија во 1949 година станала основач на Советот на взаемна економска помош (СЕВ), а во 1955 година и Варшавскиот пакт – две организации кои што претставувале економско и воено лице на источниот блок[367].

Исклучувањето на КПЈ од Информбирото довела до промена на бугарската политика кон македонското прашање. Насилната „македонизација'', на Пиринска Македонија била запрена. Во октомври 1949 година Бугарија и останатите социјалистички држави ги поништиле договорите со Југославија и започнале широка кампања против неа. По смртта на Сталин Москва почнала да се приближува со Југославија, па со тоа односите ги нормализирала и Бугарија. По македонското прашање е превземена тактиката „на привремено молчење, трпение и воздржаност''[368].

Во текот на граѓанската војна во Грција, атинската влада ја окривувала Бугарија дека го помага партизанското движење и водела широка антибугарска кампања. Дури на 22 V 1954 година Бугарија и Грција повторно воспоставиле дипломатски односи, но спорот околу репарацијата останал нерешен[369].

---

[366] Исто, 426,

[367] Димитар Попов, Иван Божилов, Цветана Георгиева, Константин Косев, Андрей Пантев, Искра Баева, Историја Бугарске, Београд, CLIO, 2008, 356,

[368] Исто, 357,

[369] Исто, 357,

Прашањето за иселениците долго доминирало во бугарско – турските односи. По турската агитација, во пролетта 1948 година почнало иселувањето на бугарските Турци, кое што БКП го поддржувала. Во есента 1950 година Турција ги затворила границите, а во текот на 1951 година БКП почнала политика на привлекување на муслиманите[370].

До почетокот на педеттите години на XX век, изолацијата и влошените односи на Бугарија со Западот не биле резултат на отворени прашања, туку општата клима на „студедената војна". Дипломатските односи на Соединетите Американски Држави и Бугарија се прекинати во 1950 година. Прекинати се односите и со многу држави на Западна Европа, а дури во средината на педеттите години на XX век се направени извесни отстапки, претежно во областа на трговијата. Во склад со линијата на Москва, во 1955 година е завршена воената состојба со Германија, каде што СР Германија завзела важно место во вкупната робна размена на Бугарија[371].

Бугарската влада секандидирала за членство во Организацијата на Обединетите Нации во летото 1947 година, но во тоа се спротивставиле Соединетите Американски Држави. Поволната клима во меѓународните односи овозможила во декември 1953 година да бидат примени шеснаесет нови држави, меѓу кои и Бугарија[372].

Така во текот од 1948 до 1953 година во Бугарија е зацврстен политички систем од советски тип. Тој имал и одлики на свои карактеристики: парламентот е сочуван како највисок законодавен орган, постоела и друга партија – БЗНС, како и широка масовна општествена организација – ОФ. Разликите (забранување и одобрување од Москва) сепак биле само формални и не ја сменувале недемократската суштина на системот[373].

Првата повоена деценија донела коренити промени, како во политичкиот и земјоделскиот, така и во секојдневниот живот на Бугарија. Обидот да се формира тоталитарно општество по советски модел создал можни претпоставки за општествен отпор, но за да стане реален и да би довелк до посакуваните промени, бил потребен

[370] Исто, 358,
[371] Исто, 358,
[372] Исто, 358,
[373] Исто, 358,

надворешен фактор. Тоа се случило дури по смртта на Сталин и по промената во СССР. Тогаш бугарското општество почнало да исполнува спремност за промени[374]

По промените во советското раководство и во Бугарија имало реакции, но чувството за промени е изразено пред сè во стравот од иднината. Сепак, за политичките промени во Бугарија почнало да се зборува дури по апсењето на Лаврентиј Бериј во јули 1953 година. Борбата за власт во СССР предизвикала кај луѓето како „општествен и психолошки шок'' така и желба да им биде објаснето што се случувало пред март 1953 година[375].

VI конгрес на БКП (25 II – 3 III 1954) е одржан во околностите на промените во земјоделството. На конгресот е расправано за развојот на Бугарија во вториот петгодишен план (1953 – 1957) и заклучено е дека „е елиминирана капиталистичката класа во градот, а во односот на експлоататорските елементи се спроведува политика на ограничувања и потиснувања''. На тој начин е подигнат таканаречениот прехранбено – снабдувачки курс чија што цел била курсот на индустријализација да се замени со нов, свртен кон селото[376].

Шестиот конгрес донел и малку важна политичка промена – ја укинал положбата генерален секретар. Без обзир на тоа, В'лко Червенков и понатаму раководел со Политбирото, а Тодор Живков бил избран за прв секретар на ЦК, што претставувало повеќе техничка отколку раководна функција. А што се однесува до репресиите, тие се намалени – 11 VII 1953 година од логорите се ослободени сите освен „најопасните елементи на општествениот поредок'' и дури имало предлог логорите да се затворат. На 7 IV 1955 година е прогласена амнестија за Бугарите – емигранти, која што не само што ги рехабилитирала повратниците, туку и им ги вратила имовинските права. Во круговите на создавачката интелигенција се слушнале првите критики на сметка на партиската културна политика. Бугарија ја дочекала 1956 година во атмосфера на незадоволство и фиктивни промени во раководството на државата[377]. Политичката 1956 година почнала со XX конгрес на КПСС, кој што го означил почетокот на новата етапа во развојот на Источна Европа. Индикативно за фиктивната десталинизација на БКП е факт дека нејзината делегација ја предводел

[374] Исто, 358,
[375] Исто, 359,
[376] Исто, 359,
[377] Исто, 360,

В'лко Червенков. Очигледно било неговото клатење, кое што се градело на неговата самокритика и префрлување на одговорноста за „култ" на средствата на јавното информирање и раководството на ЦК[378].

Работите се промениле од корен дури по таканаречениот доверлив реферат за Сталиновите грешки и злосторства, кој што Никита Сергеевич Хрушчов ги прочитал на затворена седница на 25 II 1956 година. Промената настанала неминовна и за Бугарија, а политичката борба се водела околу извршителите[379].

Бугарското прилагодување со новиот курс на Москва е реализирано на пленумот на ЦК БКП од 2 до 6 IV 1956 година, познато како „Априлски пленум". Тодор Живков го прочитал воведниот реферат, кој што во основа претставувал критика на култ на личноста во бугарска варијанта. Кадрите биле основен проблем. Со рефератот Тодор Живков ја исполнил задачата која што ја добил од Москва – вербалното прилагодување со „новата линија" на КПСС да биде продолжено со персоналните кадровски промени. Незадоволството кое што е премолчено во последните години, постоело и кај голем број членови на ЦК. Затоа расправата на пленумот траела четири дена и е прекината пред сите кои што тоа го сакале, добиле збор[380].

Најважниот резултат на Априлскиот пленум бил разведрување на атмосферата и почетпк на јавна расправа за сите чувствителни прашања за земјоделството и политиката. Прв пат глас на незадоволство се слушнал во текот на средбата на Тодор Живков со градската партиска организација на 11 IV 1956 година. На чело на критичарите бил партискиот секретар на Техничкиот факултет Трајко Петков. Бурни собири се одржавале и во повеќе министерсрва каде што се слушнале остри критики наменети не само на сметка на поранешниот генерален секретар туку и на постоечкото раководство. На еден собир на Бугарската академија на науките (БАН), академикот Цветан Кристанов го споредил Сталиновиот режим со режимот на Мусолини[381].

Крајни акорди на политичката 1956 година биле случувањата во Полска и Унгарија. Индикативен е бугарскиот однос кон нив. Полскиот октомври бил прикажан како „реакција против поддржувачите на полско – советското пријателство", како „тоа што е нездраво, како ситнобуржоаска стихија која што зела замав", како „обид за

[378] Исто, 361,
[379] Исто, 361,
[380] Исто, 361,
[381] Барбара Јелавич, op. cit. 361; Димитар Попов, op. cit., 357,

ревизија на марксизмот – ленинизмот'', а унгарската револуција била окарактеризирана како „контрареволуционерен пуч наменет против демократијата и социјаализмот'' и како „дело на непријателот''[382].

## 2.2 БУГАРИЈА ОД ШЕЕСЕТТИТЕ ДО ОСУМДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ НА XX ВЕК

По потресот кој што го донел XX конгрес на КПСС, во цела Источна Европа почнал процес на консолидација, во кој што учествувала и Бугарија. Државата барала место меѓу највeрните сојузници на СССР. Бугарскиот лисер се придржувал на советскиот модел и внимателно ги следел промените во СССР. На тој начин тој успеал да ја сочува својата власт по падот на Хрушчов во 1964 година, во време на долги години на застој за време на Леонид Брежњев, па дури и за време на промени во раководството на СССР кои што следеле до 1989 година[383].

Седмиот конгрес на БКП во јуни 1958 година ја прокламирал победата на социјалистичкиот систем во Бугарија, што дало основа за изработка на нов устав. Третиот устав на Бугарија бил долго припреман и со референдум на 16 V 1971 година стапил на сила. Во преамбулата било декларирано: „... еднакви ставови и еднакво дејствување на БКП и БЗНС'', „победата на социјализмот воспоставила потполна власт на општествемите сопственички средства за производство и засекогаш ја укинала експлоатацијата на човекот од човек'', „соработка и взаемна помош од СССР''. Раководствената улога на БКП била напишана и во Уставот (чл. 1, т. 2 и т. 3)[384].

Како најголем проблем во почетокот на шеесеттите години на XX век се покажал претераниот централизам во планирањето. Планот е посматран како фетиш, е процената е вршена на основа на планот на испораката, а не на основа на неговата

[382] Исторически преглед, 37, Номер 3 – 4, София, 1981, 60 – 72; Исто, 364,
[383] Исто, 365,
[384] Барбара Јелавич, op. cit., 366; Кръстъо Манчев, op. cit., 93 - 111; Димитар Попов, op. cit., 357,

пазарна реализација. Неизводливите цели, силната централизација и владеењето на плановите создале нови проблеми и барале нови реформи[385].

Промените во културниот живот и реакцијата на нивните создавачи биле важно својство на државниот социјализам. Комунистите интелигенцијата ја прифаќале како многу важна за „внесување'' идеологија меѓу масите. Односот на БРП (к) од 9 IX 1944 година до крајот на 1947 година бил умерен, затоа што поголемиот дел на интелигенцијата не бил во партија и таа тек требало да биде придобиена за партиска идеја. БРП делувала во склад со атифашистичката и демократската програма на ОФ, каде што допринеле општи леви тенденции во европската интелигенција по завршувањто на Втората светска војна. Интелигенцијата истовремено не останало поштедена ниту кај репресиите кои што се вршеле под паролата ликвидација на фашизмот. Во текот на март и април 1945 година таканаречениот „Народен суд'' осудил 105 новинари, писатели и карикатуристи под оптужба дека го пропагирале фашизмот. Категориите „прогресивен'' и „антифашистички'' биле зацртани како основни критериуми по пат на кој што се вршеле чистки во образованието, науката и уметничките друштва[386].

Некои помирувања се случиле дури по смртта на Сталин и под влијание на разбудените критичности на интелигенцијата на СССР. Во расправата за локалните изложби, во тонот на книжевната критика и расправата на писателите имало обиди да се излезе од рамките на марксистичко – ленинистичката идеологија. Партискиот врв ја сфатил оваа закана и во крајот на 1955 година се обидел да го отстрани изразеното незадоволство и слободоумие. За време на XX конгрес на КПСС, во февруари 1956 година, јавната осуда на Сталиновиот култ на личноста дала нов правец. Меѓутоа, Априлскиот пленум на ЦК на БКП, кој што следел по конгресот, го окривил само В'лко Червенков за „скаменетост'' на културниот живот. Дел од создавачите помислил дека во културата може да се влезе по демократски пат, но пленумот на ЦК, во септември 1956 година покажал дека раководството нема намера да ѝ овозможи на интелигенцијата слободно дејствување[387].

Инерција акумулирана во културниот живот, знатни средства вложени во културата и релативно стабилна внатрешна и меѓународна ситуација се наоѓале во

[385] Исто, 367,
[386] Исто, 371,
[387] Исто, 374,

основите на културните достигнувања во седумдесеттите и осумдесеттите години на XX век. БКП усмеравала создавање кон себе блиска историска тематика и период на отпор. Во текот на седумдесттите години на XX век се случил феноменот Љјудмила Живкова, ќерката на Тодор Живков. Таа го превзела секторот на култура и многу умно допринела за развој на бугарската национална култура во странство. Неоспорни се нејзините заслуги за отворање на Бугарија кон светот, но и нејзините иницијативи биле премногу амбициозни и барале големи финансиски средства. По нејзината смрт во 1981 година, се откажале многу нејзини проекти[388]

Во текот на 80 – те години на XX век во ЕВРОПА била применета општа криза на „реалниот социјализам''. Реформите кои што ги превзел последниот лидер на СССР Михаил Горбачов, кој што дошол на власт во 1985 година, да се пронајде излез. Дисидентското движење станало незадоволство, кое што кон крајот на осумдесеттите години на XX век се комбинирало се реформи на властите. Бугарија во оваа нова ситуација повторно побарала начин како најнебезболно да се прилагоди на новата тенденција на СССР[389].

Економските реформи во 80 – те години на XX век станале грчевити во копнежите да се изнајде излез од кризата. Новиот економски механизам, принципот на младинските акции, самодоволноста, претпријатијата со учество на странски капитал, либерализација на приватната иницијатива со отворање на приватните лекарски ординации и ресторани – сето тоа биле елементи на реформската политика, која што и понатаму била непринципиелна. Лошиот квалитет на робата од Бугарија, дури и кога била изработена според лиценците од запад, било основна пречка таа да се пласира на светскиот пазар. Во текот на втората половина на 80 – те години на XX век нагло пораснал и државниот долг на Бугарија[390].

Во дисидентското движење се оформиле две основни групи: антикомунисти и комунисти – реформатори (антиживковисти). Во антикомунистичката група биле Независно здружение за заштита на човековите права во Бугарија, основано во 1988 година, Комитет за заштита на религиозните права, слобода и совест на религиозните вредности и независниот синдикат „Поддршка'', основан во почетокот на 1989 година. Во другата група најбитен бил Клубот за поддршка на јавноста и промените, кој што

[388] Барбара Јелавич, op. cit., 375; Кръстъо Манчев, op. cit., 93 - 111; Димитар Попов, op. cit., 357,
[389] Исто, 379; Кръстъо Манчев, op. cit., 93 - 111; Димитар Попов, op. cit., 358,
[390] Исто, 379,

бил основан на 3 XI 1988 година. Граѓанскиот карактер бил и еколошко движење – Општествениот комитет за еколошка заштита на Русе, настанал на 8 III 1988 година, како и неговиот наследник Независното друштво „Екогласност". Еколозите имале неполитички цели и нивните членови биле и поддржувачи на социјализмот и негови противници[391].

## 2.3 СМЕНАТА НА ВЛАСТА (10 XI 1989) – Состојбите во текот на деведесетите

Почетокот на транзицијата во Бугарија кон демократија бил означен со случките од летото и есента 1989 година. Масовното иселување на бугарските Турци во знак на протест против насилните промени на личните имиња (реализирани кон крајот на 1984 и почетокот на 1985 година) ја подигнал либералната бугарска интелигенција, која што во мај 1989 година пратила протесна декларација во Народното собрание. Независните еколози го искористиле меѓународниот еколошки форум кој што се одржувал во Софија (16 X – 3 XI 1989) за да ги изнесат јавно своите идеи, но на 26 X 1989 година во центарот на Софија силите на редот ги растерале пред очите на меѓународните набљудувачи. „Екогласност" заедно со илјадниците жители на Софија, на 3 XI 1989 година ја врачила на Народното собрание петицијата со 11 520 потписи против проектот „Места – Марица". Овие акции покажувале дека општеството се ослобоидило од стравот[392].

Овие општествени немири се поклопувале со незадоволството во раководството на БКП усмерено против Тодор Живков, како пречки со коренити промени („перестројки") кон советскиот модел. Група незадоволни биле предводени од долгогодишниот министер за надворешни работи и член на Политбирото, Петар Младенов и Андреј Луканов, кој што одржувал врски со СССР. Големите промени почнале со смената на Тодор Живков, кој што на 10 XI 1989 година го изгласал ЦК на

---

[391] Исто, 380,

[392] Исто, 381; Кръстъо Манчев, op. cit. 93 - 111; Димитар Попов, op. cit. 359,

БКП. Смената на власта била изведена како „дворски пуч”, што значело дека можностите за првите чекори на новото раководство биле на повидок[393].

До крајот на 1989 година БКП најмногу се занимавала со со своите внатрешни проблеми. Било одлучено да се свика вонреден конгрес на партијата и укине „раководствената улога на БКП”, а на вонредниот пленум на 29 XII 1989 година, БКП го критикувала „процесот на обновата” и го обновила правото на турското население во Бугарија слободно да може да ги бира своите имиња. На вонредниот XIV конгрес (30 I – 2 II 1990) изгласан е Манифест на демократскиот социјализам, со кој што партијата се одрекла на дотогашниот систем. Основните државни функции биле дадени на извршителите на промените – претседател на државата станал Петар Младенов[394], премиер Андреј Луканов[395], а Александар Лилов[396] бил избран за лидер на партијата. Конгресот го изменил името на партијата, која што од 3 IV 1990 година се викала Бугарска социјалистичка партија (БСП) и го утврдил правецот на плурализмот и демократските парламентарни избори[397].

Раководството на СДС, кое што го следело средноевропскиот пример, предложило за политичката реформа да се размисли на „округла маса”. Постоеле две паралелни решенија – Народното собрание и „округлата маса”, кои што дејствувале како споени судови. Одлуките на „округлата маса” законски се обликувани во Народното собрание. Во март 1990 година „округлата маса” постигнала договор со кој што на изборите можеле да учествуваат не само партиите, туку и дртуги организации, а први избори ќе бидат за Големото народно собрание, чија што задача била да изгради нов демократски устав[398].

Главно политичко прашање биле изборите. Сите се сложиле дека тие мораат да бидат плуралистички и слободни, со учество на меѓународните набљудувачи. Меѓутоа, се оспорувало околу времето на одржувањето и изборниот систем. „Округлата маса” го прифатил мешовитиот – пропорционален систем со цензус од 4%. Тој ги пружил

[393] Исто, 381,
[394] Петар Младенов (1936 – 2000), бугарски комунистички дипломат и политичар. Генерален секретар на КПБ (1989 – 1990). Прв претседател на Бугарија (1990). Претходно, министер за надворешни работи на Бугарија (1971 – 1989).
[395] Андреј Луканов (1938 – 1996), политичка фигура на Бугарија и последен комунистички премиер на Бугарија (1990).
[396] Александар Лилов (1933 – 2013), бугарски политичар и филозоф. Член на КПБ до 1990 година.
[397] Исто, 382,
[398] Исто, 382; Кръстъо Манчев, op. cit. 93 - 111; Димитар Попов, op. cit., 360, 361,

можностите да бидат застапени малите партии (пропорционален елемент кој што го нудел СДС) и да бидат бирани личности (мнозински, по предлог на БСП). Од двете варијанти – пролетни или есенски избори, кога СДС уште немал формирани структури, а БСП уште имал висок рејтинг. Раното одржување на изборите (10 – 17 VI 1990) влијаело на нивните резултати. Заблагодарувајќи се на мнозинскиот систем, БСП не добила 47,25% (како пропорционален резултат), туку 52,75% (211 пратеника), СДС добил 36% (144 пратеника), Движењето за правата и слободата (ДПС), кој што било основано на почетокот на 1990 година како партија на бугарските муслимани – 5,7% (23 пратеника) и БЗНС - 4% (16 пратеника)[399].

Од 14 V до 12 VII 1991 година Големото народно собрание работело на уставот во атмосфера на голем притисок. Мнозинството пратеници на СДС останале во собранието и на тој начин припремиле поделба на СДС на тие кои што го напуштиле и тие кои што останале во собранието. Пратениците кои што се противеле биле помалку (триесет и девет) но успеале да најдат заеднички јазик со поддржувачите на СДС и да добијат поддршка од претседателот на државата. Жељу Желев[400] во обраќањето на собранието изразил сомнеж и морално право на непотполн парламент да изгласа устав. Без обзир на поделбите, уставот бил предложен, а 309 од присутните 400 пратеници го усвоиле на 12 VII 1990 година[401].

Треетите демократски избори во Бугарија, одржани на 18 XII 1994 година, повторно ја промениле полтичката конфигурација. Освен традиционалните - БСП со 43,5% (125 пратеника), СДС со 24,23% (69 пратеника) и ДПС со 5,44% (15 пратеника), во триесет и седмото Народно собрание влегле и нови партии – Демократската партија, која што во последен момент се одвоила од СДС и во сојуз со БЗНС создала „Народен сојуз", добила 6,51% (18 пратеника) и популистичкиот Бугарски бизнис блок (БББ) човек – партија на Жорж Ганчев[402], кој што успеал да добие 4,73% (13 пратеника). Владата, со претседателот на БСП Жан Виденов[403] на чело, е образувана на 26 I 1995 година[404].

---

[399] Исто, 383,
[400] Жељу Желев (1935 – 2015) прв претседател на Бугарија откако е воведен повеќепартискиот систем (1990 – 1997). Прв претседател на држава кој што ја признал Република Македонија под Уставното име.
[401] Исто, 386,
[402] Жорж Ганчев (1937), бугарски политичар, член на КПБ пред 1989 година, Сојуз на демократски сили (1989 – 1990), Бугарски бизнис блок (1990 – 2001), Независност (2001),
[403] Жан Виденов (1959), поранешен премиер на Бугарија (1995 – 1997),
[404] Исто, 388; Кръстъо Манчев, op. cit., 93 - 111; Димитар Попов, op. cit., 362,

Изборите не го промениле смерот на транзицијата, туку се редефинирале на нејзиниот начин. Слично со другите држави на Источна Европа, бугарското општество платило висока сметка за радикална транзиција и се свртело кон левицата, која што ветувала побезболно реализирање на целите. Во многу места на регионот наследниците на комунистичките партии победувале на изборите, што создало гледиште за враќање назад, со тоа што во повеќето случаи новите организации во погледот на идеите, програмите и политичкото раководство очигледно се разликувале од своите претходници. Промените го успориле темпото, но не го промениле правецот[405].

Политичката поларизација од почетокот на транзицијата ги потиснала во втор план земјоделските реформи, што ги влошило условите за нивно спроведување. Во март 1990 година премиерот Луканов објавил мораториум на отплата на надворешниот долг, што го отежнал преминот на Бугарија на земјоделските пазари, поради тоа што биле одбиените надворешните инвестиции. Без обзир на тоа, Бугарија во септември 1990 година се зачленила во Меѓународниот монетарен фонд. Премиерот Луканов ја сфатил потребата за преструктурирање на земјоделството и побарал од американскиот NCF да помогне премин на Бугарија на земјоделските пазари. Во октомври 1990 година оваа фондација, заедно со бугарските економисти, го изработиле Рефератот за проектите на економскиот раст и преминот на пазарната економија во Бугарија, познат како План Run – at. Оваа програма никогаш не била реализирана. Според некои набљудувачи, Луканов едноставно не се осудил да ја подигне земјоделската реформа, затоа што знаел колку е голема неговата социјална и политичка цена[406].

Бугарија 1997 година ја дочекала во длабока земјоделска и политичка криза. Освен тоа, постоела и криза во институциите, затоа што владата била во оставка, а партијата на власт, БСП, немала на располагање ново раководство, парламентот бил распуштен, а на мандатот на претседателот Желев му се приближувал крајот. СДС го искористил безвластието и побарал вонредна седница на Народното собрание, која што ја усвоила Декларацијата за национален спас. Вонредната седница била свикана на 10 I 1997 година, но парламентот одбил да ја изгласа декларацијата, на што учесниците на протесниот митинг пред зградата на Собранието реагирале со насилство. Дел од масата влегол во зградата и уништил неколку простории. Пратениците – социјалисти, кои што се нашле под опсада, биле изведени под полициско обезбедување. Во судирите меѓу

[405] Исто, 388,
[406] Исто, 389,

народот и полицијата имало ранети, а меѓу нив бил и Филип Димитров[407], еден од поранешните премиери. Овие случки предизвикувале секојдневни протести против конституирање на втората по ред влада од редовите на БСП. Претседателот Желев одбил на Николај Добрев[408] да му довери мандат за премиер[409].

Кризата на владата траела подолго од месец дена и на 29 I 1997 година почнале штрајкови. Бугарија влегла во хиперинфлација (вредноста на доларот на почетокот на годината од 500 лева достигнала до 3000 лева кон крајот на февруари). Обединетата опозиција побарала веднаш да се одржат предвремени парламентарни избори, а левицата да се конституира во парламентарната влада со учество на СДС, која што би поддржала преговори со Меѓународниот Монетарен Фонд за стабилизација на земјоделството. Новиот претседател му го доверил мандатот на Николај Добрев, но го советувал да не го прифати. По колебањата и под притисок на општественото незадоволство, БСП на 4 II 1997 година се откажала од мандатот за новата влада. Политичките сили со посредство на претседателот Петар Стојанов[410], се договориле предвремените парламентарни избори да се одржат на 19 IV 1997 годин. Претседателот на 12 II 1997 година именувал влада на чело со Стефан Софијански[411], градоначалникот на Софија. Предвремените избори биле спроведени на 19 IV 1997 година под влијание на неодамнешните судири. Нивните резултати покажале драстична промена во политичкото расположение на општеството. Кризата од јануари и февруари предизвикала ново прегрупирање на политичката сцена и биле создадени нови коалиции. Одлучна победа на изборите однеле Обединетите демократски сили (СДС, Демократската поартија, БЗНС, БСДП, ВМРО) со 52, 26% и 137 пратенички места, а на второ место била Демократската левица (БСП и ПК „Екогласност") со 22,07% и 58 пратеника, потоа Сојузот за национален спас (БЗНС – Никола Петков, ДПС, Зелената партија, Партијата на демократскиот центар, Новиот избор, Федерацијата „Царство Бугарија") со 7,6% и 19 пратеника, Евролевица (составена

[407] Филип Димитров (1955), поранешен премиер на Бугарија (1991 – 1992),
[408] Николај Добрев (1947 – 1999), бугарски политичар и инженер, министер за внатрешни работи (1996 – 1997),
[409] Исто, 392; Кръстьо Манчев, op. cit., 93 - 111; Димитар Попов, op. cit., 363,
[410] Петар Стојанов (1952), поранешен претседател на Бугарија (1997 – 2002),
[411] Стефан Софијански (1951), поранешен премиер на Бугарија (1997) и градоначалник на Софија (1995 – 2005),

воглавно од поранешните активисти на БСП и БСДП) со 5,5% и 14 пратеника и БББ со 4,93% и 12 пратенника[412].

Новата, овој пат апсолутна победа, овозможила СДС да состави влада со цврсто парламентарно мнозинство и да подигне суштински реформи во сите области на општеството. Владата, со лидерот на СДС Иван Костов[413] на чело, е конституирана на 21 V 1997 година. Од 1 VII 1997 година во Бугарија е воведен валутен борд и левот е фиксиран за германската марка[414].

Поимот „година на чудата" влегол во политичкиот речник на политикологијата кон крајот на XX век за да се означуваат неочекуваните случки во кои што во 1989 година се срушил советскиот систем на државен социјализам во Источна Европа, со тоа што поимот тогаш се однесувал на средноевропските држави – Полска, Унгарија, Чехословачка и Германска Демократска Република. И на Балканот почнале промени, но се развивале чувствително поспоро и траеле многу подолго. На почетокот на XXI век било јасно дека, што се однесува до Бугарија, „годината на чудата" доаѓа бар со децении задоцнување од почетокот на промените најавени во 1989 година[415].

Владата на Иван Костов навистина успеала да го реализира целиот свој мандат, но како се приближувале изборите најавени за средината на 2001 година, на политичката сцена во Бугарија почнало ново прегрупирање на политичките сили. Неможноста на парламентарните партии да формулираат алтернативи на владините ОДС довела до создавање на една потполно нова политичка сила. Нејзе ја одликувал поранешниот бугарски монарх Симеон II Сакс – Кобург и Гот, кој што дефинитивно се вратил во Бугарија. Во почетокот на април 2001 година тој изјавил дека е спремен да ја прифати политичката одговорност за развојот на демократска Бугарија. Во мај 2001 година, непосредно пред изборите, околу Симеон од Сакс – Кобург и Гот се собрала политичка групација под името Национално движење на Симеон Втори (НДСВ). Движењето ветило дека во рок од 800 дена чувствително ќе се подобри животниот стандард на Бугарите, како и дека ќе се бори со корупцијата внатре во власта. Новата групација наишла на остро противење на владината СДС. Со помош на судските институции, СДС успеал да ѝ оневозможи учество на изборите. Биле одбиени барањата на НДСВ да

412 Исто, 393,
413 Иван Костов (1949), поранешен премиер на Бугарија (1997 – 2001),
414 Исто, 394,
415 Исто, 396; Кръстьо Манчев, op. cit.. 93 - 111; Димитар Попов, op. cit., 364,

биде регистрирана како политичка партија и како предизборна формација. Симеон II ја искористил регистрацијата на две мали политички партии и во коалиција со нив излегол на избори. Негативната кампања на ОДС против НДСВ само ја зголемила привлечноста на новата групација за Бугарите, кои што страдале за се поголемата невработеност, осиромашени во цели области во државата и кои што барале освета поради малиот број луѓе кои што со учество во власта се збогатиле[416].

## 2.3 БУГАРИЈА НА ПАТ КОН НАТО – ПАКТОТ И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Преовладувањето на острите политички судири од првите години на транзицијата ѝ помогнало на Бугарија да излезе од кризата. Во почетокот на XXI век државата се развивала со силно темпо, што овозможило да има раст на БДП околу 6% годишно. Заблагодарувајќи се на тоа, стандардот на Бугарите постепено се подобрувал, а невработеноста се намалувала. Земјоделската стабилизација една е од основните причини на забрзан процес на интеграција на Бугарија во северноатланските структури, НАТО и Европската унија. Не малку важна е и другата причина – терористичките напади на кулите – близначки во Њујорк и на Пентагон во Вашингтон на 11 IX 2001 година означувале почеток на таканаречената војна против глобалниот тероризам, во кој што на западните држави им биле потребни нови сојузници, како што станала Бугарија. Глобалните процеси олеснале и биле забрзани преговорите за присоединување кон НАТО. Од **2 IV 2004** година Бугарија е полноправен член на Севертноатланскиот сојуз[417].

И покрај макроекономските успеси на владата на Симеон Сакс – Кобург – готски, граѓаните од неа биле многу разочарани затоа што спорото подобрување на материјалната положба на населението не била во склад со изборните ветувања од 2001 година. Таквите општествени расположенија се појавиле на парламентарните расположенија одржани во јуни 2005 година. Најмногу гласови добила опозиционата

---

[416] Исто, 397,

[417] Исто, 400; Кръtъо Манчев, op. cit., 93 - 111; Димитар Попов, op.cit, 365,

БСП, но веднаш зад нејзе се пласирале владеачките НДСВ и ДПС. Сложениот меѓусебен однос во новиот парламент, во кој што влегле седум партии и коалиции, го отежнал составот на новата влада. Дури по двомесечни преговори создадена е коалициона влада, со лидерот на БСП Сергеј Станишев на чело, но со учество на претставниците на либералниот НСДВ и турскиот ДПС, во однос 8 : 5 : 3[418].

Владата на Сегеј Станишев го довршила техничкиот процес на преговори за присоединување на Бугарија кон Европската Унија. По неколку промени на законите и Уставот, Бугаррија прифатила да ги исполни сите барања, па на **1 I 2007** година свечено е примена во Европската унија со Романија. Со тој акт, за разбирање на најголемиот дел на бугарското општество, бугарската транзиција во демократија и пазарно земјоделие е завршена[419].

# 1. АЛБАНИЈА ПО 1945 ГОДИНА

Ако во првите повоени години југословенската револуција го копира советскиот модел на државно – политички и социјално – економски систем, албанската револуција пак го копира југословенскиот модел на тој систем. Тоа е така затоа што на чело на револуционерниот процес во Албанија е млада комунистичка партија, создадена и развивана под крилото на југословенското антифашистичко комунистичко движење[420].

Албанската комунистичка партија води потекло од три комунистички групи, кои што се собрале на 8 XI 1941 година на нелегална конференција во Тирана. Присуствивале вкупно петнаесет луѓе, како и двајца емисари на Тито од Косовската организација на КПЈ – Миладин Поповиќ[421] и Душан Мугоша[422]. Конференцијата го објавува обединувањето на одделните комунистички групи во една партија, избира

---

[418] Исто, 401,
[419] Исто, 402,
[420] Миранда Викърс, Албанците. Съвременна история, София, Пигмалион, 2000, 245 – 295; Петар Бартл, Албанци, Београд, Clio, 2001, 150 - 159; Стојан Киселиновски, op. cit., 213 - 222; Кръстьо Манчев, op. cit., 79,
[421] Миладин Поповиќ (1910 – 1945), југословенски партизан и секретар на регионалниот колитет на КПЈ за Косово и Метохија,
[422] Душан Мугоша (1914 – 1973), југословенски партизан.

Централен комитет од седум луѓе, на чело со Енвер Хоџа[423] и ги прокламира задачите: борба за независност на Албанија, вооружено антифашистичко востание, ослободување од фашизмот, народнодемократско управување[424]

Една од најголемите грижи на Енвер Хоџа е Албанската комунистичка партија и сопственото окружување. Од основањето во 1941 година, во наредните седум години, партијата не свикала конгрес, а немала и устав и утврдена програмаза развој и перспектива на државата. Освен тоа во Албанија имало многу југословенски социјалисти и советници со влијаение во државниот апарат, армијата, органите на државната сигурност, просветните институции, медицината и друго. Исто така имало и албански партиски функционери на различни нивоа со пројугословенски влијанија. Многу од тоа требало да се промени[425].

И албанското комунистичко раководство пристапило кон решителни дејствувања. Во ноември 1948 година е свикан Првиот конгрес на Албанската комунистичка партија во Тирана. „Ревизионистичката'' пројугословенска партиска линија подвлекува строга линија и се прекратува. Нејзините главни носители Кочи Дзозе[426] и Панди Кристо[427] се обвинети за титоизам, ставаат „пранги на народот'' и се исклучуваат од партијата. Конгресот прогласува Албанска комунистичка партија со единствен раководител на целиот политички, економски и културен живот на државата. Таа се изградува врз основа на принципот на демократски централизам. Нејзина блиска задача е постројувањето на социјализмот, а нејзина далечна задача е преод кон комунизам. Утврдениот устав прокламира приод на нови членови во партијата – предност за воспоставување на нејзините редови имаат работниците и бедните селани, а на тие кои што експлоатираат тешка работа, им се откажува достап. Партијата се преименува и станува Албанска партија на трудот. Избраниот нов Централен комитет се состои од дваесет и еден редовен член и десет кандидати – членови. Енвер Хоџа станува генерален секретар на Централниот комитет на партијата. Се прима по принципот

---

[423] Енвер Хоџа (1908 – 1985), комунистички лидер на Албанија (1944 – 1985), прв секретар на КПА до 1985 година.

[424] Исто, 385 – 388,

[425] Исто, 149; Петер Бартл, op. cit. 156; Кръстъо Манчев, op. cit., 360 - 364,

[426] Кочи Дзозе (1911 – 1949), албански политичар и министер, пројугословенски настроен во 1948 година,

[427] Панди Кристо (1914 – 1994), албански политичар, во 1948 година поради „титоизам" осуден на 20 години затвор со Кочи Дзозе,

отстранување на југословенските „агенти" од армијата и државната сигурност и таму да се вкрепи влијанието на Албанската партија на трудот[428].

Во април 1952 година во Тирана заседава Вториот конгрес на Албанската партија на трудот, кој што го припрема првиот петгодишен план за развојот на Албанија (1951 – 1955). Се предвидуваат чувствителни промени во економската структура на државата - како резултат на „социјалистичка" индустријализација треба да се сврти од заостаната аграрна во аграрно – индустриска држава. Треба да се развијат: рударството, машинството, електроенергијата и други делови од индустријата, за да се создаде база за модерна индустрија, способна да го осигура подемот и развојот и на селското стопанство. Исто така предвидено е соодветно увеличување на државните инвестиции, како и достигнување на неопходна апаратура од СССР и источноевропските држави за продукти од албанската руда[429].

Во мај 1956 година на својот Трет конгрес Албанската партија на трудот припрема нов петгодишен план (1956 – 1960). Се предвидува продолжување на индустријализацијата со севкупното темпо како во првата петтолетка, двојно зголемување на предвиденото производство и полна колективизација на селското стопанство. Во 1960 година било очигледно дека и тој план е успешно исполнет, биле изградени нови 250 претпријатија, предвиденото производство на државата е два и пол пати повеќе од 1955 година и друго[430].

Во првите години по Втората аветска војна албанско – советските односи се однесуваат како меѓу мал и голем брат. Општата идеологија на режимите и владеењето на Енвер Хоџа во прилог на советскиот модел на социјализам на албанската почва се добра основа за „братските" односи. Големиот брат откажува помош (кредити, апаратура и потреби за албанското стопанство) и заштита од „империјалистичка агресија", а малиот се заблагодарува со верност и преданост. По смртта на Сталин се создава конфликт, кој што постепено се зголемува и завршува во доцната есен 1960 година[431].

Конфиктот на Албанија со советскиот блок би можело да прерасне во воена агресија од страна на државите во Варшавскиот пакт, , албанската програма за

[428] Исто, 150,
[429] Исто, 154; Патар Бартел, op. cit., 157,; Кръстьо Манчев, op. cit., 360 - 364,
[430] Исто, 155,
[431] Исто, 157,

индустријализација не можела да се исполни без помошта од Источниот блок. Како кредитор, покровител и сојузник требало да се бара светска сила која што исто така ќе биде од Истокот. Албанското раководство ја гледало Народна Република Кина. Уште од средината на 50 – тите години на XX век, албанската левичарска комунистичка диктатура почнувала да го симпатизира кинеското комунистичко раководство. Албанското и кинеското раководство не ја примаат идеологијата на Хрушчов, туку се држат на линијата на сталинизмот. Со посетата на Никита Сергеевич Хрушчов во Албанија во 1959 година, во Албанија гостувала и воена делегација од Народна Република Кина исто така. Во советско – кинескиот конфликт Албанија е на страната на Народна Република Кина и се залага да ѝ се овозможи технологија за производство на атомска бомба[432].

Пекинг ја прима раката од Албанија и опасноста од советско напаѓање отпаѓа, СССР не би ризикувал поради малата Албанија да влезе во војна со Народна Република Кина, која што подготвува разни финансиски и економски ангажирања на СССР кон Албанија. Кредитите од Народна Република Кина за Албанија до 1975 година изнесуваат 838 милиони долари. Пристигнуваат и кинески специјалисти на местото на советските експерти. Се изменува правецот на албанската надворешна трговија – уште во 1962 година, 65% од вкупното албанско производство оди во Народна Република Кина. Кредитите и другата помош, кои што доаѓале од Народната Република Кина, претходно од СССР и Југославија, станале безвредни затоа што Албанија не сакала да си ги плаќа долговите[433].

„Прокинескиот" период од историјата на Албанија траел повеќе од петнаесет години. Во тоа време албанскиот социјализам почнал да се развива по советски модел и придобивал своја сопствена филозофија. Албанските раководители биле вообразени, мислеле дека само тие го знаат вистинскиот пат по кој што требало да врви човештвото, ја држат Албанија во изолираност од светот и во затворено општество[434].

По раскрстувањето со Народна Република Кина Албанија потпаднала во полна изолација од останатиот свет. Затоа пак си осигурала „апсолутна независност". Само со независност не може да се живее. Од 1950 до 1961 година, под советско „покровителство", Албанија постигна економски развој по 20 отсто на година, од 1961

---

[432] Исто, 161; Петар Бартел, op. cit., 159; Кръстъо Манчев, op. cit., 360 - 364,

[433] Исто, 161,

[434] Исто, 162,

до 1975 година, со кинеска помош, тој раст опадна, но уште е многу висок – околу 10 отсто. Со „апсолутната независност”, во текот на 80 – те години на XX век, веќе нема никаков раст – од 1976 до 1980 година тој е 0,5 отсто годишно, а по тоа о посто. Сопствените албански ресурси не пристигнуваат никаде. Во тоа време Албанија има трговски односи со источноевропските држави, најмногу со Југославија, но не може да предложи големо количество. Економијата стагнира и опаѓа[435].

Нередот со економијата е видлив и во политиката. Диктатурата на Енвер Хоџа изгледа неклатлива. Напротив, режимот „се стврднувал”, за што говори случајот „Мехмет Шеху”, Албанец со видлива политичка биографија – американско училиште во Тирана, воена академија во Неапол, учество во Шпанската граѓанска војна, членство во Шпанската и Италијанската комунистичка партија, албански партизан и комунистички деец, премиер на Албанија (1954 – 1981), втор човек по Енвер Хоџа во државата и партијата. На 18 XII 1981 година тој се „самоубива”. Во 1982 година Енвер Хоџа го обвинува за супершпион – американски, британски, италијански, југословенски и советски шпион едновремено. Во 1983 година има крвави чистки во партиско – државниот апарат од приврзаници и блиски на т.н. клан Мехмед Шеху. Во истото време Енвер Хоџа е со нарушено здравје (во 1973 година претрпува срцев удар) и две години подоцна, на 11 IV 1985 година умира на 77 – годишна возраст[436].

Смртта на Енвер Хоџа видливо ништо не промени. Партијата – држава му приредува грандиозен погреб и го избира за негов наследник 60 – годишниот Рамиз Алија[437]. Новиот албански лидер е роден во семејство на преселници од Косово, ги преминува сите стопала на комунистичката хиерархијс, во 1961 година станува член на Поилтбирото, а во 1982 година – спикер на албанскиот парламент. По смртта на Енвер Хоџа ја завзима позицијата генерален секретар на партијата и на државата. Премиер е Адил Чарчани[438], кој што ја завзема истата позиција по обвинението „самоубиство” на Мехмед Шеху[439]. Рамиз Алија се претставува како способен во државниот апарат, верен следбеник на лидерот покојник. Завземајќи ја лидерската позиција во партијата и државата, Рамиз Алија се залага да ги запази заветите на Енвер Хоџа. А заветите се:

---

[435] Исто, 361; Петар Бартел, op. cit., 159; Кръстъо Манчев, op. cit., 360 - 364,

[436] Исто, 163,

[437] Рамиз Алија (1925 – 2011), албански политичар и прв претседател на плуралистичка Албанија (1991 – 1992),

[438] Адил Чарчани (1922 – 1997), претседател на совет на министри на Албанија (1981 – 1991),

[439] Мехмед Шеху (1913 – 1981), претседател на совет на министри на Албанија (1954 – 1981),

верност кон Сталиновиот и на самиот Хоџа марксизам (и двајцата имаат големи статуи во Тирана), шпиономанија, атеизам, само под единствениот точен социјализам со сопствени сили, никакви странски кредити, никакви односи со империјалисти, ревизионисти, опортунисти и други врагови и предавници[440].

Тоа не може да ги реши проблемите на Албанија, но има значење како почеток на откривање на успехот. Следната поголема крачка е примањето од ЦК на партијата на програмата за реформи (во април 1990 година), наречена „Нов економичен механизам'' – веројатно под влијание на бугарската економска терминологија од тоа време. Државниот план начелно се запазува, но се дава поголема слобода на одделните претпријатија, двојно се зголемува земјата за лична обработка на селаните, се распуштаат кооперативните фарми со делење на животните меѓу членовите на кооперациите, им се дозволува на трговците и занаетчиите да отвораат дуќани и работилници, додека да дојдат странски инвеститори во Албанија, нешто кое што албанскиот устав и Енвер Хоџа од 1976 година го забрануваат. Следуваат религиозните слободи во државата и меѓународен пасош за патување во странство (во мај 1990 година)[441].

„Идеолошкоото наследство'' од диктатурата на Енвер Хоџа е сериозна пречка и за отворањето на Албанија кон останатиот свет. „Чистотата'' на албанскиот социјализам не дозволува односи со супер силите Соединетите Американски Држави и СССР, недопустливо е и развој на односите со Југославија и источноевропските социјалистички држави, свртени кон промени на социјализмот. Кон оваа категорија се однесува и Народна Република Кина, како и многу комунистички партии на Запад. За нормализирање на односите со Велика Британија освен се друго пречка е и блокирањето на Лондон за албанското злато, а за односите си Германија – албанскиот предлог за исплата на 2 милиона долари германски репарации поради окупацијата на Албанија во Втората светска војна. Албанија е единсрвената европска држава која што не го потпишала Заклучниот акт на Конференцијата за безбедност и соработка на Европа, основана во Хелсинки 1975 година[442].

---

[440] Исто, 362,
[441] Исто, 363,
[442] Исто, 363,

Сите овие но и многу други реформи биле спроведени благодарение на Рамиз Алија и решението на партискиот пленум од февруари 1989 година[443].

Уште жив Енвер Хоџа, во 1979 година, италијанскиот министер за надворешни работи Р. Осола ја посетува Албанија, за да потпиште трговски договор со неа. Италија станува првата западноевропска држава, која што почнува постепено да го одмрзнува и гради односите со Албабија. Се допушта гледањето на италијански телевизиски канали за албанското население, се отвора катедра по италијански јазик на Универзитетот во Тирана во 1984 година, албанската министерка за култура Тефта Цами[444] ја посетува Италија во 1985 година. Следната западноевропска држава која што ги нормализира односите со Албанија е Германија. Во 1984 година на „чесната" посета во Албанија пристигнува баварскиот премиер Франц Јозеф Штраус[445]. Потоа кај Рамиз Алија Штраус повторно е во посета два пати (во 1986 и 1987 година). Веднаш потоа во Албанија пристигнува и германскиот министер за надворешни работи Ханс Дитрих Геншер[446] (во октомври 1987 година). Следува албанско – југословенскиот договор за културна соработка и учество на албанскиот министер за надворешно работи на конференцијата на министрите за надворешни работи на балканските држави во Белград во февруари 1988 година, установување на дипломатските односи со СССР (во јули 1990 година), Соединетите Американски Држави (во март 1991 година), Велика Британија (во мај 1991 година) и други. Така Албанија се откажува од политиката на изолација и догмите на Енвер Хоџа, за да се врати во меѓународната политика. Тоа може и да ја наруши нејзината „апсолутна независност", но ја прави нормална држава, се вклучува во општите случувања на светската економија, политика и култура. Државата веќе е посетена од бизнисмени и политичари (тука спаѓа и генералниот секретар на Организацијата на Обединетите Нации, Перес де Куељар во мај 1990 година), потпишува меѓународни договори за оружје и склучува договори со Светската банка и Меѓународниот Монетарен Фонд[447].

---

[443] Исто, 364,
[444] Тефта Цами (1940), поранешна министерка за култура на Албанија,
[445] Франц Јозеф Штраус (1915 – 1988), поранешен премиер на Баварија (1978 – 1988),
[446] Ханс Дитрих Геншер (1927 – 2016), политичарм, министер за надворешни работи и вице - канцелар на Германија (1982 – 1992),
[447] Исто, 364,

Кога веста за снртта на Хоџа допрела кај Албанците, тие паднале во состојба на очај и многу веројатно биле изненадени. Два дена пред смртта на Енвер Хоџа, Рамиз Алија бил избран за прв секретар на Албанската Работничка Партија.

Управувачите во Тирана не можат повеќе да се справат со задлабочениот хаос во социјално – економскиот и општествено – политичкиот живот во Албанија. Рамиз Алија се стреми да ја задржи комунистичката партија на власт, но тоа не му оди, во 1990 година ја губи контролата на положбата во државата: националниот доход паѓа, инфлацијата се покачува, почнуваат протести и демонстрации, правците брзо се менуваат под влијание на падот на комунизмот во Источна Европа. Особена возбуда претставувало патувањето во странство, во јули 1990 година илјадници Албанци сакаат да ја напуштат Тирана. Бегалскиот поток се насочува на западкон Италија и најуг кон Грција. На 12 VII 1990 година 4500 луѓе решаваат да отпатуваат во Италија, а кон крајот на март 1991 година кон Грција се упатуваат над 10 000 албански бегалци. Следува слободата на вероисповест: се отвораат многубројни храмови и верски објекти за православните, католиците и муслиманите[448].

Слично било и на Косово. Во ноември 1988 година 100 000 Албанци се собрале во Приштина сакајќи да се вратат лидерите на двете косовски партии, кои што биле принудени да си поднесат оставки. Тоа било спроведено од српските демонстрации во Белград поради лошио однос кон косовските Срби од страна на соседите Албанци. Било објавено дека 28 Албанци биле убиени, а многу повеќе ранети.

Следувало раздвижување и меѓу интелектуалците. Првиот знак бил кон крајот на 1989 година во еден роман, каде што биле критикувано нарушувањето на човековите права од страна на Министерството за внатрешни работи. Авторот Нешат Тозаи внимавал да не ја критикува КПА директно, но читателот лесно можел да заклучи од романот дека крајната одговорност за репресиите паѓала врз комунистичките лидери на државата.

На 7 XI 1990 година Рамиз Алија го свикал последниот пленум на ЦК на комунистичката партија, каде што биле ветени скорешни избори и премин кон пазарна економија. Во почетокот на декември 1990 година народот бил вознемирен, а

448 Исто, 364,

студентите демонстрирале по улиците. Биле кршени статуи на Сталин. Било допуштено да се регистрираат политички партии од 14 XII 1990 година[449].

Регистрирањето на политичките партии следи брзо една по друга. На 17 XII 1990 година излегува декрет со кој што се разрешува дејствувањето на опозиционите партии. Прва партија била Демократската партија на чело со Сали Бериша. На 21 XII 1990 година Неџиме Хоџа поднела оставка. На 26 XII 1990 година има замена на министрите. На 29 XII 1990 година почнува преодот кон пазарна економија. На 2 II 1991 година е срушена статуата на Енвер Хоџа во Тирана.

Првите повеќепартиски избори во Албанија се одржале во март 1991 година. На нив учествувале: Републиканската партија, Аграрната партија, Еколошката партија и Демикратскиот сојуз на грчкото малцинство (ОМОНИЈА). АПТ и блиските до неа партии, како што се: Демократскиот фронт, Сојузот на албанската работничка младост, Комитетот на ветераните од војната и Женскиот сојуз, имале 644 од регистрираните 1074 кандидати. Во првиот круг АПТ освоила 162 од 250 места во Народното собрание, ДПА освоила 65 места, вклучително 17 од 19 места во Тирана и околу 40% од подадените гласови. Во вториот и третиот круг ДПА освоила 10 места, АПТ – 7, ОМОНИЈА – 2. Како целина АПТ освоила 169 од вкупно 250 места во Народното собрание, малку над апсолутното мнозинство (167 места), неопходно за соста на новиот парламент. ДПА освоила 75 места, а ОМОНИЈА – 5. Следувале избори во: март 1992 година, мај 1996 година, јуни 1997 година и други. Паралелно продолжиле немирите меѓу Албанците и Србите во текот на 90 – тите години на XX век, што кулмнинирало во 1999 година.

Албанија заедно со Хрватска добија покана за влез во НАТО на НАТО – самитот во Букурешт на почетокот на април 2008 година, а полноправни членки станаа на **1 IV 2009** година[450].

---

[449] Исто, 365,

[450] Милчо Балевски, Албанија по Енвер Хоџа, Скопје, 1987, 231 – 293; Исто, 365,

# 4. ЈУГОСЛАВИЈА ПО 1945 ГОДИНА

По завршувањето на Втората светска војна, Југославија била најсилна балканска нација – всушност, водечка држава во Источна Европа, надвор од СССР. Таа имала импресивна војска од 800 000 искусни борци само под своја национална команда, а на власт бил револуционерен режим кој што очигледно имал блиски и пријателски односи со Москва. Самоуверени во својата позиција, партизанските водачи донеле опширна и амбициозна програма за иднината. Покрај економските, општествените и политичките промени кои што планирале да ги спроведат во својата држава, тие сакале да постигнат и одредени територијални и надворешнополитички цели. Тие веќе успеале да стекнат доминантна позиција во Тирана. Покрај тоа, иако имале целосна контрола врз Вардарска Македонија, тие барале да ги обединат и пиринскиот и егејскиот дел кон владата во Скопје. Ова требало да се постигне во договор со бугарската влада и ККЕ, како дел од договорот со кој што било предвидено Бугарија да стане седмата југословенска република. На север, југословенската власт се надевала со мировните договори да ја добие територијата за која сè уште требало да се преговара со Италија и Австрија. Тука голема награда бил полуостровот Истра со градот Трст, кој што бил најголема југословенска цел. Покрај тоа, постоела и надеж дека може да се анектира и

јужниот дел од австриската провинција Корушка, во која што имало дел од словенечкото население[451].

Сепак, патот на реализирањето на оваа амбициозна програма бил со многубројни пречки, особено во однос на Истра и Корушка. Најголема тешкотија поретставувал фактот дека Југославија за своите планови немала поддршка на некоја голема сила. Конечно, како особено ефикасно ќе се покаже советското спротивставување на обидите за создавање балканска федерација. Западната поддршка била загубена поради одредени југословенски акции кои што ги оддалечиле Велика Британија и Соединетите Американски Држави. За време на војната, основната врска на партизаните со некоја странска сила, била врската со Велика Британија, преку Британската воена мисија. Винстон Черчил очекувал дека по војната ќе има барем 50 отсто од влијанието во овој регион. Наместо тоа, по постигнувањето на победата, партизаните веднаш ја демонстрирале својата верност на социјалистичкиот блок, воспоставувајќи тесни врски со советските претставници и ставајќи јасно на знаење дека секое мешање од Запад ќе биде одбиено. Договорите меѓу Тито[452] и Шубашиќ биле прекршени и никогаш не биле одржани избори, какви што се барале со Декларацијата од Јалта[453].

Покрај својот негативен став кон одредени аспекти на балканската соработка, СССР, исто така, имал одредени резерви во однос на Корушка и Трст. Што се однесува до Корушка, западните влади сметале дека нејзиното останување под Австрија е од витално значење за австриската држава, за која што биле цврсто решени да ја обноват како независна држава. Од своја страна, пак, СССР не бил заинтересиран за постигнување спогодба. Сè додека не се случи мировен договор, тој можел да ги задржи своите трупи во Австрија и да ги одржува линиите на комуникација преку Романија и Унгарија, со тоа, всушност, држејќи ги овие држави под воена окупација. По прашањето на Трст советската влада на крајот се покажала неподготвена да влезе во конфликт со Запад или да ги загрози своите интереси на други места за да го

---

451 Тито четириесет години на чело на СКЈ, Белград, 1978, 275 – 346; Socijalističko samoupravljanje u Jugoslaviji, Beograd, 1978, 5 – 9; Бранко Петрановић, Историја Југославије, Бепград, Нолит, 1978, 190; Барбара Јелавич, op. cit., 367; Стојан Киселиновски, op. cit., 167 – 182; Кръстьо Манчев, op. cit., 365 – 375,

452 Јосип Броз Тито (1882 – 1980) бил доживотен претседател на Југославија, како и еден од основачите на движењето на неврзаните,

453 Јосип Броз Тито, Собрани дела, 5, Скопје, Мисла, 1981, 378 - 493; Исто, 368; Миро Симчич, Тито без маска, Скопје, 2008, 25 – 58; Istorija XX veka, 1-2, Beograd, 2013, 157 – 180,

задоволи Белград. Судбината на градот играла важна улога во италијанската политика, а и ставот на италијанските комунисти, исто така, требал да се заме во предвид[454].

Во мировните преговори Југослвија прво ја барала поранешната италијанска провинција Венеција Џулија. Во март 1945 година партизанските сили ја окупирале речиси цела оваа територија. Под силен американско – британски притисок, тие биле принудени да се повлечат од Западна Истра до линијата со која што големите градови Пула, Трст и Горица ги оставила во рацете на западните сојузници. Во преговорите за формулирање на Мировниот договор за Италија, СССР во почетокот ги поддржувал барањата на Југославија, вклучително и барањето за Трст. Од друга страна, британската и американската влада сакале да ѝ дозволат на Италија да ги задржи Трст и Западна Истра. Во јули 1946 година СССР, Велика Британија и Соединетите Американски Држави го прифатиле францускиот компромисен предлог, со кој што на Југославија ѝ бил даден најголемиот дел на Истра, но, исто така, било утврдено и создавање на „слободна територија на Трст'', составена од градот и од одредена блиска територија, оваа територија требало да биде ставена под меѓунартодна управа. Областа била поделена во две зони. Северната, која што го опфаќала и Трст а била позната како Зона А, била ставена под британска и американска управа. Зоната Б, на југ, била ставена под југословенска контрола. Со мировниот договор потпишан со Италија во февруари 1947 година, Југославија добила околу 4800 километри квадратни територија со околу 600 000 жители. И покрај овие големи придобивки, југословенската влада останала незадоволна со спогодбата за Трст и огорчена во однос на тоа што го сметала за советски неуспех, да ѝ даде адекватна поддршка на нејзините интереси[455].

Иако северните граници на Југославија биле одередени од страна на големите сили, територијалните прашања за другите граници биле решени меѓу балканските држави и нивните национални комунистички партии. Тука југословенската влада со својата надмоќ имала предност. Регионот на Косово бил повторно окупиран. Биле превземени мерки на одмазда против албанското население и избувнале огорчени борби. Оваа област подоцна била приклучена кон Србија, но како автономен регион, а албанскиот јазик бил признат како официјален. Сепак, во практиката, повторно била воспоставена српската доминација. Во матична Албанија југословенските претставници едноставно ја превзеле поранешната италијанска улога. Било

---

[454] Исто, 368; Холм Зундхаузен, Историја Србије од 19 до 21 века, Београд, Clio, 2009, 500 – 550,
[455] Исто, 368,

наметнувано силно политичко влијание, во државата биле испраќани експерти и советници. Биле правени планови за искористување на локалните економски ресурси[456].

Најтешкото прашање за решавање се однесувало околу статусот на Македонија. За време на војната, КПЈ успеала да воспостави надмоќна позиција во вардарскиот дел, кој што станал една од шесте републики на нова Југославија. Најголемите проблеми се однесувале на Пиринска и на Егејска Македонија. Судирот околу Македонија ќе стане главна причина за напонатост меѓу балканските држави[457].

Македонското прашање (македонскиот спор, јаболко на раздорот) е предмет на расправија меѓу Југославија, Бугарија, Албанија и Грција, но и големите сили исто така[458].

Преговорите околу Македонија за можна федерација меѓу Бугарија и Југославија биле почнати во ноември 1944 година. Бугарската позиција била релативно слаба. Југословенскиот предлог Бугарија да се приклучи како седма република бил одбиен. Исто така, ни југословенската влада не можела да го прифати бугарскиот предлог двете држави да се обединат врз рамноправна основа. Истовремено, врз Бугарија бил вршен силен притисок да ја отстапи Пиринска Македонија. Во август 1946 година бугарската партија се приближила кон југословенскиот предлог и дала согласност меѓу пиринскиот и вардарскиот дел да се воспостават блиски културни врски. Меѓутоа, за обединување требало да се разговара дури откако другите политички врски ќе ги поврзат Бугарија и Југославија, како што се склучување на договор за сојуз и укинување на царините и граничните бариери. Сепак, и покрај ова, како и покрај поддршката во однос на други аспекти што била дадена за концептот на македонската автономија, бугарските власти не дозволиле посебен статус на пиринскиот дел[459].

Врвот на политичката соработка бил достигнат во август 1947 година кога Тито и Димитров се состанале на Блед. Тука биле поставени основи за приближување кон евентуална федерација. По прашањето на Македонија било договорено Југославија да може да спроведува активна програма на културна пропаганда во пиринскиот

---

456 Исто, 370; Кръстьо Манчев, op. cit., 365 – 375,
457 Исто, 372,
458 Исто, 373,
459 Исто, 374,

регион. Како резултат на ваквиот договор, југословенската влада почнала со голема пропагандна кампања[460].

И покрај договорот од Блед и навидум пријателските односи со Белград, бугарската влада била длабоко вознемирена од овие активности. Ситуацијата од времето на војната била целосно изменета. Додека во 1941 година во Вардарска Македонија била почната огромна бугарска пропагандна кампања, сега во Пиринска Македонија се спроведувало проскопско движење[461].

Во ноември 1947 година Тито го посетил Димитров во Софија при што бил потпишан договор за пријателство. Во овој период и двете држави биле длабоко вмешани во Грчката граѓанска војна и имале тесни врски со востаниците, особено со НОФ. И Бугарија и Југославија биле за евентуално отцепување на Егејска Македонија и нејзино обединување со двата други региона. Во октомври 1945 година Тито завзел цврст став по прашањето на македонското обединување. Судбината на грчка Македонија, како и на другите два дела, ќе се реши според исходот на Грчката граѓанска војна и раскинот што ќе се случи меѓу Белград и Москва[462].

Во првите години по Втората светска војна не само што изгледало дека Југославија ќе остане најсилна балканска држава, туку и дека ќе ззавеме значајно место во европската политика. Тито сигурно бил заинтересиран да има главна улога во комунистичкиот блок. Тој склучил договори со Албанија, Полска и Чехословачка во 1946 година, со Бугарија во 1946 и 1947 година и со Романија во 1947 година. Југословенското влијание во меѓународните комунистички кругови, исто така, било силно. И советската и југословенската партија го поддржувале формирањето на една меѓународна организација која што, барем делумно, би ја заменило Коминтерната, која што Сталин ја укинал во 1943 година. Во септември 1947 година, претставници на партиите на Бугарија, Унгарија, Романија, Чехословачка, Југославија, СССР, Франција и Италија се состанале во Полска и го формирале Информативното биро на комунистичките и работничките партии, Коминформ. Главната цел била да се воспостави центар за размена на информации. Било договорено седиштето да биде во Белград. Подоцна бил издаван дневникот „За траен мир, за народна демократија''. Во

---

460 Исто, 375,

461 Čedomir Ŝtrbac, Jugoslavija i odnosi izmedju socijalističkih zemalja, sukob KPJ i INFORMBIROA, Beograd, Prosveta, 1984, 123 - 156; Барбара Јелавич, Барбара Јелавич, op. cit., 375; Кръстъо Манчев, op, cit., 365 - 375,

462 Исто, 375,

југословенската влада во тој период, покрај Тито, доминирале уште четворица луѓе, кои што имале диктаторски овластувања: Александар Ранковиќ[463] за безбедност, Едвард Кардељ[464] за надворешна политика, Милован Ѓилас[465] за пропаганда и Борис Кидрич[466] за економско планирање[467].

Иако пред војната Тито поминал долго време во Москва, тој останал во пордедена позиција и не уживал доверба на врвните советски партиски функционери. Сепак, тој во септември 1944 година тајно го посетил Сталин за да го договори преминот на советската војска преку Југославија. И покрај почетниот југословенски ентузијазам за соработка со големата комунистичка сила, веднаш се јавиле проблеми. При своето минување низ „ослободените'' држави, советските трупи предизвикувале големо разочарување со своето насилничко и недисциплинирано однесување, пријателот и непријателот трпеле исто. Иако оваа војска поминала само преку североисточниот дел на Југославија, Милован Ѓилас забележал злосторства, на Сталин воопшто не му се допаднале обвинувањата[468].

Сталин и СССР на секакви начини ги задевале Југославија и Тито: преку надворешната политика, преку партизаните, преку разни пропаганди и разни други начини[469].

Кога се проценуваат причините за раскинот дп кој што дошло меѓу југословенската и советската влада, првенствено доказите мораат да дојдат од југословенски извори. Некои од учесниците подоцна објавиле оценки кои што биле резултат на нивното искуство, а и владата објавила голем број од основните докумнти во кои што се одразува мислењето на двете страни. Од овие објавени извештаи, изгледа дека главната причина за караницата бил независниот југословенски став и неконсултирањето на советската влада за секоја акција, без оглед дали на домашно или меѓународно поле. Секако, во минатото југословенските водачи своите главни потези ги влечеле без да бараат советски совет. Тие ја информирале Москва за одлуките од

---

[463] Александар Ранковиќ (1909 – 1983), прв вице претседател на југославија (1963 – 1966), на брионскиот пленум поднел оставка отако било обелоденето дека ги прислушкувал тито и најблиските соработници,
[464] Едвард Кардељ (1910 – 1979), мозокот на југословенскиот социјализам,
[465] Милован Ѓилас (1911 – 1995), југословенски комунистички политичар, автор на книгата: „Разговори со Сталин",
[466] Борис Кидрич (1912 – 1953), премиер на Словенија (1945 – 1946), еден од најблиските соработници на Тито по Втората светска војна,
[467] Бранко Петрановић, op. cit., 191; Барбара Јелавич, op. cit., 376; Кръстьо Манчев, op. cit., 365 - 375,
[468] Исто, 376,
[469] Исто, 376, 377, 378,

Јајце дури откако биле донесени, по војната не воспоставиле вистинска влада на народен фронт, како што сакале советската, британската и американската влада. Интервенцијата во Грчката граѓанска војна и преговорите меѓу Југославија и Бугарија за федерација биле превземени на југословенска иницијатива. Југословенската доминација во Албанија , или она што Сталин го нарекувал „проголтување" на таа држава, била резултат на одлука донесена само од Белград, иако Сталин не бил против неа[470].

И покрај знаците на недоразбирање кои што редовно се јавуваат по завршувањето на некоја војна, до кризата во југословенко – советските односи дошло дури во пролетта 1948 година. Во февруари 1948 година Сталин ги повикал делегациите на Југославија и Бугарија во Москва за да им одржи предавање за погрешна политика на нивните влади. Претставници на Југославија биле Кардељ, Ѓилас и Владимир Бакариќ[471], премиер на Хрватска. Бугарската делегација била дури и поимпресивна: во неа биле Георги Димитров, тогашен премиер, Трајчо Костов, заменик премиер и Васил Коларов, претседател на Народната Република. На овој состанок Сталин јасно ставил до знаење дека е незадоволен од политиките, посебно од политиката на Југославија[472].

Природно, советскиот став добил целосна поддршка од владите на комунистичкиот блок. Во јуни 1948 година бил одржан состанок на Коминформ, на кој што Југословените одбиле да присуствуваат. На 28 VI 1948 година (повторно на славниот ден на Косовската битка), членовите на Коминформ ја исклучиле Југославија и објавиле декларација во која шо биле обновени претходните обвинувања и лично биле нападнати Тито, Ранковиќ, Кардељ и Ѓилас. Југословенската партија била отворено повикана да се откаже од своето раководство[473].

Следеле превземени акции во државата. Двајца високи функционеи кои што биле просоветски ориентирани, Андрија Хебранг[474] и Сретен Жујовиќ[475] веќе биле

---

[470] Исто, 378,

[471] Владимир Бакариќ (1912 – 1983), хрватски комуност и југословенски политичар, член во претседателството на Југославија за Хрватска (1974 – 1983),

[472] Исто, 379,

[473] Исто, 380,

[474] Андрија Хебранг (1899 – 1949), југословенски и хрватски комунистички политичар, четврти секретар на ЦК на КПХ,

[475] Сретен Жујовиќ (1899 – 1976), српски ветеран во Првата светска војна, долго време антикомунист, член на ЦК и Политбирото пред Втората светска војна,

сменети. Следувале чистки на неистомисленици и просоветски ориентирани комунисти како функционери, така и обични луѓе[476].

Комунистичките држави сега биле поделени на два блока околу прашањето на односите со СССР. Раскинот со СССР и комунистичките држави ја оставиле Југославија изолирана со мрачни изгледи и опасности од воен и економски аспект. Соседните држави од Коминформот превземале погранични инциденти и опасности. Во јануари 1949 година како одговор на Маршаловиот план, комунистичките држави го формирале Советот за взаемна економска помош, познат и како Комекон, СЕВ. Југославија и покрај тоа што партиципирала, била одбиена. До летото 1949 година економскиот бојкот на Белград бил целосно во сила. Сите членки на СЕВ ги ограничиле, раскинале или не ги обновиле своите трговски договори со Југославија. Овие акции ја присилиле Југославија да направи промени во своите економски планови, но тие не довеле и до промени во нејзината основна политика. Мерките за национализација и колективизација и понатаму се спроведувале. Сепак, било признато дека целосната изолација на нацијата треба да прекине[477].

До 1949 година поделбата меѓу западните сили и СССР, поддржан од неговите сателитски сојузници, била јасна. Но, по судирот на КПЈ со Информбирото, се создале услови Југославија да се отвори со западниот блок[478].

Во 1949 година границата со Грција била затворена, чин кој што конечно довел до завршување на тамошната граѓанска војна. Конгресот на Соединетите Американски Држави во 1950 година го донел Законот за итна помош на Југославија, со кој што била обезбедена помош. Од средината на 1949 до 1955 година Југославија примила вкупно 598,5 милиони долари економска помош од сите извори и 588,5 милиони долари воена помош. Сѐ на сѐ, Тито добил вкупно околу 1,2 милијарди американски долари, од кои што само 55 милиони требале да бидат вратени[479].

За возврат, западните сили добиле многу повеќе. Пред се тука се стратегиските предности на неутрална Југославија. Во 1953 година Југославија, Грција и Турција потпишале договор, кој што во 1954 година бил проширен на дваесетгодишен сојуз. Во октомври 1954 година повторно се преговарало за статусот на Трст. Италија го

---

[476] Исто, 381,
[477] Исто, 381, 382; Република, 14 X 2016, број 215, Скопје, 28 – 31,
[478] Исто, 381,
[479] Исто, 382,

превзела управувањето од Зоната А од Велика Британија и од Соединетите Американски Држави, Југославија ја задржала контролата врз Зоната Б, со некои помали гранични исправки во нејзина корист. Дури и од поголема важност за советските ривали бил ефектот кој што ставот на Тито го постигнал врз целиот комунистички блок[480].

Југословенската влат во овој период била во рацете на мала група луѓе во која што, покрај Тито, биле и членовите на Политбирото, кое што тогаш се нарекувало Президиум. Покрај Ѓилас, Ранковиќ, Кардељ и Кидрич, на чело на владата се наоѓале и: Моша Пијаде[481] кој што ги вршел правните прашања, Франц Лескошек, задолжен за тешката индустрија, Благоје Нешковиќ[482], кој што бил претседател на државната комисија за контола и други[483].

Во текот на 1950 – те години, генералната насока, иако не без опозиција, била насочена кон либерализација во економскиот сектор. 1960 – те години ги карактеризирала посилна и постојана борба меѓу либералните и конзервативните ставови. Либералите сакале да продолжат уште подалеку по истиот курс. Наспроти нив стоеле конзервативците кои што сакале да го задржат авторитетот на партијата и централната контрола врз стопанството. Во меѓувреме се зголемил бројот на невработеност. Зголемувањето на невработеноста резултирало со емиграција во Западна Европа на сè поголем број млади способни работници, така што до 1973 година преку еден милион Југословени и членови на нивните семејства работеле во странство. Во 1975 година на секои стои работници вратени во Југославија, дваесет работеле надвор од државата. Југославија била единствената комунистичка држава која што дозволувала емиграција на работниците[484].

Во 1966 година настанал проблем кој што се однесувал на чувствителното прашање околу опозицијата на либералните реформи, моќта на тајната полиција и силната позиција на српската република во рамките на Југославија. Сите националности гледале со сомневање на српските акции. За нивниот став постоела и

---

[480] Исто, 383,

[481] Моша Пијаде (1890 -1957), српски и југословенски комунист, член на САНУ, го превел Марксовиот Капитал на српско – хрватски јазик,

[482] Благоје Нешковиќ (1907 – 1984), општествено – политички работник, учесник во Шпанската граѓанска војна и Втората светска војна,

[483] Исто, 450,

[484] Исто, 458; ГИНИ 55, 1-2/2011, Скопје, 181 – 192,

одредена оправданост: во војската, полицијата и силите за безбедност навистина доминирале Србите. Покрај тоа, Србите имале силен водач во Александар Ранковиќ, кој што како вицепретседател на Југославија по 1963 година бил втор човек во државата и од мнозинството сметан за наследник на Тито[485].

Покрај тоа што општо бил идентификуван со Србите, во економската политика Ранковиќ бил конзервативен. На либералите им изгледало дека овој поранешен шеф на силите за безбедност ги користи своите врски во тајната полиција за да ги блокира реформите од 1965 година. Така, тој стоел како бариера за натамошниот економски развој. Под негова управа УДБА користела терористички методи, нејзиниот извештај бил особено лош во однос на Косово. Освен тоа, таа имала воведено некои многу ризични процедури. Во летото 1966 година било откриено дека агентите на службата поставиле прислушкувачи во домовите и канцелариите на водечките политички личности – дури и во резиденцијата на Тито. Иако Ранковиќ имал големо влијание во безбедноста и голема поддршка од српските националисти, тој ја немал поддршката на војската и на мнозинството во партијата. Кога Тито бил информиран дека неговите простории се надгледувани, тој се свртел против својот поранешен партизански другар. Во јули 1966 година ЦК на КПЈ се состанал на Бриони за да го разгледа случајот. Ранковиќ бил обвинет за градење на лична моќ во УДБА. Покрај тоа, се покажало дека организацијата е центар на корупција и на полициска бруталност. Ранковиќ бил принуден да даде оставка на сите функции, но не бил изведен на суд. Тој и неговите блиски соработници едноставно биле пензионирани. И Србите и другите националности на овој случај гледале како на национално прашање, Хрватите и другите националности сметале дека тие ја добиле победата[486].

Во текот на 1960 – те и 1970 – те години Југославија се соочувала со сериозни проблеми. Хрватите барале хрватскиот јазик одделно да се изувучува од српскиот јазик во училиштата. Тука бил ангажиран и најголемиот хрватски автор Мирослав Крлежа[487]. На ова Србите барале реципроцитет: барале повеќе права во Хрватска. Исто така, се појавил сепаратизмот. Албанците на Косово и Метохија преку студентските протести (немири) од 1968 година побарале Косово да биде независна држава. Слична била и ситуацијата со Унгарците во Војводина. Повлекувањето на Ранковиќ со себе

---

[485] Исто, 459,
[486] Posljedni susareti s Titom, Zagreb, 1981, 273 – 319; Исто, 460; Токови историје, 1/2016, Београд, 33 – 62; Денешен, 6 X 2016, број 95, Скопје, 16 – 18,
[487] Хрватски писател од XX век,

отворило повеќе прашања. Лидерот на КПМ Крсте Црвенковски поради неговите мислења и ставови бил прогласен за либерал и отстранет од партијата. Во 1974 година во Југославија бил донесен нов Устав со кој што на покраините Косово и Метохија и Војводина во Претседателството (Маршалатот) им се дозволило да одлучуваат исто како да се републики. Како што минело времето, така проблемите (посебно националните) добивале се поголем замав. На 4 V 1980 година во болницата во Љубљана починал Јосип Броз Тито. Неговата смрт уште толку ги продлабочила проблемите. Покрај националните проблеми и економијата била во катастрофална состојба. Во 1988 година инфлацијата достигнала 350%. Во меѓувреме, на политичката сцена во Србија и Југославија се појавил Слободан Милошевиќ[488]. Слободан Милошевиќ бил банкар[489].

Веќе во годините по смртта на Тито социјалистичка Југославија западнала во најдлабока економска, политичка и социјалнопсихолошка криза од своето постоење. После вториот удар на цената на нафтата, производството и продуктивноста почнале во 1979 година да опаѓаат. Цела Европа се борела со земјоделските проблеми, но тие никаде не биле толку силни како во социјалистичките држави. Како и во сите држави од источниот блок, во Југославија исто така во првите децении по војната благосостојбата почивала на масовната изградба на тешка индустрија. Трката за надокнадување на индустриската заостанатост овозможила раст и модернизација, но исто така произведувала и структури кои што во глобалното капиталистичко светско земјоделство веќе биле преживеани. Шансите да се одговори на новите предизвици зависеле од степенот на прилагодливоста, на пример: од преориентираноста на високо специјализиранaта гранка, како што се електрониката или телекомуникациите. Југословенското производство не било доволно финансирано и технолошки било застанато, а бирократски неспособната и на привилегии заснована „договорна економија'' не покажувала никаква способност да се прилагоди на променетите

---

[488] Слободан Милошевиќ (1941 – 2006), југословенски и српски политичар, трет претседател на Сојузна Република Југославија (1997 – 2000), прв претседател на Србија (1991 – 1997), четиринаесетти претседател н претседателството на СР Србија (1989 – 1991). Бил високо образован и подолго време претстојувал на Запад. Тој по доаѓањето на власт, почнал да ги штити српските интереси во Југославија. Подоцна тоа ќе му овозможи подолго време да се одржи на власт во Југославија. Тој ги привлекува масите преку повикување на српското историско минато и се смета дека е поттикнувач на судирите во Југославија. Починал во Хаг каде што требало да одговара пред меѓународниот суд за злоделата кои што му се препишува дека ги извршувал на територијата на поранешна Југославија,

[489] Veljko Mijatović, Tokovi revolucije, Zagreb, 1975, 71 – 100; Исто, 466 – 471; Трајче Грујоски, Распадот на СФРЈ – студија и сведоштво, Скопје, 2003, 290 – 307; Мари – Жанин Чилић, Историја Југославије у XX веку, Београд, Clio, 2013, 327 – 424,

околности на глобален план. Обидот на порано многу успешната фабрика „Застава", која што го произведувала и легендарното фиќо, да стапи на пазарот на Соединетите Американски Држави со малиот автомобил Југо 45, многу говори – квалитет, услуга и маркетинг едноставно не биле конкурентни. Во 1989 година само ште осумнаесет автомобили биле продадени во Соединетите Американски Држави.

Бидејќи опаднала побарувачката за југословенските производи, надворешнотрговскиот биланс на Југославија ја допрал црвената зона. Како и Полска и Унгарија, сега и Белград бил принуден со строг курс на штедење да одговори на недостатокот на заработка и кредити. Со намалувањето на недостатокот, нагло опаднале инвестициите, приходите и продажбата. Земјоделскиот раст во 1983 година преминал во минус. Паралелно со тоа, инфлацијата растела по годишна стапка од 45%, а од 1985 година дури 100%. Реалните приходи во 1985 година било двојно пониски од оние во 1980 година, така да животниот стандард многу опаднал. Во такви услови прашање на време било кога ќе се распадне Југославија. Распадот на Југославија е обележан со низа насилни конфликти на територијата на поранешна Југославија главно меѓу Србите од една и Хрватите, Бошњаците и Албанците од друга страна. Исто така, постоеле и конфликти меѓу Хрватите и Бошњаците во Босна и Херцеговина, како и меѓу Македонците и Албанците во Македонија. Обвинетите од овие конфликти одговарале пред Меѓународниот Кривичен Трибунал за поранешна Југославија со седиште во Хаг (Холандија) основан од страна на Организацијата на Обединетите Нации.

# Глава VIII

# РАСПАДОТ, ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА МЕЃУ ДРЖАВИТЕ НА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА И ЕВРО – АТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ НА ДРЖАВИТЕ ОД ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА

## 1 СЛОВЕНИЈА ВО ТРАНЗИЦИЈА

Словенија била првата држава која што прогласлила независност од Југославија. Кон крајот на 1990 година Словенија и Хрватска донеле декларација преку која што ќе се отцепат од Југославија и ќе прогласат независност. Претходно, со Уставот од 1974 година на сите републики им се давало правото на независност. ЈНА војувала за присилно зачувување на Југославија. Војната меѓу Југославија и Словенија траела десет дена (25 V 1991 – 5 VI 1991) што резултирала со независност на Словенија. На 25 VI 1991 година Словенија прогласила независност, а на **22 V 1992** година била примена за полноправен член на Организацијата на Обединетите Нации. Прв претседател бил Милан Кучан[490], а прв премиер бил Лојзе Петерле[491]. За време на

[490] Милан Кучан (1941), прв претседател на Словенија (1991 – 2002),

вториот претседател на Словенија, Јанез Дрновжек (1992 – 2002)[492], Словенија се реориентирала на словенечката (својата) традиција. На **1 V 2004** година Словенија била примена во Европската Унија заедно со: Унгарија, Кипар, Естонија, Летонија, Литванија, Полска, Чешка Република, Словачка и Малта. Исто така, на **13 VI 2004** година Словенија била примена и во НАТО пактот[493] во времето кога претседател е Јанез Дрновжек. Следен претседател бил Данило Турк (2007 – 2012)[494]. Во времето кога премиер бил Борут Пахор (2008 – 2012)[495], Словенија го блокирала приемот на Хрватска во Европската Унија и ја тужела Хрватска пред меѓународниот суд во Хаг тврдејќи дека соседната држава ѝ ги загрозува териториите за излез на Јадранското Море. Спорот беше решен на 28 VII 2015 година. Од 2012 година Борут Пахор е претседател на Словенија.

## 2. ХРВАТСКА ВО ТРАНЗИЦИЈА

По Словенија, Хрватска била втората држава која што прогласила независност. Кон крајот на 1990 година Словенија и Хрватска донеле декларација преку која што ќе се отцепат од Југославија и ќе прогласат независност. Хрватска прогласила независност на 25 VI 1991 година, а целосната независност била на 8 X 1991 година. Кон крајот на 1991 година почнала војната меѓу Југославија и Хрвватска која што траела до 1995 година. На **15 I 1992** година Хрватска била примена како полноправен член во Организацијата на Обединетите Нации. Прв претседател бил д – р. Фрањо Туѓман (1991 – 2000)[496], а прв премиер бил Стјепан Месиќ (1990)[497], подоцна претседател (2001 – 2010). Додека траела војната, Хрватска во областа Славонија преку

[491] Лојзе Петерле (1948), прв премиер на Словенија (1990 – 1992),
[492] Јанез Дрновжек (1950 – 2008), втор претседател на Словенија (1992 – 2002),
[493] Borec – revija za zgodovino, literaturo in antropologijo, 9 – 10 / 1992, Ljubljana, 1992, 279; Кръстьо Манчев, op. cit., 365 – 375; Ричард Џ. Кремптон, op. cit., 210 - 221; Božo Repe, Jutri je novi dan – Slovenci i raspad Jugoslavije, Ljubljana, Modrijan, 2002, 400 – 459,
[494] Данило Тирк (1952), трет претседател на Словенија (2007 – 2012),
[495] Борут Пахор (1963), четврти претседател на Словенија (2012),
[496] Фрањо Туѓман (1922 – 1999), прв претседател на Хрватска (1990 – 1999), потписник на Дејтонскиот мировен договор (1995),
[497] Стјепан Месиќ (1934), втор претседател на Хрватска (2000 – 2010),

операциите Сабја и Олуја ги чистела териториите каде што живееле голем број Срби (Вуковар), како одговор на нападите на ЈНА во Далмација (Дубровник). Се претпоставува дека повеќе од 200 000 Срби доживеале егзодус во Хрватска за време ма војната. Во војната учествувал македонскиот генерал Драгољуб Боцинов, додека прва жртва во Дубровник бил 42 годишниот Сашо Здравески од Кавадарци. Хрватска е една од трите држави потписнички (заедно со тогашна Сојузна Република Југославија и Босна и Херцеговина) на Дејтонскиот мировен договор со кој што се стави крај на војната. Договорот беше потпишан на 14 XII 1995 година во Парис, откако претодно траела конференцијата во Дејтон, во воената база Рајт Петерсбург 1 – 21 XI 1995 година. Хрватска е гарант на Дејтонскиот мировен договор. Хрватска била блокирана од Словенија за влез во Европската Унија и тужена пред Меѓународниот суд во Хаг дека ѝ ги загрозува териториите на соседната држава на Јадранското Море. Спорот беше решен на 25 VII 2015 година. Хрватска беше примена во НАТО пактот на НАТО самитот во Романија, во Букурешт на **1 IV 2008** година заедно со Албанија. Хрватска беше примена во Европската Унија на **1 VII 2013** година[498]. Од 2015 година Колинда Грабар Китаровиќ е претседател на Хрватска[499].

## 3.МАКЕДОНИЈА ВО ТРАНЗИЦИЈА

Македонија беше единствената држава која што по мирен пат се одвои од Југославија. На 8 IX 1991 година граѓаните по пат на референдум се изјаснија дека сакаат независна Македонија. Но, веќе од следниот ден следуваше дипломатска војна со Грција која што се спротивстави на Уставното име. Преговорите траат до денес. Од тогаш до сега Македонија е призната под Уставното име од преку сто триесет и осум држави. Во Организацијата на Обединетите Нации Македонија е единствената држава која што е примена под Референца. Референцата е: Поранешна Југословенска Република Македонија (на англиски јазик: the Former Yugoslav Republic of Macedonia).

---

[498] Исто; Фрањо Туѓман, Историската судба на народите, Скопје, 2008, 337 – 428, 493 – 533,

[499] Колинда Грабар Китановиќ (1968), четврти претседател на Хрватска (2015), во 2016 година магазинот Форбс ја рангираше во 46 – те најмоќни жени во светот,

Покрај наметнатиот спор околу името, Македонија има отворени прашања со сите соседни држави: Бугарија (Регистрација на Омо Илинден Пирин), Албанија (Малцинствата), Србија (автокефалноста на Македонската Православна Црква) и Косово (демаркација на границата). Македонија беше примена во Организацијата на Обединетите Нации на **8 IV 1993** година како полноправен член, што стана сто осумдесет и првата држава која што е примена во оваа институција. Прв претседател бил Киро Глигоров (1991 – 1999)[500], а прв премиер бил Никола Кљусев (1991 – 1993)[501]. Во текот на транзицијата која што трае уште, Македонија претрпи неколку неуспешни тајни обиди да биде поделена, а во 2001 година имаше и воен конфликт кој што заврши со потпишување на Охридскиот Рамковен Договор на 13 VIII 2001 година со посредство на меѓународните фактори. Токму спорот со името е пречка Македонија да биде надвор од евро – атланските интеграции: (вето на НАТО самитот во Романија, во Букурешт на 1 IV 2008 година и покрај тоа што веќе десет години Македонија учествува во мировните мисии во Исламската Република Ирак и Република Авганистан), како и Европската Унија (десет години по ред има позитивна препорака од Европската Комисија)[502]. На 17 XI 2008 година Македонија ја тужеше Грција пред Меѓународниот суд во Хаг токму поради ветото во Букурешт и го доби кон крајот на 2011 година. Денес Македонија има воспоставено дипломатски односи со преку 163 држави во светот. Заклучно со декември 2011 година преку 135 држави ја признале Македонија под Уставното име, што претставува повеќе од 2/3 од државите – членки на Организацијата на Обединетите Нации. Од 2009 година д-р. Ѓорге Иванов[503] е претседател на Македонија.

---

[500] Киро Глигоров (1917 – 2012), прв претседател на Македонија (1991 – 1999), потписник на Времената спогодба меѓу Македонија и Грција (1995),

[501] Никола Кљусев (1927 – 2008), прв премиер на Македонија (1991 – 1993),

[502] Службен весник на Република Македонија, XLIX/27, петок 30 април 1993, 1 - 2; Спасе Мирчески, Алманах на Република Македонија (хронологија 1990 – 1997), Скопје, 1998, 11 – 12, 72; Илија Ацевски, Општеството и човекот во транзиција, Скопје, Филозофски Факултет, 2002, 35 - 53;Транзициите во историјата и културата, Скопје, 2008, 236 – 237, 619 – 637, 657 - 673; Зоран Нацев, Димче Петровски, АРМ кон НАТО концептуален приод и организационен развој, Скопје, Филозофски Факултет, 2009, 15 – 56, 205 - 231;Стојан Киселиновски, op. cit., 91 - 142; Исто; Проф. Д-р. Виолета Ачкоска, Лекции од историјата на современата македонска држава (1944 – 1991), Скопје, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Филозофски Факултет, 2011, 226 - 246; Јанко Бачев, Македонија и Грција – битка за името, Правните механизми во Обединетите нации за враќање / употреба на името - Република Македонија, Скопје, Македонска Реч, 31 – 41, 2012; Тони Петрески, op. cit. 165 - 216; Ристо Никовски, Улогата на САД во македонските голготи (1991 – 2013), Скопје, 2014, 27 – 56; Современа македонска одбрана, Година 16, Број 30, Скопје, 2016, 90 – 130; Утрински весник, 19 X 2016, број 5211, Скопје, 21 – 23,

[503] Ѓорге Иванов (1960), четврти претседател на Македонија (2009),

# 4. СРБИЈА ВО ТРАНЗИЦИЈА

Од сите држави, Србија очекувано насјмногу се противеше да се распадне Југославија. Откако почна да се распаѓа Југославија, се создаде идејата да настане Србославија, односно скратена верзија на Југославија во која што би влегле: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Но, откако Македонија прогласи независност, а Хрватите и Бошњаците во Босна и Херцеговина одбија да влегуваат во било каква федерација со Србија, преостана ушете Црна Гора. На референдумот кој што се одржа на 27 IV 1992 граѓаните се изјаснија дека прифаќаат да бидат во федерација со Србија. На 27 IV 1992 година во доцните вечерни часови претседателот Слободан Милошевиќ изјави: „Денес е историски ден. Денес настана третата Југославија, Сојузна Република Југославија". Прв претседател на Сојузна Република Југославија бил акад. Добрица Ќосиќ (1992 – 1993)[504], а прв премиер бил Милан Паниќ (1992 – 1993)[505]. Прв и единствен претседател на Србија и Црна Гора кој што воедно ја извршувал и функцијата премиер бил Светозар Маровиќ (2003 – 2006)[506]. Прв претседател на Србија бил Слободан Милошевиќ (1992 – 1997), а прв премиер бил Радоман Божовиќ (1992 – 1993)[507]. Паралелно со распадот на Југославија се отвори и косовското прашање каде што Косовските Албанци побараа независно Косово прв пат по пауза од 1968 година. Сојузна Република Југославија егзистираше до пролетта 2003 година, кога беше преименувана на референдум во Србија и Црна Гора. Во периодот

---

[504] Добрица Ќосиќ (1921 – 2014), прв претседател на Сојузна Република Југославија (1992 – 1993),

[505] Милан Паниќ (1929), прв премиер на Сојузна Република Југославија (1992 – 1993),

[506] Светозар Маровиќ (1955), претседател на Србија и Црна Гора (2003 – 2006),

[507] Радоман Божовиќ (1953), прв премиер на Србија (1992 – 1993),

од 1992 до 1995 година, додека траеше граѓанската војна, Сојузна Република Југославија беше меѓународно изолирана под санкции и ембарго од страна на Организацијата на Обединетите Нации, што резултираше со хиперинфлација во 1992 година. Во периодот од 24 III до 8 VI 1999 година Сојузна Република Југославија беше бомбардирана од НАТО, при што беа погодени институции како што се: болници, Радио Телевизија Србија и други. НАТО бомбардирањето кое што траеше три месеци (или единаесет седмици, или седумдесет и осум дена) заврши со потпишувањето на Кумановскиот договор на 9 VI 1999 година. Во српската историографија овој договор е познат како Кумановски спроразум. На 5 X 2000 година преку петтооктомвриската револуција Слободан Милошевиќ беше симнат од власт и екстрадиран во Хаг. Од сите држави од поранешна Југославија, Србија има најмногу воени злосторници во Хашкиот трибунал, сто дваесет и пет. На 17 II 2007 година Косово прогласува независнот по планот на финскиот дипломат поставен од Европската Унија, Марти Ахтисари[508]. На 3 VI 2006 година Србија стана потполно независна држава. Кога е во прашање НАТО пактот, Србија со Уставот се огласи дека сака да биде воено неутрална држава, подеднакво да соработуа со НАТО пактот и Русија. Кон крајот на 2015 година Велика Британија побара Српскиот народ да се прогласи за геноциден, но не успеа поради ветото од Русија. Кон крајот на 2015 година Србија почна да преговара со Европската Унија за да се интегрира[509]. Од 2012 година Томислав Николиќ[510] е претседсл на Србија.

[508] Марти Ахтисари (1937), десетти претседател на Финска (1994 – 2000), амбасадор на Финска во Танзанија (1973 – 1977), добитник на нобелова награда за литература и медијатор и дипломат на Организацијата на Обединетите Нации, автор на планот за Косовското прашање,

[509] Мира Марковиќ, Ноќ и ден, Скопје, НИП Свет, 1997, 7 -10, 18 – 19, 137 – 142, 172 – 180; Маргарита Пешевска, Светот во транзиција, Скопје, Менора, 2002, 77 – 98,

[510] Томислав Николиќ (1952), четврти пресседател на Србија (2012),

# ЦРНА ГОРА ВО ТРАНЗИЦИЈА

Иако последна прогласи независност (не сметајќи ги Сојузна Репулика Југославија и Србија и Црна Гора), се чини дека транзицијата во Црна Гора трае најкратко во споредба со другите држави од поранешна Југославија. На 27 IV 1992 година во Црна Гора се одржа референдм во кој што мнозинството од населението се изјасниле дека ќе стапат во федерација со Србија, така што ја создадоа Сојузна Република Југославија (третата, скратена Југославија). Така беше до пролетта 2003 година, кога државата на рефендум беше преименувана во Србија и Црна Гора. Оваа држава траеше до 3 VI 2006 година, кога Црногорците на референдум се изјаснија дека сакаат да имаат независна држава. Претходно, во 1999 година Црна Гора беше иземена од НАТО бомбардирањето на тогашна Сојузна Република Југославија. Прв претседател на Црна Гора бил Момир Булатовиќ (1990 – 1998)[511], а прв премиер на Црна Гора бил Мило Ѓукановиќ (1991 – 1998)[512]. По независноста, Црна Гора беше примена во Организацијата на Обединетите Нации како полноправен член. **Кон крајот на 2015** година Црна Гора доби покана да биде полноправен член и на НАТО пактот, што се потврди на НАТО самитот на **15, 16 и 17 VII 2016** година во Полска. Кон крајот на 2015 година Црна Гора почна со преговори да пристапи и кон Европската Унија исто така[513]. Од 2003 година Филип Вујановиќ[514] е претседател на Црна Гора.

[511] Момир Булатовиќ (1956), прв претседател на Црна Гора (1990 – 1998),
[512] Мило Ѓукановиќ (1962), прв премиер на Црна Гора (1991 – 1998),
[513] Вечер, 19 X 2016, број 16 280, Скопје, 10 – 12; Дневник, 19 X 2916, број 6193, Скопје, 19 – 21,
[514] Филип Вујановиќ (1954), претседател на Црна Гора (2003),

## БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ВО ТРАНЗИЦИЈА

Државата во која што се создаде втората Југославија (29 XI 1945), најкрваво се одвои од истата. На референдумот кој што се одржа во 1992 година, а беше бојкотиран од Србите (Краина, од 1995 година Република Српска), Бошњаците и Хрватите поддржаа независна Босна и Херцеговина. Ова беше причина ЈНА да интервенира, присилно да ја сочува Југославија и покрај тоа што на сите им беше јасно дека се распаѓа. Следуваше крвава војна (1992 – 1995). Во текот на војната се случи најголемиот масакр по Втората светска војна, масакрот во Сребреница, во јули 1995 година (посебно на 11 VII 1995 година), при што беа убиени три илјади осумстотини седумдесет и две лица. Ова беше причина меѓународните фактори веднаш да реагираат. Беше свикана конференција во Соединетите Американски Држави, во Дејтон, во воената база Рајт Петерсбург (1 – 21 XI 1995) и беше потпишан Дејтонскиот мировен договор во Парис (14 XII 1995) при што ЈНА се повлече и беше создадена и меѓународно призната Босна и Херцеговина. На 1 III 1992 година Босна и Херцеговина прогласи независност, а на 6 IV 1992 беше примена во Организацијата на Обединетите Нации. По Дејтонскиот мировен договор, Краина се преименуваше во Република Српска. Државата е федерална демократска република, составена од три ентитети: Босна, Херцеговина и Република Српска, од кои што првите два се меѓународно признати. Прв претседател на Босна и Херцеговина бил Алија Изетбоговиќ (1992 – 1996)[515], а прв премиер бил Јуре Пеливан (1992)[516]. Босна и Херцеговина е надвор од НАТО пактот и покрај тоа што учествува во мировните мисии во Исламската Република Ирак и Авганистан и надвор од Европската Унија[517]. Од 2016 година претседател на претседателството на Босна и Херцеговина е синот на Алија Изетбеговиќ, Бакир Изетбеговиќ[518]. Од 2009 година Висок комесар (Репрезентатив) од Европската Унија е назначен Валентин Инцко[519].

---

[515] Алија Изетбеговиќ (1925 – 2003), прв претседател на Босна и Херцеговина (1990 – 1996),

[516] Јуре Пеливан (1928 – 2014), прв премиер на Босна и Херцеговина (1992),

[517] Исто, 23,

[518] Бакир Изетбеговиќ (1956), претседател на претседателството на Босна и Херцеговина (2016),

[519] Валентин Инцко (1949), австриски дипломат, висок комесар (Репрезентатив) од Европската Унија за Босна и Херцеговина (2009),

# ЗАКЛУЧОК

Балканските држави Југославија, Бугарија и Албанија по 1945 година од корен ги менуваат државните и општествените уредувања, додека пак Грција по 1945 година влегува во граѓанска војна која што трае до 1949 година. Грчката историографија оваа граѓанска војна јо толкува како војна меѓу левицата и десницата, но граѓанската војна во Грција остави трајни последици по Македонците од егејскиот дел на Македонија. Македонците од егејскиот дел на Македонија и ден - денес мака мачат да се вратат во своите родни огништа, тие и ден – денес ги има насекаде по светот: во Македонија, во другите балкански држави, во Полска, во другите делови на Европа, во Азија (во Узбекистан, во Ташкент), во прекуокеанските држави, во други континенти. Голем број на апели Македонците испратија во текот на граѓанската војна во Грција до Организацијата на Обединетите Нации, но за жал оваа најголема светска институција задолжена за зачувување на мирот во светот остана глува на овие апели до ден – денес. Во 1952 година Грција и Турција стануваат првите балкански држави интегрирани во НАТО – пактот, а на 1 I 1981 година Грција и формално станала полноправен член на тогашната Европска Заедница, денес Европска Унија. Лулката на демократијата наместо да се соочи со реалноста и да ги признае малцинствата (посебно

Македонците), таа и ден – денес негира сè што е македонско: македонска држава, македонска нација, македонска култура, македонска традиција, македонски јазик, Македонска Православна Црква. Се оди до таму што на Македонија ѝ се забранува да го користи Уставното име на меѓународен план, при што Македонија не може да влезе во НАТО – пактот и Европската Унија, а во Организацијата на Обединетите Нации се направи преседан Македонија да биде еден и единствен случај државата да не биде под своето Уставно име. Во тајната дипломатија неколку пати по 1990 година Србија и Грција правеа неуспешни обиди за тајна поделба на Македонија. И покрај тоа што го загуби судскиот спор во Меѓународниот суд на правдата во Хаг (кој што во основа е политички), Грција продолжува на секаков начин да разнебитува сè што е македонско. Грција и ден – денес продолжува да манипулира по светот на сметка на Македонија.

Бугарија е држава која што по 1945 година го смени своето општествено и државно уредување и од монархија премина во народна република, директно зависна од СССР и беше во источниот блок. Во периодот 1945 – 1948 малцинствата (па и македонското) имаа права (културна автономија), но по резолуцијата на Информбирото, дојде до промени кои што се чувствуваат до денес. Во текот на овој период беа пренесени моштите на Гоце Делчев кои што и сега се наоѓаат во црквата „Св. Спас'' во Скопје. Исто така, во овој период имало обиди за обединување на Југославија и Бугарија во една држава. По смртта на Георги Димитров, Тодор Живков почнал да ги раселува Македонците од Пиринска Македонија низ цела Бугарија за да се намали концентрацијата на Македонците во Пиринска Македонија. Во периодот 1945 – 1990 историографијата и сите сегменти од општеството биле под директива на КПБ. Кон крајот на 80 – те години на XX век, дошло до криза на социјализмот, што резултирало со смена на власта на 10 XI 1989 година. Во март 1990 година се одржале првите повеќепартиски слободни демократски избори во Бугарија. Од 2 IV 2004 година Бугарија е полноправен член на Северноатланскиот сојуз. На 1 I 2007 година Бугарија заедно со Романија е свечено примена во Европската Унија. Во последниве десетина години, откако Македонија добива препораки од Европската Комисија за да биде примена во Европската Унија, одредени бугарски европратеници се обидуваат со манипулации да го спречат приемот на Македонија во Европската Унија. Бугарија сè уште негира постоење на македонски јазик и покрај тоа што Меѓународниот суд за човекови права во Стразбур ѝ наложува да ја признае и регистрира Омо – Илинден

Пирин како политичка организација на Македонците во Бугарија, сепак регистрација нема.

Албанија беше држава која што исто така по 1945 година го смени своето државно и општествено уредување и од монархија премина во народна република. Но, државата се соочи со меѓународно признавање. Сталин бил согласен Југославија да ја проголта Албанија. Југославија била првата држава која што ја признала независноста на Албанија. Во периодот 1945 – 1948 година малцинствата во Албанија (па и македонското) уживале културна автономија. Во периодот 1945 – 1990 година Албанија била секуларна држава. Во текот на 1950 – те години, по смртта на Сталин, односите меѓу Албанија и СССР постепено се нормализирале. Но, во доцната есен 1960 година Албанија излегува од советскиот блок. Следното покровителство нило под Народна Република Кина (1961 – 1977). Кон крајот на 80 – те години на XX век, социјализмот доживува криза која што резултира со создавање на плуралистички систем во 1990 година. Се спроведуваат повеќепартиски слободни демократски избори, Албанија преминува во капитализам. Заедно со Хрватска, Албанија добива покана за влез во НАТО – пактот на НАТО – самитот во Букурешт во почетокот на април 2008 година, а полноправни членки станаа на 1 IV 2009 година.

Југославија, исто така, по 1945 година го смени државното и општественото уредување и од монархија (кралство) премина во народна република. Во периодот 1945 – 1948 била под источниот блок, но со резолуцијата на Информбирото, била исклучена. Карактеристично за Југославија е тоа што Уставот го менуваше три пати: во 1945, 1963 и 1974, а во 1953 година имаше Уставни амандмани. Кон крајот на 80 – те години на XX век и во Југославија дошло до криза на социјализмот, што резултирало со крвава граѓанска војна и распад на државата. Како причини можам да ги: политичките (појава на национализмот, национална нетрпеливост), економски (во 1988 година инфлацијата пораснала 350%) и многу други. Во граѓанската војна државите војувале за независност, додека ЈНА војувала за присилно зачувување на федерацијата. Прва држава која што се стекна со независност беше Словенија по само десет дена војна (25 V 1991 – 5 VI 1991). Потоа следуваше период на транзиција, што резултираше со прием во Европската Унија (1 V 2004) заедно со: Унгарија, Кипар, Естонија, Летонија, Литванија, Полска, Чешка Република, Словачка и Малта и НАТО пактот (13 VI 2004). Втора држава која што прогласи независност е Хрватска, која што војуваше 1991 – 1995. Хрватска е и гарант на Дејтонскиот мировен договор со кој што меѓународно се

признава независноста на Босна и Херцеговина. Следуваше период на транзиција што резултираше со прием во НАТО пактот (1 IV 2008) и Европската Унија 1 VII 2013 година. Трета држава која што прогласи независност е Македонија. Македонија е единствената држава која што во тоа време по мирен пат прогласи независност, но мое мислење е дека оттогаш Македонија е инволвирана во дипоматска војна со Грција. Имено, веднаш по референдумот (8 IX 1991), Грција (со помош на големите сили неможејќи да се соочат со реалноста дека постои независна држава Македонија), се спротистави на Уставното име на Македонија. Македонија беше соочена со негирања од сите соседни држави: Бугарија – јазик и Омо Илинден Пирин, Албанија – малцинства, Србија (тогашна Сојузна Република Југославија) – црквата, Грција – име, јазик, црква, нација, малцинства и сè останато. Македонија е една и единствена држава којашто во Организацијата на Обединетите Нации не е под Уставно име, туку привремената референца: Поранешна Југословенска Република Македонија (на англиски јазик: the Former Yugoslav Republic of Macedonia). На 17 IX 1991 година беше усвоен новиот Устав на Република Македонија со кој што Република Македонија беше дефинирана како суверена и самостојна демократска и социјална држава. На 26 III 1992 година ЈНА ја напушти територијата на Македонија откако Киро Глигоров и Никола Узелац потпишаа договор. На 26 IV 1992 година Македонија монетарно се осамостои и југословенскиот динар беше заменет со македонски денар. На 21 VII 1992 година во Скопје и во сите европски и прекуокеански држави се одржа „Сèмакедонски протест" против Лисабонската декларација со која што се оспорува името на Република Македонија. На 10 VI 1993 година владата на Македонија го прифати предлогот на владата на Соединетите Американски Држави да прими контингент од околу 300 американски војници во рамките на составот на мировните сили во Македонија, каде што веќе беа распоредени 700 нордиски војници. На 12 VII 1993 година во Скопје пристигна првата група од 260 американски војници, која што беше придодадена на постојните сили на УНПРОФОР за Македонија. Во периодот 1993 – 1995 година Македонија беше под грчко трговско ембарго и нафта добиваше преку Бугарија од Турција. Ембаргото беше укинато со потпишувањето на Времената спогодба меѓу Македонија и Грција во Организацијата на Обединетите Нации во 1995 година. Токму порави овој спор, Македонија сè уште е надвор од НАТО пактот и покрај тоа што учествува во сите мировни мисии и Европската Унија и покрај тоа што ја има препораката од Европската Комисија во последните неколку години. Од 30 V 1992 година Сојузна Република Југославија беше под санкции и ембарго од страна на

Оргамизацијата на Обединетите Нации. Четврта држава е Србија, која што не успеа да ја зачува СФРЈ. Во периодот 1992 – 2003 Србија заедно со Црна Гора беше во состав на тогашна Сојузна Република Југославија, а 2003 – 2006 во Србија и Црна Гора. Србија е воено – неутрална држава и надвор од Европската Унија. Петта држава е Црна Гора, која што поголемиот дел од транзицијата го помина во состав со Србија во тогашна Сојузна Република Југославија (1992 – 2003) и Србија и Црна Гора (2003 – 2006). Од 2015 година Црна Гора ја има поканата да се придружи на НАТО – пактот, но е надвор од Европската Унија. Шеста држава е државата во која што се создаде Втората Југославија и државата која што најкрваво се одвои од истата, Босна и Херцеговина. По крвавата војна (1992 – 1995), со Дејтонскиот мировен догор чиј што гарант е горе споменатата Хрватска, се создаде федереција составена од три ентитета: Босна, Херцеговина и Република Српска. Босна и Херцеговина е надвор од НАТО – пактот и Европската Унија. Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора се водат како држави од Западен Балкан.

Сите балккански држави имаат отворени прашања: соседните држави ѝ наметнуваат отворени прашања на Македонија, Бугарија и Грција имаат отворени прашања со Турција, Албанија има отворени прашања со Србија, Грција и Црна Гора, односите меѓу Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија се позатегнати од било кога порано.

Балканското буре – барут е најлесно да се запали, најтешко се гаси.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

## I ВЕСНИЦИ

ВЕЧЕР, СКОПЈЕ,

ДЕНЕШЕН, СКОПЈЕ,

ДНЕВНИК, СКОПЈЕ,

РЕПУБЛИКА, СКОПЈЕ,

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ,

УТРИНСКИ ВЕСНИК, СКОПЈЕ,

## II СПИСАНИЈА

BOREC, LJUBLJANA,

ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА, СКОПЈЕ,

ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ, СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ,

ГОДИШЊАК ЗА ДРУШТВЕНУ ИСТОРИЈУ, БЕОГРАД,

ISTORIJA XX VEKA, BEOGRAD,

ИСТОРИЧЕСКИ ПРЕГЛЕД, СОФИЯ,

JAVNOST – THE PUBLIC, LJUBLJANA,

МАКЕДОНИКА, СКОПЈЕ,

MEĐUNARODNA POLITIKA, BEOGRAD,

REVIJA ZA SOCIOLOGIJU, BEOGRAD,

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА, СКОПЈЕ,

SOCIJALIZAM, BEOGRAD,

ТОКОВИ ИСТОРИЈЕ, БЕОГРАД,

## III КНИГИ

А. ХРИСТАКУЛИС, БАЛКАНСКАТА ПОЛИТИКА НА ГЪРЦИЯ ПРЕЗ 90 – ТЕ ГОДИНИ, СОФИЯ, 1999,

БАЈХЕЛ, ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПО ПРОШИРУВАЊЕТО НА ИСТОК, БС ИЗДАВАЧ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ, СКОПЈЕ, ВИЗБАДЕН, ФОНДАЦИЈА КОНРАД АДЕНАУЕР, 2005,

БАЛКАНИТЕ КАТО МЕТАФОРА. МЕЖДУ ГЛОБАЛИЗАЦИЯТА И ФРАГМЕНТАЦИЯТА, СОФИЯ, 2004,

БАРБАРА ЈЕЛАВИЧ, ИСТОРИЈА НА БАЛКАНОТ, 2, СКОПЈЕ, НИК ЛИСТ, 1999,

БАРБАРОВСКИ, ЗА ЕВРОПА, СКОПЈЕ, ГРАФОСТИЛ, 2009,

BARROT, EUROPEAN UNION INSTITUTIONS, OXFORD, OXFORD UNIVERSITY PRESS, 2007,

БИЛЈАНА ВАНКОВСКА, ИНСТИТУЦИИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ПАТОТ ДО ЛИСАБОН И ПО НЕГО, СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2010,

БИЛЈАНА ВАНКОВСКА, ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ, СКОПЈЕ, БОМАТ, 2007,

БОБИ МИТРЕВСКИ, ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО ФОРМИРАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, (магистерски труд), СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2011,

BOŽHO REPE, JUTRI JE NOVI DAN – SLOVENCI I RASPAD JUGOSLAVIJE, LJUBLJANA, MODRIJAN, 2002,

BRANKO BOROEVIČ, DRUGA STRANA SVETA, BEOGRAD, SLOBODA, 1959,

БРАНКО ПЕТРАНОВИЋ, ИСТОРИЈА ЈУГОСЛАВИЈЕ, 1, БЕОГРАД, НОЛИТ, 1978,

БРУБЕЙКЪР, НАЦИОНАЛИЗМЪТ В НОВИ РАМКИ. НАЦИОНАЛНАТА ОБЩНОСТНОСТ И НАЦИОНАЛНИЯТ ВЪПРОС В НОВА ЕВРОПА, СОФИЯ, 2000,

VELJKO MIJATOVIĆ, TOKOVI REVOLUCIJE, ZAGREB, 1975,

WILLIAM H. MCNEIL, THE METAMORPHOIS OF GREECE SINCE WORLD WAR II, CHICAGO, CHICAGO UNIVERSITY PRESS, 1978,

ВИОЛЕТА АЧКОСКА, ЛЕКЦИИ ОД ИСТОРИЈАТА НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА (1944 – 1991), СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2011,

VLADIMIR DEDIJER, IZGUBLJENA BITKA JOSIFA VISARIONOVIČA STALJINA, SARAJEVO, SVJETLOST, 1969,

ГРУПА АУТОРА, ДРУИ СВЕТСКИ РАТ, 1939 – 1945, 3, БЕОГРАД, НАРОДНА КЊИГА, 1987,

ГРУПА АУТОРА, ИСТОРИЈА БУГАРСКЕ, БЕОГРАД, CLIO, 2008,

DAVID HOLDEN, GREECE WITHOUT COLUMNS, PHILADELPHIA, LIPPINI COTT, 1972,

DEREK, THE IDEA OF EUROPEAN UNION, LEICESTER, LEICESTER UNIVERSITY PRESS, 1992,

Д. ПЕТКОВА, НАЦИОНАЛНА ИДЕНТИЧНОСТ И ГЛОБАЛИЗАЦИЯ, СОФИЯ, 2000,

EASTERN CHRISTIANITY AND THE COULD WAR, 1945 – 1991, ROUTLEDGE, LONDON, NEW YORK, 2010,

EDGAR MORIN, KAKO MISLITI EVROPU, SARAJEVO, SARAJEVO, SVIJETLOST, 1989,

ЕРИК ХОБЗБАУМ, ДОБА НА КРАЈНОСТИ, 3, СКОПЈЕ, ТЕМПЛУМ, 2001,

ЖАН МОНЕ, ЕВРОПА НАШИОТ ЗАЕДНИЧКИ ДОМ, СКОПЈЕ, 2007,

ЖИКОВ, ЕВРОПСКА ЕКОНОМСКА ЗАЕДНИЦА, СКОПЈЕ, МАКЕДОНСКА КНИГА, 1981,

ЗИГМУНД БАУМАН, ГЛОБАЛИЗАЦИЯТА. ПОСЛЕДИЦИТЕ ЗА ЧОВЕКА, СОФИЯ, 1999,

ЗОРАН НАЦЕВ, ДИМЧЕ ПЕТРОВСКИ, АРМ КОН НАТО КОНЦЕПТУАЛЕН ПРИОД И ОРГАНИЗАЦИОНЕН РАЗВОЈ, СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2009,

ЗОРАН НАЦЕВ, РАДКО НАЧЕВСКИ, БЕЗБЕДНОСТ И НАЦИОНАЛНА ОДБРАНА, СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2000,

ЗОРАН НАЦЕВ, РАДКО НАЧЕВСКИ, ВОЈНА, МИР И БЕЗБЕДНОСТ, СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2000,

IVAN BEREND, CENTRALNA I ISTOČNA EVROPA (1944 – 1993), PODGORICA, 2001,

ИЛИЈА АЦЕВСКИ, ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА, СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2002,

JANE PERREY, CLARK CARREY, ANDREW GALBRIGHT,THE WEB OF MODERN GREEC POLITICS, NEW YORK, COLOMBIA UNIVERSITY PRESS, 1968,

ЈАНКО БАЧЕВ, МАКЕДОНИЈА И ГРЦИЈА – БИТКА ЗА ИМЕТО, ПРАВНИТЕ МЕХАНИЗМИ ВО ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ВРАЌАЊЕ И УПОТРЕБА НА ИМЕТО – РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, МАКЕДОНСКА РЕЧ, 2012,

JIHN CAMPBELL, PHILLIP SHERRARD, MODERN GREECE, LONDON, BENNT, 1968,

ЈОСИП БРОЗ ТИТО, СОБРАНИ ДЕЛА, 5, СКОПЈЕ, МИСЛА, 1981,

JOHN PETERSON, MICHAEL SNACKELTON, INSTITUTIONS OF EUROPEAN UNION, OXFORD, OXFORD UNIVERSITY PRESS, 2006,

JOHN T. A. KOUMOULIDES, GREECE IN TRANZITION, ESSAYS IN THE HISTORY OF MODERN GREECE 1821 – 1974, LONDON, ZENO, 1977,

KEITH LEGG, POLITICS IN MODERN GREECE, STANFORD, STANFORD UNIVERSITY PRESS, 1969,

KENNETH YOUNG, THE GREEK PASSION, A STUDY IN PEOPLE AND POLITICS, LONDON, DONT, 1969,

КРЪСТЮ МАНЧЕВ, ИСТОРИЯ НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ, 4, СОФИЯ, ПАРАДИГМА, 2006,

ЛАКЕР ВОЛТЕР, ИСТОРИЈА ЕВРОПЕ 1945 – 1992, БЕОГРАД, CLIO, 1999,

МАРГАРИТА ПЕШЕВСКА, МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА, СКОПЈЕ, МЕНОРА, 1999,

МАРГАРИТА ПЕШЕВСКА, СВЕТОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА, СКОПЈЕ, МЕНОРА, 2002,

МАРИ – ЖАНИН ЧАЛИЋ, ИСТОРИЈА ЈУГОСЛАВИЈЕ У XX ВЕКУ, БЕОГРАД, CLIO, 2013,

МАРИЈА ДРАКУЛЕВСКА ЧУКАЛЕВСКА, СОЦИОЛОГИЈА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2015,

МАРИЈА ТОДОРОВСКА, ЗАМИСЛУВАЈЌИ ГО БАЛКАНОТ, СКОПЈЕ, 2001,

MARJAN HUBAIN I DRUGI, ATLAS SVETSKIH ZBIVANJA, BEOGRAD, 1964,

МИЛЧО БАЛЕВСКИ, АЛБАНИЈА ПО ЕНВЕР ХОЏА, СКОПЈЕ, 1987,

МИРА МАРКОВИЌ, ДЕН И НОЌ, СКОПЈЕ, НИП СВЕТ, 1997,

МИРАНДА ВИКЪРС, АЛБАНЦИТЕ. СЪВРЕМЕННА ИСТОРИЯ, СОФИЯ, ПИГМАЛИОН, 2000,

МИРО СИМЧИЧ, ТИТО БЕЗ МАСКА, СКОПЈЕ, 2008,

М. ОЛБРОУ, ГЛОБАЛНАТА ЕПОХА. ДЪРЖАВАТА И ОБЩЕСТВОТО ОТВЪД МОДЕРНОСТТА, СОФИЯ, 1996,

NIKOS KAZANTZAKIS, THE FRATRICIDES, NEW YORK, SIMON AND SCHUSTER, 1964,

NICHOLAS V. GIANARIS, THE ECONOMIES OF THE BALKAN COUNTRIES, NEW YORK, PREADER, 1982,

ПЕТЕР БАРТЛ, АЛБАНЦИ, БЕОГРАД, CLIO, 2001,

POL KENEDI, USPON I PAD VELIKIH SILA, PODGORICA, CID, 1999,

POSLJEDNI SUSRETI S TITOM, ZAGREB, 1981,

ПРОФ. Д-Р. ВИОЛЕТА АЧКОСКА, ЛЕКЦИИ ОД ИСТОРИЈАТА НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА (1944 – 1991), СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2011,

RADOVAN VUKADINOVIĆ, HLADNI RAT I EVROPA, ZAHREB, 1981,

R. V. BURKS, THE DYNAMICS O COMMUNISM IN EASTERN EUROPE, PRINCETON, PRINCETON UNIVERSITY PRESS, 1961,

РИСТО КИРЈАЗОВСКИ, МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1941 – 1961), СКОПЈЕ, 1987,

РИСТО КИРЈАЗОВСКИ, МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ И ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА, СКОПЈЕ, 1987,

РИСТО НИКОВСКИ, УЛОГАТА НА САД ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОЛГОТИ (1991 – 2013), СКОПЈЕ, 2014,

РИЧАРД КЛОГ, ИСТОРИЈА ГРЧКЕ НОВОГ ДОБА, БЕОГРАД, CLIO, 2000,

РИЧАРД Џ. КРЕМПТОН, БАЛКАНОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА, СКОПЈЕ, ЗЕНИЦА, 2012,

СВЕТОЗАР ПРИБИЧЕВИЌ, СОЦИЈАЛИЗАМ КАО СВЕТСКИ ПРОЦЕС, СКОПЈЕ, КУЛТУРА, 1974,

СВЕТ ПОСЛЕ ДРУГОГ СВЕТСКОГ РАТА, 3, БЕОГРАД, 1975,

СЛОБОДАН ДИМИШКОВСКИ, ВОЕНАТА ПОЛИТИКА НА СУПЕРСИЛИТЕ И НЕВРЗАНИТЕ ДРЖАВИ, СКОПЈЕ, 1985,

SOCIJALISTIČKO SAMOUPRAVLJANJE U JUGOSLAVIJI, BEOGRAD, 1978,

СТОЈАН КИСЕЛИНОВСКИ, ИРЕНА СТАВОВИ – КАВКА, МАЛЦИНСТВАТА НА БАЛКАНОТ (XX ВЕК), СКОПЈЕ, 2004,

ТОНИ ПЕТРЕСКИ, ЗОРАН НАЦЕВ, СТРАТЕГИСКИ ПРОЕКЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НАДВОРЕШНАТА И БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА, СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2913,

ТИТО ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ НА ЧЕЛО НА СКЈ, БЕЛГРАД, 1978,

ТРАЈЧЕ ГРУЈОСКИ, РАСПАДОТ НА СФРЈ – СТУДИЈА И СВЕДОШТВО, СКОПЈЕ, 2003,

ТРАНЗИЦИИТЕ ВО ИСТОРИЈАТА И КУЛТУРАТА, СКОПЈЕ, 2008,

ФРАЊО ТУЃМАН, ИСТОРИСКАТА СУДБА НА НАРОДИТЕ, СКОПЈЕ, 2008,

ХОЛМ ЗУНДХАУЗЕН, ИСТОРИЈА СРБИЈЕ ОД 19 ДО 21 ВЕКА, БЕОГРАД, CLIO, 2009,

ХРИСТО КАРТАЛОВ, ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА НИЗ ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА, СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 2005,

CONSTANTINE TSOUCALAS, THE GREEK TRAGEDY, BALTIMORE, PENGUIN BOOKS, 1969,

C. M. WOODHOUSE, THE STRUGGLE FOR GREECE 1941 – 1949, LONDON, HORT – DAVIES, MCGIBBONS, 1976,

СПАСЕ МИРЧЕСКИ, АЛМАНАХ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ХРОНОЛОГИЈА 1990 – 1997), СКОПЈЕ, 1998,

У. БЕК, ЩО Е ГЛОБАЛИЗАЦИЯ. ЗАБЛУДИТЕ НА ГЛИБАЛИЗМА – ОТГОВОРИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЯТА, СОФИЯ, 2002,

ЧЕДОМИР ПОПОВ, ОД ВЕРСАЈА ДО ДЕНЦИНГА, БЕОГРАД, КУЛТУРА, 1976,

ČEDOMIR ŜTRBAC, JUGOSLAVIJA I ODNOSI IZMEĐU SOCIJALISTIČKIH ZEMALJA, SUKOB KPJ I INFORMBIROA, BEOGRAD, PROSVETA, 1981,

Џ. М. РОБЕРТС, ЕВРОПА 1880 – 1950, БЕОГРАД, CLIO, 2002,

ЏОН ГЕДИС, ХЛАДНИ РАТ, БЕОГРАД, CLIO, 2003,

## С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД........................................................................................................2

ГЛАВА I ПРВИТЕ НЕСОГЛАСУВАЊА МЕЃУ ЗАПАДОТ И СССР..........................................7

ГЛАВА II ПРЕДУСЛОВИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА БЛОКОВИТЕ(ПОЧЕТОК НА СТУДЕНАТА ВОЈНА)........................................................................................................10

ГЛАВА III ПОЛИТИЧКАТА И ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА ВО ДРЖАВИТЕ НА НАРОДНАТА ДЕМОКРАТИЈА.......................................................................................16

ГЛАВА IV КРЕАТОРИТЕ НА ЕВРОИНТЕГРАТИВНИТЕ ИДЕИ ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА ........................................................................................................................30

ГЛАВА V СОЗДАВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА И НЕЈЗИНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ .........................................................................................43

ГЛАВА VI „СТУДЕНАТА ВОЈНА" – СОСТОЈБА НА ОДНОСИ МЕЃУ СУПЕР СИЛИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ .................................................54

ГЛАВА VII БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ ПОМЕЃУИСТОКОТ И ЗАПАДОТ.............. 62

ГЛАВА VIII РАСПАДОТ, ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА МЕЃУ ДРЖАВИТЕ НА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА И ЕВРО – АТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ НА ДРЖАВИТЕ ОД ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА......................................................... 151

ЗАКЛУЧОК.......................................................................................................................160

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА..........................................................................................164